РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ**

ISSN-1857-9779

# БИЛТЕН

НА

УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

## Број 1230

Скопје, 15.1.2021 година

**Издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

**Бул. „Гоце Делчев“ бр. 9, 1000 Скопје**

**Првиот број на Билтенот е објавен во мај 1957 година**

**Уредник на издавачката дејност на УКИМ:**
***проф. д-р Никола ЈАНКУЛОВСКИ, ректор***

**Уредник на Билтенот:**
***Илија Богоевски***

**Лектор:**
***Весна Илиевска-Цветановска***

**Техничко уредување:**
***Зоран Кордоски***

Бр. ___________
5.8.2013
Скопје

**Предмет***: Материјали за Билтенот за објавување на интернет страницата на УКиМ*

Согласно член 132, став 5 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ” бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011 и 123/2012), на интернет страницата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, од бројот 1059 од 15 август 2013 година, ќе се објавуваат:

- рефератите за избор во наставно-научни, научни и соработнички звања;
- рецензиите за подобност на темата и оспособеноста на кандидатот за вршење научна работа;
- прегледите на одобрените докторски дисертации, прифатените магистерски и специјалистички теми;
- рецензиите на учебници и учебни помагала, како и
- рефератите за доделување на звањето почесен професор и титулата почесен доктор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“.

По објавување на материјалите на интернет страницата, факултетите и институтите за своите потреби, истите треба да ги отпечатат во материјална форма за да можат да ги достават на членовите на наставно-научниот, односно научниот совет. Поради тоа, потребно е сите материјали што се предвидени за објавување во Билтенот на Универзитетот, благовремено да ги доставувате во електронска форма. Поради усогласеност и униформност на текстовите потребно е материјалите за објавување да се доставуваат како Microsoft Word 2003 документи во кои исклучиво ќе се користи системскиот фонт Georgia. Овој фонт содржи богато множество на кирилични (македонски, српски, руски), латинични (со различни видови на надредени знаци), грчки и други знаци. Варијанта на овој фонт со коригирани знаци во италик формата за македонските букви ‘д’, ‘п’, ‘т’, ‘г’ може да се најде интернет страницата на УКиМ, во делот **Документи** -> **Билтен на Универзитетот**. Исто така, таму може да се најде софтверско решение со кое може да се испрограмира тастатурата на персонален сметач при притискање на копчето ‘`’ и копчињата ‘е’ и ‘и’ во македонска поддршка да се добијат знаците ‘ѐ’, и ‘ѝ’ соодветно.

Поради запазување на роковите за објавување на материјалите во Билтенот, но и на интернет страницата, ве молиме, рефератите, откако ќе бидат лекторирани, да ги доставите во оригинална верзија (лекторирана со потписите), а електронската верзија со внесените корекции да ја доставите на е-адресата: ***bilten@ukim.edu.mk***.

Неблаговремено доставените материјали и оние кои нема да бидат напишани согласно упатството нема да бидат објавени во тој број,туку ќе бидат поместени за објавување во наредниот број од Билтенот, односно откако ќе биде добиена бараната верзија.

Ви благодариме за соработката.

Со почит,

**УКИМ - Ректорат**

Изготвил:Т.Б.
Одобрил:К.М.

# СОДРЖИНА НА БИЛТЕН БРОЈ 1230 ОД 15.1.2021 ГОДИНА

## ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Преглед на одобрена тема за изработка на магистерски труд (**Рилинде Битич**)....................6

## МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област радиологија на Медицинскиот факултет во Скопје (**доц. д-р Маја Јакимовска Димитровска**)....................7-23
2. Реферат за избор на едно лице во сите научни звања по предметите од научните области хирургија и урологија на Медицинскиот факултет во Скопје (**науч. сор. д-р Огнен Ивановски**)....................24-37
3. Реферат за избор на едно лице во сите научни звања во научните области: фармакологија, токсикологија и клиничка фармакологија на Медицинскиот факултет во Скопје (**н. сор. д-р Калина Ѓорѓиевска**)....................38-47
4. Реферат за избор на еден асистент по предметот **Анестезиологија со реанимација** на Медицинскиот факултет во Скопје (**д-р Марија Толеска Донеска**)....................48-52
5. Реферат за избор на два асистенти по предметот **Дерматовенерологија** на Медицинскиот факултет во Скопје (**ас. д-р Зорица Зафировиќ, д-р Дејан Филиповиќ, асистент докторанд д-р Ивана Дохчева Карајованов, д-р Маја Димова**)....................53-60
6. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Асоцијација на метаболички синдром и каротидна артериска болест како ризик-фактор за цереброваскуларен инсулт и транзиторна исхемична атака** од **д-р Татјана Делева-Стошевска**, пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје....................61-74
7. **Приговор** на Референтот за избор на наставник во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научната област неврологија на Медицинскиот факултет во Скопје, објавен во Билтен бр. 1229 од 1.1.2021 година, поднесен од **в. н. сор. д-р Арбен Таравари**....................75
8. **Одговор** на Рецензентската комисија на приговорот на Референтот за избор на наставник во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научната област неврологија на Медицинскиот факултет во Скопје, објавен во Билтен бр. 1229 од 1.1.2021 година, поднесен од в. н. сор. д-р Арбен Таравари....................76
9. **Приговор** на Референтот за избор на две лица во сите научни звања по предметите од научните области: ментална хигиена, психосоматика, детска психијатрија, психопатологија, психотерапија, психоанализа, психофармакотерапија, медицинска психологија и медицинска социологија на Медицинскиот факултет во Скопје, објавен во Билтен бр. 1229 од 1.1.2021 година, поднесен од **ас. д-р Насер Дурмиши**....................77-81
10. **Одговор** на Рецензентската комисија на приговорот на Референтот за избор на две лица во сите научни звања по предметите од научните области: ментална хигиена, психосоматика, детска психијатрија, психопатологија, психотерапија, психоанализа, психофармакотерапија, медицинска психологија и медицинска социологија на Медицинскиот факултет во Скопје, објавен во Билтен бр. 1229 од 1.1.2021 година, поднесен од ас. д-р Насер Дурмиши....................82-83

## ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“

1. Рецензија на ракописот **Антикорупциско право** од авторите **проф. д-р Борче Давитковски, проф. д-р Гордана Лажетиќ, проф. д-р Ана Павловска-Данева, проф. д-р Дивна Илиќ Димоски, м-р Константин Битраков**)....................84-90

2. Рецензија на ракописот **Уставно право** од авторите **проф. д-р Рената Тренеска Дескоска, проф. д-р Марика Ристовска, проф. д-р Јелена Трајковска-Христовска**......91-97
3. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Едина Беровиќ, Елена Димовска, Николче Петкоски, Гордана Алексовска, Билјана Нушев**)......98

**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на ракописот **Алтернативен туризам: концепт, облици и современи трендови** од авторот **проф. д-р Дејан Илиев**......99-103
2. Преглед на одобрена тема за изработка на магистерски труд (**Слободан Тофиловски**)......104

**СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) дентална патологија на Стоматолошкиот факултет во Скопје (**ас. д-р Марина Ефтимоска**)......105-119
2. Реферат за избор во соработничко звање – асистент во наставно-научната област (дисциплина) стоматолошка протетика на Стоматолошкиот факултет во Скопје (**ас. д-р Анета Ангеловска, д-р Будима Шахпаска Пејковска**)......120-135

**ФАКУЛТЕТ ЗА ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ, СПОРТ И ЗДРАВЈЕ**

1. Рецензија на учебникот **Принципи на современ спортски менаџмент, прво издание**, од авторот **проф. д-р Иван Анастасовски**......136-143

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Улогата на регионалната соработка врз менаџирањето на кризи и предизвиците на Република Македонија**, од **м-р Есат Елези**, пријавена на Институтот за безбедност, одбрана и мир на Филозофскиот факултет во Скопје......144-151

**ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ**

1. Преглед на одобрена тема за изработка на магистерски трудови (**Панче Станков, Загорка Миташева, Драган Гонев, Марко Поповски**)......152
2. Преглед на одобрени теми за изработка на докторски дисертации (**м-р Гентијана Гега, м-р Дарио Гечевски**)......153

# П Р Е Г Л Е Д
## НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА МАГИСТЕРСКИ ТРУД НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ

| Ред. Бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. На одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | **Рилинде Битич** | **„Модерната монетарна теорија – предлози за економската политика и критички осврт“** | **„Modern monetary theory – economic policy proposals and critical review“** | **проф. д-р Трајко Славески** | 02-2385/2 од 31.12.2020 година |

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ РАДИОЛОГИЈА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Медицински факултет, објавен во весниците „Вечер“ и „Коха“ од 30.11.2020 година, за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научната област радиологија, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-5236/40, донесена на 30.12.2020 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Михаел Груневски, редовен професор на Катедрата за радиологија при Медицинскиот факултет во Скопје, проф. д-р Климе Ѓорески, редовен професор на Катедрата за радиологија при Медицинскиот факултет во Скопје и проф. д-р Василчо Спиров, редовен професор на Катедрата за радиологија при Медицинскиот факултет во Скопје, Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во научната област радиологија, во предвидениот рок се пријави доц. д-р Маја Јакимовска Димитровска од Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје.

### Доц. д-р Маја Јакимовска Димитровска

1. **БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Кандидатката доц. д-р Маја Јакимовска Димитровска е родена на 23.4.1969 година, во Скопје. Средно образование завршила во Скопје. Со високо образование се стекнала на Медицинскиот факултет во Скопје во 1994 година, со просечен успех 8,57. Во октомври 2001 година го положила специјалистичкиот испит по радиологија и се стекнала со звањето специјалист радиодијагностичар. Во април 2010 година го положила супспецијалистичкиот испит и се стекнала со звањето супспецијалист по гинеколошка и мама радиодијагностика.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик.

Постдипломските студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ ги завршила со просечна оценка 9,6, а во март 2008 година го одбранила магистерскиот труд со наслов: „Вредноста на галактографијата во дијагностицирање и диференцирање на интрадукталните процеси во дојката“ пред Комисија во состав: проф. д-р Дамјан Димчевски, проф. д-р Светлана Антевска Грујоска и проф. д-р Ѓорѓи Зографски. Со тоа се стекнала со научен степен - магистер на медицински науки.

Во ноември 2009 година ја пријавила докторската дисертација на Медицинскиот факултет во Скопје. Дисертацијата на тема: „Интервентни процеси во дојката - метода на предоперативна локализација со жица маркер кај клинички окултни лезии“ ја одбранила во ноември 2015 година, пред Комисија во состав: проф. д-р Миодраг Врчаковски, проф. д-р Михаел Груневски, проф. д-р Светлана Антевска Грујоска, проф. д-р Надица Митревска и проф. д-р Зоран Спировски. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на науки од научната област медицински науки.

Во 1999 година е избрана во звањето помлад асистент на Медицинскиот факултет по предметот Радиологија, а во 2009 година е избрана за асистент по предметот Радиологија. Во 2015 година е избрана во звањето асистент докторанд по предметот

Радиологија. Во 2016 година е избрана во звањето доцент на Медицинскиот факултет, во наставно-научната област радиологија.

Во моментот е доцент на Медицинскиот факултет. Последниот реферат за избор е објавен во Билтенот на УКИМ бр. 1124 од 1.6.2016 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот бр. 736 од 1999 година, бр. 849 од 2004 година, бр. 977 од 2009 година, бр. 1108 од 1.10.2015 година и бр. 1124 од 1.6.2016 година, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на поднесената документација која е од важност за изборот.

## 2. Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Медицински факултет, Скопје, кандидатката доц. д-р Маја Јакимовска Димитровска изведува теоретска настава и вежби на прв циклус студии на студиската програма по општа медицина по предметот Радиологија, и на тригодишните стручните студии за радиолошки технолози на Медицинскиот факултет во Скопје.

Кандидатката доц. д-р Маја Јакимовска Димитровска била ментор на 6 дипломски трудови, а учествувала и како член во комисија за оцена или одбрана на 29 дипломски трудови.

Кандидатката е коментор и едукатор на специјализанти по радиологија при спроведување на турнусите според Правилникот за специјализации и супспецијализации на Медицинскиот факултет.

**Научноистражувачка дејност**

Доц. д-р Маја Јакимовска Димитровска, од последниот избор во звањето доцент, има објавено вкупно 7 научни трудови од областа на медицината, од кои 1 научен труд во научни списанија со импакт-фактор (фактор на влијание), 6 научни труда во меѓународни научни списанија и 28 труда во зборници од научни собири.

Доц. д-р Маја Јакимовска Димитровска учествувала како раководител во национален научен проект: „Инцидентни лезии во дојка детектирани со компјутерска томографија на граден кош“.

Одржала 3 секциски предавања.

**Стручно-применувачка дејност и дејност од поширок интерес**

Кандидатката доц. д-р Маја Јакимовска Димитровска активно е вклучена во стручно-апликативната работа на Универзитетскиот институт за радиологија во Скопје. Вршела стручна рецензија на трудови во меѓународни научни списанија. Доц. д-р Маја Јакимовска Димитровска во изминатиов период успешно ги врши сите експертски активности што се изведуваат на Универзитетскиот институт за радиологија во Скопје, во смисла на изготвување експертски извештаи за дијагностички процедури како компјутеризирана томографија, магнетна резонанца, мамографија и интервентни процедури како биопсија.

Доц. д-р Маја Јакимовска Димитровска е активно вклучена во работата на органите на Медицинскиот факултет како член на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет и член на Комисијата за тригодишни стручни студии.

Особена активност кандидатката покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучена во работата на органите на ЈЗУ Универзитетски институт за радиологија – Скопје, како член на Комисија за попис и член на Управниот одбор.

Доц. д-р Маја Јакимовска Димитровска во изминатиов период е активно вклучена во работата на Лекарската комора на Македонија како член на Комисија за полагање на стручен испит.

Кандидатката доц. д-р Маја Јакимовска Димитровска активно е вклучена во стручни комисии и работни групи при Министерството за здравство како член на Комисија за јавни набавки на мамографи за потребите на јавните здравствени установи во Република Северна Македонија, член на Комисијата за подготовка на Акционен план за скрининг на карциномот на дојка кај жените во Република Македонија и претседател на Национална комисија за рана детекција и скрининг на рак на дојка и неговото соодветно третирање во Република Македонија.

# ОБРАЗЕЦ 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат: Маја Стојан Јакимовска Димитровска**

**Институција: ЈЗУ Универзитетски институт за радиологија, УКИМ, Медицински факултет, Скопје**
**Научна област: радиологија**

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 8,57<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 9,6 | Да |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br><br>Назив на научната област: радиологија; поле: клиничка медицина; подрачје: медицински науки и здравство. | Да |
| 3 | Објавени најмалку пет рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | Да |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br><br>1. Назив на научното списание: Breast Cancer Res Treat.<br>2. Назив на електронската база на списанија: PubMed, PubMed Central, SCImago, SCOPUS, Web of Science - Science Citation Index Expanded. | |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 3. Наслов на трудот: BRCA1 and BRCA2 germline variants in breast cancer patients from the Republic of Macedonia.<br>4. Година на објава: 2018 | |
| 3.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br><br>1. Назив на научното списание: JMS<br>2. Меѓународен уредувачки одбор: 31 член, 12 Македонија, 1 Ерменија, 1 Хрватска, 1 Полска, 1 Украина, 1 Бугарија, 7 Србија, 2 Црна Гора, 3 Босна и Херцеговина, 2 САД.<br>3. Наслов на трудот: Imaging findings on chest X-ray in patients with COVID-19.<br>4. Година на објава: 2020.<br><br>1. Назив на научното списание: Acta Morphologica<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 13, 3 Македонија, 2 – Италија, 1 - Србија, 1 - Австрија, 1 - Аргентина, 1 - Романија, 1 – Турција, 1 - Босна и Херцеговина, 1 - Португалија, 1 - Бугарија<br>3. Наслов на трудот: Endovascular treatment of intracranial aneurysm on anterior circulation.<br>4. Година на објава: 2018<br><br>1.Назив на научното списание: Acta Morphologica<br>2.Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 13 членови, 4 Македонија, 2 Италија, 1 Србија, 1 Босна и Херцеговина, 1 Турција, 1 Романија, 1 Австрија, 1 Аргентина, 1 Португалија.<br>3. Наслов на трудот: Adrenal tumors as incidentalomas: report of our experience.<br>4. Година на објава: 2017<br><br>1.Назив на научното списание: Acta Morphologica | |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 2.Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 13 членови, 4 Македонија, 2 Италија, 1 Србија, 1 Босна и Херцеговина, 1 Турција, 1 Романија, 1 Австрија, 1 Аргентина, 1 Португалија.<br>3. Наслов на трудот: Interventional procedure in breast lesions - core-biopsy.<br>4. Година на објава: 2017 | |
| 4 | Претходен избор во наставно-научно звање – доцент, датум и број на Билтен: број 1224 од 1 јуни 2016 година | Да |
| 5 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | Да |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Михаел Груневски, с.р.**
**Проф. д-р Климе Ѓореcки, с.р.**
**Проф. д-р Василчо Спиров, с.р.**

**ОБРАЗЕЦ 2**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ**

**Кандидат: Маја Стојан Јакимовска Димитровска**

**Институција: ЈЗУ Универзитетски институт за радиологија, УКИМ, Медицински факултет, Скопје**

**Научна област: радиологија**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| **1.** | **Одржување на настава** | |
| | Одржување на настава Радиологија, 2016 – 2020 година<br>45 часа x 0,04 = 1,8 | 1,8 |
| | Одржување на вежби Радиологија, 2016 – 2020 година<br>480 часа x 0,03 = 14,4 | 14,4 |
| | Одржување на настава Радиографска техника 1, 2016 - 2020 година<br>105 часа x 0,04 = 4,2 | 4,2 |
| | Одржување на вежби Радиографска техника 1, 2016 – 2020 година<br>127 часа x 0,03 = 3,81 | 3,81 |
| | Одржување на настава Радиографска техника 2, 2016 – 2020 година<br>50 часа x 0,04 = 2 | 2 |
| | Одржување на вежби Радиографска техника 2 од 2016 до 2020 година<br>16 часа x 0,03 = 0,48 | 0,48 |
| | Одржување на настава Радиолошка патологија, 2016 – 2020 година<br>6 часа предавања x 0,04 = 0,24 | 0,24 |
| | Одржување на вежби Радиолошка патологија, 2016 – 2020 година<br>36 часа x 0,03 = 1,08 | 1,08 |

| | | |
|---|---|---|
| | Одржување на настава Радиологија за ТСС-Физиотерапевти, 2016 – 2020 година<br>42 часа x 0,04 = 1,68 | 1,68 |
| | Одржување на вежби Радиологија за ТСС-Физиотерапевти, 2016 – 2020 година<br>84 часа x 0,03 = 2,52 | 2,52 |
| **2.** | **Настава во школи и работилници** | |
| 2.1 | Имиџинг на мускулно-скелетен систем | 1 |
| **3.** | **Ментор на дипломска работа**<br>6 кандидати x 0,2 = 1,2 | 1,2 |
| **4.** | **Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа**<br>29 кандидати x 0,1 = 2,9 | 2,9 |
| **5.** | **Ментор и едукатор на специјализантите во областа радиологија** | |
| | Ментор на 3 кандидати на специјализација по радиологија во траење од 264 недели<br>4 часа неделно x 264 недели x 0,08 = 84,48 | 84,48 |
| | Едукатор по Радиодијагностика на дојка и гинеколошка радиодијагностика на 6 кандидати<br>6 кандидати x 8 недели x 7 часа неделно x 0,08 = 26,88 | 26,88 |
| | Едукатор по Ургентна радиодијагностика на 5 кандидати<br>5 кандидати x 4 недели x 7 часа неделно x 0,08 = 11,2 | 11,2 |
| | Едукатор по Ултразвучна радиодијагностика на 9 кандидати<br>9 кандидати x 8 недели x 7 часа неделно x 0,08 = 40,32 | 40,32 |
| | Едукатор по Заштита од јонизирачко зрачење на 2 кандидата<br>2 кандидати x 4 недели x 7 часа неделно x 0,08 = 4,48 | 4,48 |
| | Едукатор по Радиолошка физика на 1 кандидат<br>1 кандидат x 12 недели x 7 часа неделно x 0,08 = 6,72 | 6,72 |

| | | |
|---|---|---|
| | Едукатор по Дијагностика на торакални органи на 2 кандидати<br>2 кандидати x 8 недели x 7 часа неделно x 0,08 = 8,96 | 8,96 |
| | Едукатор по Гинекологија и акушерство на 25 кандидати<br>25 кандидати x 4 недели x 7 часа неделно x 0,08 =56 | 56 |
| | Едукатор по Интерна медицина на 5 кандидати<br>5 кандидати x 2 недели x 7 часа неделно x 0,08 = 5,6 | 5,6 |
| | Едукатор по Медицина на трудот на 4 кандидати<br>4 кандидати x 4 недели x 7 часа неделно x 0,08 = 8,96 | 8,96 |
| | Едукатор по Орална хирургија на 3 кандидати<br>3 кандидати x 4 недели x 7 часа неделно x 0,08 = 6,72 | 6,72 |
| | Едукатор на 1 кандидат по Ортопедија<br>1 кандидат x 4 недели x 7 часа неделно x 0,08 = 2,24 | 2,24 |
| **6.** | **Консултации со студенти**<br>500 x 5 години x 0,002 = 5 | 5 |
| **7.** | **Член на комисија за оцена или одбрана на специјалистичка работа** | |
| 7.1 | Член на комисија за полагање на специјалистички испит по специјалноста радиологија, за 6 кандидати x 0,2 = 1,2 | 1,2 |
| 7.2 | Член или претседател на испитна комисија за супспецијалистички испит по супспецијалноста гинеколошка и мама радиодијагностика, за 3 кандидати x 0,2 = 0,6 | 0,6 |
| | **Вкупно** | **306,67** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| **1.** | **Раководител на национален научен проект** | |
| | Инцидентни лезии во дојките детектирани со компјутерска томографија на торакс | 6 |
| **2.** | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание кое има импактфактор за годината** | |

| | | |
|---|---|---|
| | **во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование (8 + и.ф.)** | |
| 2.1 | Jakimovska M, Maleva Kostovska I, Popovska-Jankovic K, Kubelka-Sabit K, Karadjozov M, Stojanovska L, Arsovski A, Smichkoska S, Lazarova E, **Jakimovska Dimitrovska M**, Plaseska-Karanfilska D. BRCA1 and BRCA2 germline variants in breast cancer patients from the Republic of Macedonia. Breast Cancer Res Treat. 2018;168(3):745-753. | 4,8 + 3,471 = 8,271 |
| **3.** | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови** | |
| 3.1 | **Jakimovska Dimitrovska M**, Stojovska Jovanovska E, Spirov V, Stojkoski A, Janevski P, Ilievski M. Imaging findings on chest X-ray in patients with COVID-19. JMS 2020; 3(2):61-64. | 3 |
| 3.2 | Lazareska M, Aliji V, **Jakimovska Dimitrovska M**, Businovska J, Janevski P, Daskalov D, Kostov M, Papazova M. Endovascular treatment of intracranial aneurysm on anterior circulation. Acta Morphologica 2018; 15(1):29-38. | 3 |
| 3.3 | Stojovska-Jovanovska E, Spirov V, **Jakimovska M**, Dodevski A, Bitoska I. Adrenal tumors as incidentalomas: report of our experience. Acta Morphol. 2017;14(1):9-12. | 3 |
| 3.4 | **Jakimovska Dimitrovska M**, Stojovska Jovanovska E, Spirov V, Dodevski A, Bogdanovska Todorovska M. Interventional procedure in breast lesions - core-biopsy. Acta Morphol. 2017;14(1):49-52. | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| **4.** | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир** | |
| 4.1 | Spirov V, Mitreska N, Stojovska Jovanovska E, Jakimovska Dimitrovska M, Ilievski M, Spirov G, Mitreska K. MP ентерографија - технички и медицински аспекти на овој метод и наши искуства. 6th Macedonian Congress of Radiology with international participation. 22-25 September 2016, Ohrid, Macedonia. pp. 12-20. | 1,8 |
| 4.2 | Spirov V, Mitreska N, Stojovska Jovanovska E, Jakimovska Dimitrovska M, Spirov G, Mitreska K. Virtual colonoscopy - CT colonography our experience. 6th Macedonian Congress of Radiology with international participation. 22-25 September 2016, Ohrid, Macedonia. pp. 39-43. | 1,8 |
| **5.** | **Апстракти објавени во зборник на конференција** | |
| 5.1 | **Jakimovska Dimitrovska M**, Stojovska Jovanovska E, Mitreska N. Sclerosing adenosis of the breast - mammographic presentation. 2nd Macedonian Congress of Pathology with International Participation. September 1-4, Ohrid 2016. Book of abstracts 123.1 | 1 |
| 5.2 | Dodevski A, Zafirova B, Trpkovska B, Aliji V, Stojovska E, **Jakimovska M**, Kostov M. Fenestrations of the vertebral artery. 5th Congress of Serbian Anatomical Society of Serbia, Novi Sad September 8 - 10, 2016. Book of abstracts 61. | 1 |
| 5.3 | Stojovska Jovanovska E, Dodevski A, **Jakimovska M**. CT features of horseshoe kidney – review of 27 patients. 5th Congress of Serbian Anatomical Society of Serbia, Novi Sad September 8 - 10, 2016. Book of abstracts 71. | 1 |
| 5.4 | Stojovska Jovanovska E, Mitreska K, **Jakimovska Dimitrovska M**, Ilievski M, Pasoska M, Lazarova A. Радиолошки имиџинг на уретероцела. 6th Macedonian Congress of Radiology, 22 -25 September 2016, Ohrid – Macedonia. Book of abstracts 26. | 1 |
| 5.5 | Dodevski A, Lazarova D, Mitreska N, Lazareska M, Aliji V, Stojovska Jovanovska E, **Jakimovska Dimitrovska M**. Examination of the origin of the vertebral artery by digital subtraction angiography. 6th Macedonian Congress of Radiology, 22 -25 September 2016, Ohrid – Macedonia. Book of abstracts 50. | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 5.6 | Lazareska M, Doreski A, **Jakimovska Dimitrovska M**, Mitreska N, Bundovska-Kocev S, Mitreska K. MRI presentation of lymphocytic hypophysitis- case report. 6th Macedonian Congress of Radiology, 22 -25 September 2016, Ohrid – Macedonia. Book of abstracts 65. | 1 |
| 5.7 | Stojovska E, **Jakimovska M**, Saidi S, Stavridis S, Dodevski A. Radiology imaging of rare testicular tumors - case reports. 2 nd Congress of Macedomian Association of Urology, 7-9 April, Skopje, Macedonia 2017. Book of abstracts 58. | 1 |
| 5.8 | Dodevski A, Lazarova D, Lazareska M, Aliji V, Stojovska Jovanovska E, **Jakimovska Dimitrovska M**, Kostov M. Clinical significance of the fenestrations of the basilar artery. XV$^{th}$ Balkan Congress of Radiology, October 12-14, 2017, Budapest, Hungary. Book of abstracts 68. | 1 |
| 5.9 | Stojovska Jovanovska M, Spirov V, **Jakimovska Dimitrovska M**, Dodevski A, Bitoska I. Incidentalomas of suprarenal glands. XV$^{th}$ Balkan Congress of Radiology, October 12-14, 2017, Budapest, Hungary. Book of abstracts 68-69. | 1 |
| 5.10 | **Jakimovska Dimitrovska M**, Stojovska Jovanovska E, Dodevski A. Wire localization of breast lesions. XVth Balkan Congress of Radiology, October 12-14, 2017, Budapest, Hungary. Book of abstracts 26. | 1 |
| 5.11 | **Jakimovska Dimitrovska M**, Stojovska Jovanovska E, Dodevski A, Ilievski M, Jakimovska M, Petrovska T, Hadji-Nikolova N. Preoperative localization of occult breast lesions and microcalcifications in breast. XVII Balkan Congress of Radiology, October 17-19, 2019, Heraklion, Crete, Greece. Book of abstracts 314. | 1 |
| 5.12 | Dodevski A, Matveeva N, Lazareska M, Stojovska Jovanovska E, **Jakimovska Dimitrovska M**, Kostov M. Atypical arisen of the left vertebral artery. 6$^{th}$ Congress of Serbian Anatomical Society, Zlatibor, September 7 - 9, 2018. Book of abstracts 45. | 1 |
| 5.13 | Dodevski A, Papazova M, Zhivadinovik J, Aliji V, Stojovska Jovanovska E, **Jakimovska Dimitrovska M**, Kostov M. Morphological characterystics of the basilar artery. 6$^{th}$ Congress of Serbian Anatomical Society, Zlatibor, September 7 - 9, 2018. Book of abstracts 46. | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 5.14 | Hadzi Nikolova N, Lazareska M, Stojovska Jovanovska E, **Jakimovska Dimitrovska M**, Ilievski M, Dodevski A. Anatomical variations of aortic arch branching: evaluation with computed tomographic angiography. 6th Congress of Serbian Anatomical Society, Zlatibor, September 7 - 9, 2018. Book of abstracts 52. | 1 |
| 5.15 | Ilievski M, Stojovska Jovanovska E, **Jakimovska Dimitrovska M**, Hadzi Nikolova N, Pancevska I, Dodevski A. Pancreas divisum: depiction with multi-detector row CT. 6th Congress of Serbian Anatomical Society, Zlatibor, September 7 - 9, 2018. Book of abstracts 53. | 1 |
| 5.16 | **Jakimovska Dimitrovska M**, Stojovska Jovanovska E, Dodevski A, Hadzi Nikolova N, Ilievski M. Preoperative localization of non palpable lesions in breast. 6th Congress of Serbian Anatomical Society, Zlatibor, September 7 - 9, 2018. Book of abstracts 53. | 1 |
| 5.17 | Stojovska Jovanovska E, **Jakimovska Dimitrovska M**, Dodevski A, Hadzi Nikolova N, Ilievski M. Assessment of horseshoe kidney with computed tomogrphy. 6th Congress of Serbian Anatomical Society, Zlatibor, September 7 - 9, 2018. Book of abstracts 72. | 1 |
| 5.18 | Dodevski A, Lazareska M, Aliji V, Stojovska Jovanovska E, **Jakimovska Dimitrovska M**, Kostov M. Variation in the origin of posterior cerebral artery examined by digital subtraction angiography. XVI. Balkan Congress of Radiology, October 4 - 6, 2018, Kusadasi, Turkey. Book of abstracts 223. | 1 |
| 5.19 | Hadji Nikolova N, Lazareska M, Stojovska Jovanovska E, **Jakimovska Dimitrovska M**, Dodevski A. Advantages of cardiac MRI in evaluation of cardiac tumors - case presentation. XVI. Balkan Congress of Radiology, October 4 - 6, 2018, Kusadasi, Turkey. Book of abstracts 224. | 1 |
| 5.20 | **Jakimovska Dimitrovska M**, Stojovska Jovanovska E, Aliji V, Hadji Nikolova N, Dodevski A. Imaging of congenital malformations of uterus. XVI. Balkan Congress of Radiology, October 4 - 6, 2018, Kusadasi, Turkey. Book of abstracts 225. | 1 |
| 5.21 | Stojovska Jovanovska E, **Jakimovska Dimitrovska M**, Iliev M, Lazarova A, Dodevski A. Assessment of dermoid | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | cyst of the ovary. XVI. Balkan Congress of Radiology, October 4 - 6, 2018, Kusadasi, Turkey. Book of abstracts 287. | |
| 5.22 | Ilievski M, Stojovska Jovanovska E, **Jakimovska Dimitrovska M**, Mitreska N, Hadji Nikolova N, Pancevska I. MR cholangiopancreatography in evaluating choledochal cysts in children. XVI. Balkan Congress of Radiology, October 4 - 6, 2018, Kusadasi, Turkey. Book of abstracts 294. | 1 |
| 5.23 | Stojovska Jovanovska E, **Jakimovska Dimitrovska M**, Pasoska M, Ilievski M, Dodevski A. Role of gadolinium enhanced MRI and DWI in diagnosis of renal abscess in children. XVII Balkan Congress of Radiology, October 17-19, 2019, Heraklion, Crete, Greece. Book of abstracts 271. | 1 |
| 5.24 | Ilievski M, Stojovska-Jovanovska E, **Jakimovska Dimitrovska M**, Hadzi-Nikolova N, Panchevska I. Pseudomembranous colitis in MRI (accordion sign) – case report. XVII Balkan Congress of Radiology, October 17-19, 2019, Heraklion, Crete, Greece. Book of abstracts 272. | |
| 5.25 | Hadji Nikolova N, Lazareska M, Ilievski M, **Jakimovska Dimitrovska M**, Stojkovska Jovanovska E, Panchevska I. Coil embolisation of renal artery pseudoaneurysm after percutaneous nephrolithotomy-case report. XVII Balkan Congress of Radiology, October 17-19, 2019, Heraklion, Crete, Greece. Book of abstracts 273. | |
| 5.26 | Jakimovska M, **Jakimovska Dimitrovska M**, Petrovska T, Dejanova Penev S. Role of MR mammography in detection of breast implants abnormalities. XVII Balkan Congress of Radiology, October 17-19, 2019, Heraklion, Crete, Greece. Book of abstracts 307. | |
| 5.27 | Dodevski A, Lazareska M, Aliji V, Stojovska Jovanovska E, **Jakimovska Dimitrovska M**, Kostov M. Anatomy and variations of the basilar artery examined with digital subtraction angiography. XVII Balkan Congress of Radiology, October 17-19, 2019, Heraklion, Crete, Greece. Book of abstracts 312. | 1 |
| **6.** | **Секциско предавање на научен/стручен собир (1 поен)** | |

| | | |
|---|---|---|
| 6.1 | Стручен состанок на Здружението на радиолози на Република Македонија „Микрокалцификати на дојката“, Скопје, ноември 2018 година | 1 |
| **7.** | **Секциски предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество (2 поени)** | |
| 7.1 | Jakimovska Dimitrovska M. Breast microcalcifications on mammograms. 6th Macedonian Congress of Radiology, 22 -25 September 2016, Ohrid – Macedonia. Book of abstracts 23. | 2 |
| 7.2 | Jakimovska Dimitrovska M. Evaluation of small breast lesions. 6th Macedonian Congress of Radiology, 22 -25 September 2016, Ohrid – Macedonia. Book of abstracts 23. | 2 |
| **8.** | **Рецензија на 5 научни труда**<br>5 x 0,2 = 1 | 1 |
| | **Вкупно** | **62,871** |

**СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| **1.** | **Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија, технички извештаи, вешт наод и мислење, стручно мислење, проценка на капитал, систематизација, методологија** | |
| | Член на Комисија за стручен надзор при Лекарската комора на Македонија во 2019 година x 1 | 1 |
| **2.** | **Супспецијалист по гинеколошка и мама дијагностика** | 1 |
| **3.** | **Првпат воведена метода во државата** | |
| 3.1 | Кор биопсија на дојка | 4 |
| 3.2 | Бележење на дојка со жица маркер | 4 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| **1.** | Член на Комисија за тригодишни стручни студии | 0,5 |
| **2.** | Член на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје | 0,5 |

| **3.** | **Учество во комисии и тела на државни и други органи** | |
|---|---|---|
| 3.1 | Член на Управниот одбор на ЈЗУ Универзитетски институт за радиологија – Скопје од 22.9.2017 година | 1 |
| 3.2 | Член на Комисија за попис од 2017 година | 1 |
| 3.3 | Член на Комисија за јавни набавки на мамаграфи за потребите на јавните здравствени установи во Република Северна Македонија за 2019 година | 1 |
| 3.4 | Претседател на Национална комисија за рана детекција и скрининг на рак на дојка и неговото соодветно третирање во Република Македонија | 1 |
| 3.5 | Член на Комисија за подготовка на Акционен план за скрининг на карциномот на дојка кај жените во Република Македонија | 1 |
| 3.6 | Член на Комисија за разгледување на случаи на пациенти болни од малигни заболувања од областа гинекологија за 2014 година | 1 |
| 3.7 | Член на Комисија за разгледување на случаи на пациенти болни од малигни заболувања од областа гинекологија за 2016 година | 1 |
| 3.8 | Член на Испитна комисија за полагање на стручен испит на докторите по медицина, 2019 година | 1 |
| 3.9 | Член на Испитна комисија за полагање на стручен испит на докторите по медицина, 2018 година | 1 |
| 3.10 | Член на Испитна комисија за полагање на стручен испит на докторите по медицина, 2016 година x 2 | 2 |
| | **Вкупно** | **22** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **306,67** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **62,871** |
| **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **22** |
| **Вкупно** | **391,541** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Михаел Груневски, с.р.**
**Проф. д-р Климе Ѓорески, с.р.**
**Проф. д-р Василчо Спиров, с.р.**

## Заклучок и предлог

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-применувачката дејност, како и дејноста од поширок интерес на кандидатката доц. д-р Маја Јакимовска Димитровска.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека доц. д-р Маја Јакимовска Димитровска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во наставно-научното звање вонреден професор во наставно-научната област радиологија.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, доц. д-р Маја Јакимовска Димитровска да биде избрана во звањето вонреден професор во наставно-научната област радиологија.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Михаел Груневски, с.р.**
**Проф. д-р Климе Ѓорески, с.р.**
**Проф. д-р Василчо Спиров, с.р.**

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА ЕДНО ЛИЦЕ ВО СИТЕ НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ПРЕДМЕТИТЕ ОД НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ ХИРУРГИЈА И УРОЛОГИЈА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Медицински факултет – Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха” од 30.11.2020 година, за избор на едно лице во сите научни звања во научните области хирургија и урологија, а врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр.02-5236/43, донесена на 30.12.2020 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Оливер Станков, проф. д-р Скендер Саиди и проф. д-р Сотир Ставридис.

На објавениот конкурс за избор на едно лице во научно звање во научните области хирургија и урологија, во предвидениот рок се пријави еден кандидат, научен соработник д-р Огнен Ивановски. Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Н. сор. д-р Огнен Ивановски**

**Биографски податоци**

Д-р Огнен Ивановски е роден на 25 април 1975 година во Скопје, Република Македонија. Средно училиште завршил во 1993 година во природно-математичката гимназија „Никола Карев“ во Скопје со одличен успех. Истата година се запишал на Медицинскиот факултет во Скопје, кој го завршил во 1999 година со просек 9,45. Бил корисник на државна стипендија за талентирани студенти. На Клиниката за урологија се вработил во 2001 година, каде што го започнал својот клиничка обука. Во рамките на својата професионална наобразба, од март 2002 до ноември 2005 година работел во болницата „Некер“ во Париз, Франција, во Одделот за урологија и нефрологија, како и во Одделот за научноистражувачка работа при Националниот институт за здравје и медицинско истражување (*INSERM:* Institutnationaldelasantéetdelarecherche médicale*)*. Паралелно со стажот во болницата „Некер“, ги завршил прво магистерските студии, а потоа и докторските студии при Шестиот париски универзитет “***Pierre et Marie Curie***”. Во 2008 година остварил научно-клинички стаж на Кјушу-универзитетот во Јапонија, на Одделението за истражување на матични клетки на простатата во Фукуока, Јапонија, како стипендист на Фондацијата „Иноуе“, со седиште во Токио, Јапонија. Специјализацијата по урологија ја завршил на 28 јуни 2010 година, со што се стекнал со титулата специјалист хирург-уролог.

1. **Наставно-образовна дејност**

За помлад асистент на Медицинскиот факултет во Скопје е избран во мај 2008 година. Реизбран е за асистент во март 2010 година, од кога и одржува вежби за студентите по општа медицина, по предметите Хирургија, Хирургија – клиничка пракса и Хирургија –семинар. За научен соработник по предметот Хирургија е избран на 15 април 2016 година (Билтен на УКИМ бр. 1121).

2. **Научноистражувачка дејност**

Во 2005 година ја продолжил научната и клиничката активност на Универзитетската клиника за урологија преку бројни меѓународни и домашни проекти, од кои произлегуваат 25 оригинални публикации, листирани на пабмед во списанија со висок импакт-фактор. Благодарение на добиен грант од НАТО за научна реинтеграција во својата земјата, оформува научноистражувачка лабораторија при Универзитетската клиника за урологија. Својата научна работа во повеќе наврати усно ја изложувал на светски конгреси и семинари, од кои посебно се издвојуваат: Сан Диего, САД (2003, 2006), Сан Луис, САД (2004), Филаделфија, САД (2005), Париз, Франција (2004, 2006, 2007, 2012), Лисабон, Португалија (2004), Глазгов, Шкотска (2006), Милано, Италија (2007), Виена, Австрија (2011), Стокхолм (2014), Минхен (2016). Активно се служи со англискиот и францускиот јазик, за што поседува со сертификат-диплома за

комлетиран трет циклус студии на англиски и француски јазик на еден од првите 100 универзитети во светот.
Од 2008 до 2010 работел на научноистражувачки проект реализиран на Клиниката за урологија, спонзориран за 3 години од Шестата рамковна програма за истражување, технолошки развој и демонстрација на Европската комисија, со работен наслов: „Интеграција на ДНК, РНК и протеински маркери во прогнозата и дијагнозата на карциномот на мочниот меур”.
Од 2007 до 2009 година бил главен истражувач на Француско-македонски колаборативен проект, поддржан од Министерството за образование и наука на Република Македонија и соодветната инстутуција во Париз, Франција.
Во 2007 година се здобил со престижен грант за истражување од Јапонската научна фондација „Иноуе“ (***Inoue Foundation of Science, Tokyo, Japan***), за една година научно-клинички стаж и работа на развој матични клетки во Кјушу-универзитетот (Kyushu University) во Фукуока, Јапонија, под менторство на проф. Даисуке Сугијама. Во 2008 е добитник на престижна награда од НАТО-алијансата (***Reintegration grant from the NATO Science for Peace program***), во вид на научноистражувачки грант во траење од 3 години со цел научна реинтеграција во матичната земја.
Во 2010 година е добитник на научноистражувачки проект, како главен истражувач, од Министерството за образование и наука на Република Македонија, во траење од две години, за темата: „Евалуација на ефектите на бубрежната инсуфициенција врз ендотелијалната функција на корпус кавернозум користејќи аполипопротеин Е-дефицитарни глувци“. Во 2010 работел на проект одобрен од Македонската академија на науките и уметностите (МАНУ) на тема: „Етаблирање на банка на тумори на мочниот меур и нивни деривати и анализа на молекуларни маркери релевантни во проценката на рекурентноста и прогресијата на болеста“. Истиот проект е продолжен за уште две години (2012 – 2014).
Во 2016 ја добил втората награда за најдобар апстракт на на јужноисточниот конгрес на Европската асоцијација по урологија со темата: „Resurfacing and reconstruction of the glans penis after partial penile amputation - initial experience and cosmetic results“. Во 2014 ја добил првата награда за најдобар видеоапстракт, презентирајќи 10-минутно видео под наслов: „Реконструкција на комплицирана уретрална стриктура во две етапи со помош на графт од букална мукоза”, покажувајќи ја деталната (step by step) хируршка постапка на одново реконструирање на уретра при долги дефекти или нејзини облитерации. Во 2013 добил прва награда за најдобар апстракт (Richard Wolf 1st Prize Best Abstract) на јужноисточниот конгрес на Европската асоцијација по урологија за темата: „Partial nephrectomy protects from future cardiovascular disease - new experimental evidence“. Во 2011 добил прва награда за најдобар апстракт (Richard Wolf first Prize Best Abstract) на јужноисточниот конгрес на Европската асоцијација по урологија за темата: „Chemical composition od urinary tract stones in Republic of Macedonia”. Во 2010 се здобил со втора награда за надобра презентација на Вториот конгрес на Асоцијацијата за општа и фамилијарна медицина (2nd Congress of the Association of General practice/family medicine), одржан во Анталија, Турција, за апстрактот ”What does the increase of PSA means for the general practitioner”. Во 2009 добил трета награда за најдобар апстракт (Richard Wolf 3рд Prize Best Abstract) на јужноисточниот конгрес на Европската асоцијација по урологија за темата: *Effect of calcimimetic R-568 in apolipoprotein E deficient mice with surgically induced kidney disease*.
Бил назначен за рецензент на следниве списанија: Urology journal (2012, 2016), Advances in Urology (2012), Scandinavian Journal of Trauma, Resuscitation and Emergency Medicine (2010), Pediatric Nephrology (2010), World Journal of Surgical Oncology (2011), Journal of Nephrology (2009) и Kidney International (2008, 2012). Macedonian Journal of Medical Sciences (2011, 2014).

**3. Стручно-применувачка дејност**

Член е на: Европската асоцијација по урологија, Ендоуролошката асоцијација, Американската уролошка асоцијација, како и на Асоцијацијата на доктори на науки при Шестиот париски универзитет со седиште во Париз, Франција.

Во 2012, на барање на Клиниката, а со посредство на Министерството за здравство, бил на стручно усовршување за уретропластика во Клиничкиот центар на Србија во Белград. Истата година за прв пат на Клиниката изведува самостојно уретропластики со користење на букална мукоза. Воедно воведува нова хируршка интервенција – употреба на букалната лигавица при хируршко решавање на облитерации на уретра (во два акта), како и употреба на букалната лигавица при решавање на морбус peyroinie (induratio penis plastica).
Досега има објавено повеќе трудови, од кои 28 се индексирани на пубмед (www.pubmed.com, ivanovski o). Досега неговите трудови биле цитирани 1 135 пати во меѓународниот индекс на цитации scientific H -Index : 15 (google scholar) (до 1.12.2020).

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАУЧНО ЗВАЊЕ ВИШ НАУЧЕН СОРАБОТНИК

**Кандидат: Огнен Нинослав Ивановски**
(име, татково име и презиме)
**Институција: Медицински факултет – Скопје**
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област: хирургија и урологија**

### ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР/НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВИШ НАУЧЕН СОРАБОТНИК

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,45<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 9,45 | да |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br><br>Назив на научната област: 3; поле: 303; подрачје: 30303. | да |
| 3 | Објавени најмалку пет рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | да |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: **Revista Internacional de Andrología**<br>2. Назив на електронската база на списанија: Web of science<br>3. Наслов на трудот: **Calcification of the cavernosal bodies may be responsible for development of** | |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | **K. Gjorgjievska**, D.Trajkov, D. Zafirov, A. Petlichkovski, K. Jakjovski,E. Atanasovska, M. Petrusevska, K. Pavlovska, O. Sibinovska, D. Zendelovska, Effects of valsartan and amlodipine on proinflammatory cytokines serum concentrations in salt loaded spontaneously hypertensive rats, The 18 World Congress of Basic and Clinical Pharmacology, Session ID WCP2018_PO4-3-34, Pages PO4-3-34, 2018, Kyoto, Japan. | 0.5 |
| 7.1 | E. Atanasovska, K. Pavlovska, K. Jakjovski, K. **Gjorgjievska**, D. Zendelovska, M. Petrushevska, N. Labachevski, Administration of peroxisome proliferator-activator receptor alpha (PPAR-alpha) agonist reduces body weight and adipose depots in fructose fed wistar rats, The 6th Central European Congress on Obesity (CEECON) and the 15th Slovak Congress on Obesity 2017, Abstract Book, Vol. 63 (9), supl. 2, 2017, Bratislava. | 0,5 |
| 7.2 | E. Atanasovska, K. Jakjovski, **K. Gjorgjievska**, D. Zafirov, N. Labachevski, D. Svinarov. Bioequivalence evaluation of two olanzapine tablet formulations in healthy male volunteers under fasting conditions. International Conference on Bioequivalence and Bioavailability 2017, Abstract book, page 65; San Francisco, USA. | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| 7.3 | D. Zendelovska, K. Jakjovski, **K. Gjorgjievska**, E. Atanasovska, M. Petrushevska, N. Labachevski, The influence of Vitamin E on cyclosporine nephrotoxicity in rats: changes in oxidative stress marker MDA, 19th International Conference on Oxidative stress reduction, redox homeostasis and antioxidants, Universite Pierre and Marie-Curie, 2017, Paris, France. | 0,5 |
| | **Вкупно** | **164** |

**СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | Воведување на нова лабораториска/клиничка метода | 4 |
| 2. | Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија | |
| 2.1 | Стручни мислења за класификација на хемикалии, проценки на ризик, токсиколошки процени | 19 |
| | **Вкупно** | **23** |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | **Поени** |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **48,9** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **164** |
| **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **23** |
| **Вкупно** | **235,9** |

**Членови на Комисијата**

**Проф. д-р Никола Лабачевски, с.р.**
**Проф. д-р Димче Зафиров, с.р.**
**Проф. д-р Јасмина Тројачанец, с.р.**

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-применувачката дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Калина Ѓорѓиевска.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Калина Ѓорѓиевска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето виш научен соработник во научните области фармакологија, токсикологија и клиничка фармакологија.

Според горeизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, д-р Калина Ѓорѓиевска да биде избрана во звањето виш научен соработник во научните области фармакологија, токсикологија и клиничка фармакологија.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Никола Лабачевски, с.р.**
**Проф. д-р Димче Зафиров, с.р.**
**Проф. д-р Јасмина Тројачанец, с.р.**

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН АСИСТЕНТ ПО ПРЕДМЕТОТ АНЕСТЕЗИОЛОГИЈА СО РЕАНИМАЦИЈА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен во дневните весници „Нова Македонија“ и „Коха“ од 6.10.2020 година, за избор на еден асистент по предметот Анестезиологија со реанимација, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, бр. 02-4595/33, донесена на 17.11.2020 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: н. сов. д-р Јасминка Нанчева, проф. д-р Билјана Кузмановска и проф. д-р Андријан Карталов.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на еден асистент по предметот Анестезиологија со реанимација, во предвидениот рок се пријави/-ја **д-р Марија Толеска Донеска**.

### Биографски податоци и образование

Марија Толеска Донеска е родена на 2 декември 1979 година во Кичево. Основно училиште и природно-математичка гимназија завршила во Кичево со одличен успех. Дипломирала на Медицинскиот факултет во Скопје, во 2004 год., со среден успех 8,72. Во 2004 год. се запишала на магистерски студии на Медицинскиот факултет во Скопје. Од 2006 год., па сè до денес е вработена на Клиниката за анестезија, реанимација и интензивно лекување во Скопје. Специјализација по анестезиологија со интензивно лекување завршила во 2011 год. на Медицинскиот факултет во Скопје. Во учебната 2015/2016 год. се запишала на трет степен – докторски студии на Медицинскиот факултет во Скопје. Во 2016 год. ја одбранила магистерската теза. Во 2020 год. ја одбранила својата докторска дисертација и се стекнала со звањето доктор на медицински науки. Активно го владее англискиот јазик.

### Научноистражувачка дејност

Како автор и коавтор учествувала во изработката на трудови презентирани на домашни и меѓународни конгреси и симпозиуми. Во рамките на своето стручно усовршување, посетувала повеќе курсеви, стручни обуки и студиски престои. Во 2016 год. ја одбранила магистерската теза на тема: „Transversus abdominis plane (TAP) блок изведен под ултразвук како дел од мултимодалната аналгезија кај отворена унилатерална херниопластика“, а во 2020 год. ја одбранила докторската дисертација на тема: „Неопиоидна анестезија кај лапароскопски операции на жолчното ќесе“, двете одбранети на Медицинскиот факултет во Скопје. Се јавува како автор и коавтор на повеќе научни трудови од обласста анестезија со реанимација и интензивно лекување, објавени во домашни, но и надворешни стручни списанија.

Во прилог ги доставува следните трудови за рецензија, објавени во научно списание со импакт-фактор (фактор на влијание) или меѓународен уредувачки одбор (од 2015 год.):

1. **Toleska M,** Dimitrovski A, Kartalov A, Kuzmanovska B, Petrusheva A, Naumovski F. Anesthetic management in patients with dilated cardiomyopathy for major abdominal surgery: a case report. European Journal of Anesthesiology 2019 June; 36(e-Supplement 57): 292.
2. **Toleska M,** Dimitrovski A, Kuzmanovska B, Kartalov A, Naumovski F, Toleska N. Opioid-free anesthesia and PECS blocks for breast cancer surgery: case report. European Journal of Anesthesiology 2019 June; 36(e-Supplement 57): 79.
3. **Toleska M**, Kuzmanovska B, Kartalov A, Shosholcheva M, Nancheva J, Dimitrovski A, Toleska N. Opioid Free Anesthesia for Laparotomic Hemicolectomy: A Case Report. Pril (Makedon Akad Nauk Umet Odd Med Nauki). 2018 Dec 1; 39(2-3):121-126. doi: 10.2478/prilozi-2018-0050.
4. **Toleska M,** Kartalov A, Kuzmanovska B, Joksimovic V, Dimitrovski A, Ognjanova V, Naumovski F. Opioid free anesthesia in laparoscopic cholecystectomy: a case report. SJAIT. 2019; V(5-6): 107-111.
5. **Toleska M**, Kartalov A, Kuzmanovska B, Panovski M, Shosholcheva M, Dimitrovski A, Cholanchevski R, Toleska N, Zdravkovska M. Efficacy of Intraperitoneal Bupivacaine on Pain Relief After Laparoscopic Cholecystectomy. Pril (Makedon Akad Nauk Umet Odd Med Nauki). 2018 Jul 1; 39(1):123-129. doi: 10.2478/prilozi-2018-0032.
6. **Toleska M,** Kartalov A, Kuzmanovska B, Dimitrovski A, Ognjanova V, Naumovski F. Anesthetic managment in the patient with giant retroperitoneal liposarcoma: a case report. European Journal of Anesthesiology 2018 August; 35(e-Supplement 56): 7.
7. **Toleska M,** Kuzmanovska B, Kartalov A, Shosholcheva M, Durnev V, Dimitrovski A. Ultrasound-guided bilateral transversus abdominis plane (TAP) block and non-opioide anesthesia in elderly high-risk patient undergoing emergency abdominal surgery. Geriatric anesthesia and intensive care: anaesthesiology and reanimation specialists society Balkan states anesthesia days V, 9-12 May, Gaziantep, 2018: book of proceedings and abstracts: 347-351.
8. **Toleska M**, Kuzmanovska B, Kartalov A, Jankulovski N, Shosholcheva M, Dimitrovski A. The analgesic effect of ultrasound-guided transversus abdominis plane (TAP) block for laparoscopic bilateral inguinal hernia repair. Macedonian Journal of Anaesthesia. April 2017; 1: 60-67.
9. **Toleska M**, Kuzmanovska B, Kartalov A, Shosholcheva M, Jankulovski N, Dimitrovski A, Ognjenovic Lj, Toleska N. Peri- and postoperative respiratory complications in patients with COPD undergoing laparoscopic cholecystectomy. Physioacta. 2017; 11(2): 39-44.
10. **Toleska M**, Kartalov A, Kuzmanovska B, Shosholcheva M, Dimitrovski A, Spirovska T, Bushinovska J, Toleska N. Comparing anatomical “blind” technique and ultrasound-guided technique of setting central venous catheter in v. jugularis interna. Orthopedic anaesthesia and intensive care: anaesthesiology and reanimation specialists society Balkan states anaesthesia days III, 18-21 May, Skopje, 2016: book of proceedings and abstracts: 186-191.
11. **Toleska M**, Kuzmanovska B, Kartalov A, Jankulovski N, Shosholcheva M, Bushinoska J, Dimitrovski A, Petrusheva A, Spirovska T, Antovic S. Ultrasound-guided transversus abdominis plane (TAP) block as a part of multimodal analgesia for open unilateral inguinal hernia repair. Orthopedic anaesthesia and intensive care: anaesthesiology and reanimation specialists

society Balkan states anaesthesia days III, 18-21 May, Skopje, 2016: book of proceedings and abstracts: 192-198.

**Стручно-применувачка дејност и дејност од поширок интерес**

Д-р Марија Толеска Донеска е асистент на Медицинскиот факултет во континуитет од 2015 год., заклучно со учебната 2019/2020 год., изведува практична настава на прв циклус студии за студентите по општа медицина по предметот Анестезиологија и реанимација; како едукатор, редовно е вклучена во наставно-образовниот процес на специјализантите по анестезија, реанимација и интензивно лекување (внатрешни турнуси), како и на специјализантите од други специјалности (надворешни турнуси). Учесник е на многу конгреси, работилници, курсеви и семинари, како во земјата така и во странство, и реализира повеќе стручни престои во Европа и во САД. Во 2011 била на стручен престој од еден месец во Универзитетскиот клинички центар во Риека, Хрватска, од областа на периферните нервни блокови водени под ултразвук. Од 1.10. до 1.12.2014 г. била на двомесечен престој на УКЛА, Лос Анџелес, САД, за едукација од областа на периферните нервни блокови водени под ултразвук и инвазивен интраоперативен мониторинг. Во 2019 год. била на стручен престој во Коџели, Турција, центар акредитиран од Европското здружение за регионална анестезија, каде што успешно го завршила курсот под менторство на проф. Јавуз Гуркан.

Била активен рецензент на неколку медицински списанија.

Член е на: Здружението на лекарите по анестезија, реанимација и интензивно лекување (ЗЛАРИЛ), Здружението на критично болни пациенти, Лекарската комора на Македонија (ЛКМ), Македонското лекарско друштво (МЛД), Европското здружение за анестезија и интензивно лекување (ESAIC) и Европското здружение за регионална анестезија (ESRA).

## ОБРАЗЕЦ 1
**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** ***Марија Толеска Донеска***
**Институција:** ***Медицински факултет***
**Научна област:** ***АНЕСТЕЗИОЛОГИЈА СО РЕАНИМАЦИЈА***

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1. | Има завршено додипломски и постдипломски студии по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем и има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на додипломските и постдипломските академски студии одделно<br><br>Просечниот успех на додипломски студии изнесува: 8,72.<br>Просечниот успех на постдипломските студии изнесува: 9,62. | ДА |
| 2. | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски Б2 според CEFR<br>2. Назив на документот: уверение<br>3. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески“, Скопје<br>4. Датум на издавање на документот: 9.10.2020 | ДА |

**Рецензентска комисија**

**Н. сов. д-р Јасминка Нанчева, с.р.**
**Проф. д-р Билјана Кузмановска, с.р.**
**Проф. д-р Андријан Карталов, с.р.**

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Марија Толеска Донеска.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Марија Толеска Донеска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето асистент по предметот Анестезиологија со реанимација.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, д-р Марија Толеска Донеска да биде избрана во звањето асистент по предметот Анестезиологија со реанимација.

**Рецензентска комисија**

**Н. сов. д-р Јасминка Нанчева, с.р.**
**Проф. д-р Билјана Кузмановска, с.р.**
**Проф. д-р Андријан Карталов, с.р.**

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА ДВА АСИСТЕНТА ПО ПРЕДМЕТОТ ДЕРМАТОВЕНЕРОЛОГИЈА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Медицински факултет – Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 2.9.2020 година, за избор на 10 асистенти по предметот Дерматовенерологија, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-3524/57, од 30.12.2020 година, донесена на XXXI редовна седница, формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Катерина Дамевска, вонреден професор на Медицинскиот факултет, проф. д-р Александар Анчевски, пензиониран редовен професор на Медицинскиот факултет, и проф. д-р Сузана Николовска, редовен професор на Медицинскиот факултет.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на 2 асистента по предметот Дерматовенерологија, во предвидениот рок се пријавија 4 кандидати: ас. д-р Зорица Зафировиќ, д-р Дејан Филиповиќ, асистент докторанд д-р Ивана Дохчева Карајованов и д-р Маја Димова.

**Д-р Зорица Зафировиќ**

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката д-р Зорица Зафировиќ е родена на 4.11.1967, во Скопје. Основно и средно образование завршила во Скопје. Со високо образование се стекнала на Медицинскиот факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, во 1993 година. Дипломирала во 1993 година, со просечен успех 8,7.

Кандидатката ја започнала специјализацијата по дерматовенерологија во 2000 година. Кандидатката завршила специјализација по дерматовенерологија во 2003 година, во Скопје.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик.

Од 2001 година е вработена на ЈЗУ Универзитетска клиника за дерматовенерологија.

**Наставно-образовна дејност**

Кандидатката како асистент е вклучена во образовниот процес на студентите од прв циклус студии и има одржано бројни вежби и консултации по предметот Дерматовенерологија. Учествува како едукатор и коментор на специјализантите по дерматовенерологија.

**Научноистражувачка дејност**

1. Leest der van R.J.T.,Vries de E.,Bulliard j-l.,Paoli J.,Peris K.,Stratigos A.J.,Trakatelli M.,Maselis T.J.E.M.L.,Situm M.,Pallouras A.C.,Hercogova J.,Zafirovik Z. et al. The Euromelanoma skin cancer prevention campaign in Europe:characteristics and results of 2009 and 2010.JEADV,2011 Dec 25(12) 1455-65

2. Suppa M, Gandini S, Njimi H, Bulliard JL, Correia O, Duarte AF, Peris K, Stratigos AJ, Nagore E, Longo MI, Bylaite-Bucinskiene M, Karls R, Helppikangas H; Euromelanoma Working Group, Del Marmol V.J. Prevalence and determinants of

sunbed use in thirty European countries: data from the Euromelanoma skin cancer prevention campaign. Eur Acad Dermatol Venereol. 2019;33 Suppl 2:13-27
3. Suppa M, Gandini S, Njimi H, Bulliard JL, Correia O, Duarte AF, Peris K, Stratigos AJ, Nagore E, Longo MI, Bylaite-Bucinskiene M, Karls R, Helppikangas H; Euromelanoma Working Group, Del Marmol V.J. Association of sunbed use with skin cancer risk factors in Europe: an investigation within the Euromelanoma skin cancer prevention campaign. Eur Acad Dermatol Venereol. 2019;33 Suppl 2:76-88.
4. A M Forsea , P Tschandl, I Zalaudek , V Del Marmol , H P Soyer , Eurodermoscopy Working Group; G Argenziano , A C Geller . The impact of dermoscopy on melanoma detection in the practice of dermatologists in Europe: results of a pan-European survey. J Eur Acad Dermatol Venereol. 2017;31(7):1148-1156.
5. Forsea AM, Tschandl P, Del Marmol V, Zalaudek I, Soyer HP; Eurodermoscopy Working Group, Geller AC, Argenziano G.Factors driving the use of dermoscopy in Europe: a pan-European survey. Br J Dermatol. 2016;175(6):1329-1337.

Кандидатката остварила активно учество, како предавач или со научен труд, на повеќе од 20 домашни и странски стручни состаноци и конгреси.

**ОБРАЗЕЦ 1**
**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ**

Кандидат: **Зорица Борко Зафировиќ**
Институција: **Медицински факултет, УКИМ – Скопје**
Научна област: **дерматовенерологија**

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено додипломски и постдипломски студии по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем и има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на додипломските и постдипломските академски студии одделно<br>Просечниот успех на додипломски студии изнесува: 8,7 | Да |
| 2 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br><br>1. Странски јазик: англиски<br>2. Назив на документот: уверение за познавање на англискиот јазик кое одговара на ниво Ц1 според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CEFR)<br>3. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Коневски“, Скопје<br>4. Датум на издавање на документот: 24.1.2020 | Да |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Проф. д-р Катерина Дамевска, с.р.
Проф. д-р Александар Анчевски, с.р.
Проф. д-р Сузана Николовска, с.р.

**Д-р Дејан Филиповиќ**

**2. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Кандидатот д-р Дејан Филиповиќ е роден на 27.1.1981, во Скопје. Средно образование завршил во ДУСО„Д-р Орце Николов“ – Скопје, во 2000 година. Со високо образование се стекнал на Медицинскиот факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, во 2009 година. Дипломирал на 13.7.2009 година, со просечен успех 8,0.

Кандидатот ја започнал специјализацијата по дерматовенерологија на 3.5.2010 година, а ја завршил на 10.7.2015 година, во Скопје.

Кандидатот се запишал на докторски студии во 2018 година.

Кандидатот активно се служи со англискиот, германскиот, српскиот и бугарскиот јазик.

Од декември 2018 година е вработен на ЈЗУ Универзитетска клиника за дерматовенерологија.

**О Б Р А З Е Ц 1**
**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ**

Кандидат: **Дејан Новица Филиповиќ**
Институција: **Медицински факултет, УКИМ – Скопје**
Научна област: **дерматовенерологија**

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено додипломски и постдипломски студии по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем и има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на додипломските и постдипломските академски студии одделно<br><br>Просечниот успех на додипломски студии изнесува: 8,0 | Да |
| 2 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br><br>1. Странски јазик: англиски<br>2. Назив на документот: (CEFR) C1<br>3. Издавач на документот: British council<br>4. Датум на издавање на документот: 25.6.2018 | Да |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Катерина Дамевска, с.р.**
**Проф. д-р Александар Анчевски, с.р.**
**Проф. д-р Сузана Николовска, с.р.**

**Д-р Ивана Дохчева Карајованов**

## 3. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката д-р Ивана Дохчева Карајованов е родена на 21.12.1984, во Скопје. Основно и средно образование завршила во Скопје. Со високо образование се стекнала на Медицинскиот факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, во 2010 година. Дипломирала на 15.7.2010 година, со просечен успех 8,91.

Кандидатката ја започнала специјализацијата по дерматовенерологија во 2011 година, а ја завршила на 8.5.2015 година, во Скопје.

Кандидатката се запишала на докторски студии во 2016 година.

Во 2016 година е избрана за асистент докторанд по предметот Дерматовенерологија на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик.

Од 2015 година е вработена на ЈЗУ Универзитетска клиника за дерматовенерологија.

**Наставно-образовна дејност**

Кандидатката, од 2016 година, како асистент докторанд е вклучена во образовниот процес на студентите од прв циклус студии и има одржано бројни вежби и консултации по предметот Дерматовенерологија.

**Научноистражувачка дејност**

1.Gocev Gj.,Nikolovska S.,Dohcheva-Karajovanov I. A Pediatric Case of Disseminated Lichen Sclerosus-a Case Report, Serbian Journl of Dermatology and Venereology,2017:9(1)

2. Simeonov V.,Breshkovska H.,Duma S.,Dohceva-Karajovanov I.,Damevska K.,Nikolovska S.Hydroxyurea Associated Cutaneous Lesions:A case report,Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences,2018,aug:6(8)

3. Брешковска Христина, Ѓорѓеска Андријана, Пенева Маргарита, Џокиќ Ѓорѓе, николовска Сузана, Дума Силвија, Дохчева Карајованов, Ивана, Граматниковски Никола, Тодоровска Лидија. Ефектот на хипербарната оксигено терапија-како адјувантна терапија во заздравувањето на хроничните рани. Medicus 2019:24(3):270-275

4. Damevska K, Chokaeva AA, Dohcheva Karajovanov I, Najdova A. Progressive Reticulated Pigmentation of the Folds in: Clinical Cases in Pigmentary Disorders. Lotti T, Tirant M, Parsad D (Eds). 2020, Springer Nature Switzerland: 41-46.

5. Dimova M, Damevska K, Nikolovska S, Dohcheva-Karajovanov I, Duma S, Kostovski M, Simeonovski V. Pediatric case of lichen planus pigmentosus inversus successfully treated with narrow band ultraviolet B phototherapy. Dermatologic Therapy, 2020:33(6):e14073.

Кандидатката е учесник во меѓународен проект со наслов: „Квантитативна и квалитативна анализа на депозитите атхерирани на хумана кожа, изложена на урбано аерозагадување”.

# ОБРАЗЕЦ 1

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ

Кандидат: **Ивана Сашо Дохчева Карајованов**
Институција: **Медицински факултет, УКИМ – Скопје**
Научна област: **дерматовенерологија**

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено додипломски и постдипломски студии по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем и има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на додипломските и постдипломските академски студии одделно<br><br>Просечниот успех на додипломски студии изнесува: 8,91 | Да |
| 2 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br><br>1. Странски јазик: англиски<br>2. Назив на документот: уверение за познавање на англискиот јазик кое одговара на ниво Ц1 според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CEFR)<br>3. Издавач на документот: Универзитет „Св. Кирил и Методиј”, Филолошки факултет „Блаже Конески” – Скопје<br>4. Датум на издавање на документот: 19.6.2020 | Да |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Катерина Дамевска, с.р.**
**Проф. д-р Александар Анчевски, с.р.**
**Проф. д-р Сузана Николовска, с.р.**

**Д-р Маја Димова**

5. **БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Кандидатката д-р Маја Димова е родена на 14.2.1986, во Скопје. Средно образование завршила во ДСУ Гимназија „Јосип Броз-Тито“ – Скопје, во 2004 година. Со високо образование се стекнала на Медицинскиот факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, во 2011 година. Дипломирала во 2011 година, со просечен успех 9,2.

Кандидатката ја започнала специјализацијата по дерматовенерологија во 2013 година, а ја завршила на 12.2.2018 година, на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик.

Од 1.2.2019 година е вработена на ЈЗУ Универзитетска клиника за дерматовенерологија.

**Научноистражувачка дејност**

1. Dimova M, Damevska K, Nikolovska S, Dohcheva-Karajovanov I, Duma S, Kostovski M, Simeonovski V. Pediatric case of lichen planus pigmentosus inversus successfully treated with narrow band ultraviolet B phototherapy. Dermatologic Therapy, 2020:33(6):e14073.
2. Bachevski D.Damevska K, Simeonovski V, Dimova M. Back to basics: Propolis and COVID-19. Dermatologic Therapy, 2020:33:e13780.

# ОБРАЗЕЦ 1

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ**

Кандидат: **Маја Владимир Димова**
Институција: **Медицински факултет, УКИМ – Скопје**
Научна област: **дерматовенерологија**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено додипломски и постдипломски студии по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем и има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на додипломските и постдипломските академски студии одделно<br><br>Просечниот успех на додипломски студии изнесува: 9,2 | Да |
| 2 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br><br>1. Странски јазик: англиски<br>2. Назив на документот: (CEFR) C1<br>3. Издавач на документот: British council<br>4. Датум на издавање на документот: 16.8.2018 | Да |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Катерина Дамевска, с.р.**
**Проф. д-р Александар Анчевски, с.р.**
**Проф. д-р Сузана Николовска, с.р.**

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност и личното познавање на кандидатите, Комисијата заклучи дека д-р Зорица Зафировиќ, д-р Ивана Дохчева Карајованов и д-р Маја Димова, според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје ги исполнуваат условите да бидат избрани во звањето асистент по предметот Дерматовенерологија. Д-р Дејан Филиповиќ не ги исполнува посебните услови за избор во соработничко звање – асистент, утврдени во член 12 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, асистент докторанд д-р Ивана Дохчева Карајованов и д-р Маја Димова да бидат избрани во звањето асистент по предметот Дерматовенерологија.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Катерина Дамевска, с.р.**
**Проф. д-р Александар Анчевски, с.р.**
**Проф. д-р Сузана Николовска, с.р.**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „АСОЦИЈАЦИЈА НА МЕТАБОЛИЧКИ СИНДРОМ И КАРОТИДНА АРТЕРИСКА БОЛЕСТ КАКО РИЗИК- ФАКТОР ЗА ЦЕРЕБРОВАСКУЛАРЕН ИНСУЛТ И ТРАНЗИТОРНА ИСХЕМИЧНА АТАКА“ ОД Д-Р ТАТЈАНА ДЕЛЕВА-СТОШЕВСКА, ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, на својата XXXI редовна седница одржана на 30.12.2020 година, со Одлука бр. 0905-5236/11 формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката д-р Татјана Делева-Стошевска со наслов: АСОЦИЈАЦИЈА НА МЕТАБОЛИЧКИ СИНДРОМ И КАРОТИДНА АРТЕРИСКА БОЛЕСТ КАКО РИЗИК-ФАКТОР ЗА ЦЕРЕБРОВАСКУЛАРЕН ИНСУЛТ И ТРАНЗИТОРНА ИСХЕМИЧНА АТАКА, во состав: проф. д-р Анита Арсовска (претседател), проф. д-р Јулија Живадиновиќ-Богдановска (ментор), проф. д-р Наталија Банева-Долненец (член), проф. д-р Драгана Петровска-Цветковска (член) и проф. д-р Бети Зафирова Ивановска (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет му го поднесува следниов

### И З В Е Ш Т А Ј

**Анализа на трудот**

Докторската дисертација на кандидатката д-р Татјана Делева-Стошевска, со наслов: АСОЦИЈАЦИЈА НА МЕТАБОЛИЧКИ СИНДРОМ И КАРОТИДНА АРТЕРИСКА БОЛЕСТ КАКО РИЗИК-ФАКТОР ЗА ЦЕРЕБРОВАСКУЛАРЕН ИНСУЛТ И ТРАНЗИТОРНА ИСХЕМИЧНА АТАКА, содржи 124 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman со 1,0 проред, големина на букви 11 и 162 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги и меѓународни препораки на Светската здравствена организација, експертски панели и Американската академија за неврологија. Текстот е збогатен со 77 табели и 42 графикони. Трудот е структуиран во 10 поглавја и воедно ги содржи сите делови на еден научноистражувачки проект: вовед, мотив за изработка на докторската дисертација, цели, хипотеза, материјал и методи, методи на статистичка анализа, резултати на истражувањето и дискусија на добиените резултати по што следат заклучоците како и листа на библиографски податоци. Начинот на изложување е јасен и концизен, лесно се следи и воедно побудува интерес за одбраната тема на истражување. Поглавјата се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се овозможува систематизирано и прегледно следење на материјата обработена во докторската теза. Трудот обработува актуелна научна и клиничка проблематика, вредна и оправдана за истражување, како од научен така и од клинички аспект.

Докторската дисертација започнува со **вовед, како прво поглавје,** кој понатаму е поделен во две точки, односно тематски единици: Метаболички синдром и Каротидна артериска болест. Првата тематска единица, Метаболички синдром, содржи 5 наслови и 8 поднаслови. Втората тематска единица, Каротидна артериска болест, содржи 4 наслови и 19 поднаслови. Текстот во воведниот дел е концизен, содржински јасно структуриран и разбирлив и воедно ја поставува одбраната тема на истражување во контекст на современата медицинска наука и клиничка пракса.

**Првата тематска единица од воведот** е посветена на метаболичкиот синдром. Во **првиот наслов** се обработува историскиот развој на дефиницијата и критериумите за метаболички синдром. Во **вториот наслов од првата тематска единица на воведот** се обработуваат дефинициите и дијагностичките критериуми за метаболички синдром според Националната програма за едукација за холестерол - Панел III за третман на возрасни лица (NCEP- ATP III), Меѓународната федерација за

дијабетес (IDF) и Светската здравствена организација (СЗО). Во посебни **6 поднасловни тематски единици** детално се опишани: начините и критериумите за одредување на абдоминалната дебелина кај различните дијагностички критериуми; атерогената дислипидемија, со осврт на нејзиното дефинирање како компонента на метаболичкиот синдром; хипертензијата како значајна компонента од дијагностичките критериуми за метаболички синдром; зголемената гликемија на гладно, преку дефинирање на вредностите и тестовите за идентификација на нарушена гликемија на гладно (IFG) и дијабетес мелитус тип 2; протромбинската и провоспалителната состојба како и дијагностичките критериуми за MetS. Во **третиот наслов од првата тематска единица на воведот** се опишува епидемиологијата на метаболичкиот синдром преку објаснување на светската преваленца на метаболичкиот синдром, преваленцата на метаболичкиот синдром во САД, со осврт на половата дистрибуција и разликите по однос на расната и етничката припадност, изнесување на податоци од епидемиолошки студии за преваленца на метаболниот синдром во Европа, Јапонија, Кина, Индија и Југоисточна Азија. Во **четвртиот наслов од првата тематска единица на воведот** е даден опис на комплексниот патофизиолошки механизам на метаболичкиот синдром, во чија основа стојат абдоминалната дебелина и отпорноста на инсулин, со партиципирање на други фактори како што се генетиката, расната/етничката припадност, возраст, дисрегулација на масното ткиво и добиените цитокини, исхраната, воспаленоето, лековите, физичката неактивност, хормонската нерамнотежа, што доведува до развој на ова групирање на метаболни здравствени ризици. Во **петтиот наслов од првата тематска единица на воведот,** детално се опишани факторите на ризик за метаболички синдром, како и нивната класификација на основни, главни и нови фактори на ризик, односно на немодифицирачки, бихејвиорални и физиолошки фактори на ризик. Дополнително, во посебни **2 поднасловни тематски единици** детално се опишани дебелината и инсулинската резистенција како главни фактори кои стојат во основата на патофизиолошкиот механизам на метаболичкиот синдром.

**Втората тематска единица од првата глава** е посветена на каротидната артериска болест, со јасна дефиниција на каротидната артериска болест и причините за истата. Направен е посебен осврт на атеросклероточната CAD, предилекционите места за атеросклеротична CAD и нејзината поделба на асимптоматска и симптоматска CAD клинички презентирана како CVI и TIA, со јасно дадени дефиниции за CVI и TIA, според Американската асоцијација за срце и Американската асоцијација за мозочен удар (AHA/ASA) од 2009 година. **Првиот наслов од втората тематска единица на воведот** е посветен на Анатомијата на каротидните артерии, и опфаќа **осум поднаслови** кои детално ја опишуваат анатомијата на заедничката каротидна артерија, анатомијата на внатрешната и надворешната каротидна артерија, опис на анатомските варијации на заедничката каротидна артерија со детален опис на анатомските варијации на десната и левата заедничка каротидна артерија, анатомски варијации на каротидната бифуркација и анатомски варијации на разгранувањето на заедничката каротидна артерија. Во **вториот наслов од втората тематска единица на воведот,** кандидатката дава детален опис на епидемиологијата на каротидната артериска болест. Направена е детална анализа на преваленцата на CAD, преку добиентите резултати од различни епидемиолошки студии кои користеле различни критериуми за дијагностицирање на CAD, различни истражувачки алатки и студирана популација различна по пол, расна и етничка припадност. Анализата од резултатите на достапните епидемиолошки студии покажала дека преваленцата на CAD се зголемува со присуството на атеросклеротични фактори на ризик и возраста, и дека CAD е поврзана со зголемен ризик од мозочен удар и други исхемични манифестации на системска атеросклероза (на пример, миокарден инфаркт и смртни случаи од васкуларна природа).Кандидатката дава приказ на епидемиолошките податоци за морбидитетот и морталитетот од CVI и TIA во САД, како и податоци за годишната инциденца, преваленца и морталитет од мозочен удар во нашата земја. Со тоа дава јасна епидемиолошка слика на значењето на CAD како ризик-фактор за CVI и TIA кои претставуваат едни од главните здравствени проблеми на светско ниво. Во **третиот**

**наслов од втората тематска единица на воведот,** кандидатката јасно и прецизно ја опишува етиопатогенезата на каротидната артериска болест, систематски прикажано во **11 поднаслови** кои ги опфаќаат факторите на ризик за атеросклероза, осетливоста за атеросклероза, атеропротективните фактори и патогенезата на атеросклерозата и дава прецизен опис на сите фази на атерогенезата (иницијација, прогресија, компликација), посебните карактеристики и видови на плаки, класификацијата на атеросклеротичните лезии според хистолошките карактеристики и клиничките импликации. Во **четвртиот наслов од втората тематска единица на воведот** е даден детален осврт на предностите и недостатоците на достапните дијагностичките методи за каротидна артериска болест, КТ ангиографијата, MRI ангиографијата и дигиталната субтракциона ангиографија и колор доплер дуплекс сонографијата. Анализата на предностите и недостатоците на овие дијагностички алатки, како и искуствата од достапната литература, направените студии и клиничкото искуство покажало дека недвослислено во американските и европските земји ултразвукот е доминатна неивазивна дијагностичка алатка за евалуација на каротидните артерии и проценка на степенот на нивна стеноза. Кандидатката во овој наслов ги опишува и критериумите за ултразвучно дијагностицирање на атеросклеротичен плак согласно со интернационалниот консензус (Manheim intima - media thicnes consensus) од 2005 година. Во овој наслов е дадена и ултрасонографската поделбата на плаките според ехогеноста, според присуството на една или повеќе ехогени компоненти, како и според ехогените карактеристики површината на плакот. Исто така, овој наслов го опфаќа и описот на критериумите за проценка на степенот на екстракранијалната каротидна стеноза: морфолошки врз основа на B mode (NASCET метод -North American Symptomatic Carotid Endarterectomy Traial, ECST метод - Europen Carotid Surgery Traial и CC метод- Common Carotid Method), доплер хемодинамски и color flow хемодинамски. Посебен осврт во овој наслов е даден на дијагностичките консензус-критериуми за ултразвучна проценка на каротидната стеноза кои се изготвени од мултидисциплинарен панел на експерти, преку приказ на поделбата на стенозата на ACI според Society of radiologist in Ultrasound consensus conference, од 2002 година, Сан Франциско. Кандидатката во овој наслов дава и опис на индиректните критериуми за хемодинамски значајна стеноза, критериумите за каротидна оклузија и субоклузија на ACI.

**Второто поглавје** го анализира мотивот за изработка на оваа студија, кој е јасно дефиниран. Кандидатката го потенцира фактот дека на нашето поднебје не постојат научни студии за асоцираноста на MetS и екстракранијална ултразвучно дијагностицирана CAD како ризик-фактор за CVI и TIA. Навременото дијагностицирање на екстракранијалните атеросклеротични промени на ACI има големо значење во примарната и секундарна превенцијата од мозочен удар, како и адекватниот третман на мозочиот удар. Како главен мотив за изработка на оваа докторска дисертација, кандидатката го наведува благовремено препознавањето на поединци со метаболички синдром и нивно навремено ултразвучно евалуирање и дијагностицирање на екстракранијалната CAD, со цел навремена и адекватна примарна и секундарна превенција од CVI и TIA, што е од клучно здравствено и социоекономско значење.

Во **третото поглавје** од докторската дисертација, кандидатката ги презентира **целите** на истражувањето, кои се јасно дефинирани и одредени. Примарна цел е да се утврди поврзноста на метаболичкиот синдром и каротидната артериска болест како значаен ризик-фактор за CVI и TIA. Секундарни цели се: да се процени фреквенцијата на каротидна артериска болест кај испитаниците со метаболички синдром наспроти фреквенцијата на каротидна артериска болест кај испитаниците од контролната група; да се споредат клиничките, биохемиските и екстракранијалните ултрасонографските карактеристики на каротидните артерии кај испитаниците со метаболички синдром и испитаниците од контролната група; да се спореди фреквенцијата на асимптоматската каротидната артериска болест кај испитаниците со метаболички синдром наспроти фреквенцијата на асимптоматската каротидна артериска болест кај испитаниците од

контролната група, со цел адекватен третман и адекватна примарна превенција од CVI и TIA; да се спореди фреквенцијата на симптоматската каротидната артериска болест кај испитаниците со метаболички синдром наспроти фреквенцијата на симптоматската каротидна артериска болест кај испитаниците од контролната група, со цел адекватен третман и адекватна секундарна превенција од CVI и TIA.

**Четвртото поглавје** ја прикажува **хипотезата** на оваа докторска студија, односно дека постои поврзаност меѓу метаболичкиот синдром и екстракранијалната каротидната артериска болест како значаен ризик-фактор за CVI и TIA.

**Петтото поглавје** ги прикажува **материјалот и методите,** каде што систематски се претставени одредени компоненти на методологијата на испитување за нивно полесно следење. Кандидатката го дефинира дизајнот на студијата како аналитичка едноцентрична студија на пресек која е изведена во ЈЗУ ГОБ ,,8-ми септември” – Скопје. Истражувачки примерок содржи 160 испитаници кои ги исполнуваат вклучувачките критериуми. Истражувачкиот примерок е поделен во две групи: испитувана група и контролна група. Испитуваната група брои 80 испитаници со метаболички синдром. Контролната група брои 80 испитаници, кои имаат 1 или 2 индивидуални метаболички фактори на ризик и не ги задоволуваат дијагностичките критериуми за метаболички синдром, но ги задоволуваат останатите вклучувачки критериуми. Испитаниците биле обработени клинички, биохемиски и ултрасонографски, амбулантски и/или болнички во ЈЗУ ГОБ „8-ми Септември“ - Скопје, во периодот 2019 –2020 година. Студијата била спроведена според етичките принципи за медицински истражувања согласно со Хелсиншката декларација. Сите испитаници потпишале писмена информирана согласност пред вклучувањето во оваа клиничка студија. **Петтото поглавје содржи два наслова. Првиот наслов** се однесува на вклучувачките критериуми: компетентност и слободна волја да потпише информирана согласност, напишана на јазик и стил разбирлив за пациентот, претходно ревидирана и одобрена од Етичката комисија за истражување на луѓе на Медицинскиот факултет при УКИМ; мажи и жени на возраст ≥ 18 и ≤ 80 години; испитаници со метаболички синдром кои ги задоволуваат дијагностичките критериуми за метаболички синдром според NCEP ATP III (National Cholesterol Education Program, Adult Treatment Panel III) кои подразбираат присуство на кои било три или повеќе од доленаведени параметри: 1. абдоминална дебелина - покачени вредности за обем на половината мажи ≥ 102cm (40 in), жени ≥ 88 cm (35 in), 2. покачени триглицериди ≥ 150 mg/dL (1,69 mmol/L), или третман со лекови за покачени триглицериди (на пример фибрати или nicotinic acid), 3. намалени вредности за HDL-холестеролот мажи < 40 mg/dL (1,03 mmol/L), жени <50 mg/dL (1,29 mmol/L), или третман со лекови за намалени вредности за HDL-холестеролот (на пример фибрати или nicotinic acid), 4. покачени вредности на крвниот притисок: систолен ≥ 130 mmHg и/или дијастолен ≥ 85 mmHg; или третман со лекови за хипертензија, 5. покачени вредности на гликемија на гладно ≥ 100 mg/dL (5,6 mmol/L); или третман со лекови за покачена гликемија; согласност да се извршат сите процедури според протоколот. **Вториот наслов** се однесува на исклучувачките критериуми: лоша конфигурација на вратот, односно кус и дебел врат и други физиолошки и патолошки абнормалности на вратот, кои што технички би го попречиле ултрасонографското испитување; анатомски ангиолошки варијации, како што е високо поставена каротидна бифуркација и достапност на само краток сегмент од ACI кои ја попречуваат егзактноста на ултрасонографската проценка; операции или други извршени интервенции на каротидните артерии, како што се перкутана транслуминална ангиопластика - ПТА, тромбендартеректомија, поставување на стент на каротидните артерии, bypass на a. subclavia и ACI и други јатрогени процедури и интервенции со кои има егзогено влијаните на луменот и/или ендотелот на каротидните артерии; малолетни лица; трудници и доилки; нерепонибилна умбиликална хернија, туморозни промени на абдоменот, асцитес и останати состојби кои доведуваат до сигнификантно зголемување на обемот на половината, а кои не се поврзани со абдоминална обезност и кои како такви би ги компромитирале резултатите од мерењето на обемот на половината; пациенти кај кои судски им е одреден старател и

кои правно не смеат да одлучуваат самостојно; недоволна желба, соработка или друг вид на спреченост да се извршат сите процедури според протоколот. Кандидатката во петото поглавје дава детален опис на сите методи, како и на начиот и материјалите со кои тие се изведуваат. Согласно со NCEP ATP III дијагностичките критериуми, за одредување на абдоминалната дебелина, во оваа студија бил мерен обемот на половината со мека лента, кој е едноставен, практичен, евтин, неинвазивен и многу информативен метод. Крвниот притисок бил мерен со стандарден сфигмоманометар со манжетни со соодветна големина и аускултаторна метода препорачани во седмиот извештај на Заедничкиот национален комитет за превенција, откривање, проценка и третман на висок крвен притисок (Seventh Report of the Joint National Committee on Prevention, Detection, Evaluation, and Treatment of High Blood Pressure). Биле правени најмалку две мерења и просекот се евидентирал. За проценка на метаболичките параметри, лабораториски биле иследени гликемија на гладно во крвта (FBG), триглицериди и липопротеинскиот холестерол со висока густина (HDL-C), со земање на примероци на венска крв по целоноќно нејадење и избегнување на течности. Биохемиските анализи биле изработени во матичната лабораторија при ГОБ „8 - ми септември“ - Скопје. Диференцирање на асимптоматската од симптоматската CAD се вршела со клиничката проценка со анамнеза и комплетен невролошки статус по стандарден протокол, а за дополнително објективизирање на симптоматската CAD се користела и КТМ од медицинската историја, која не била правена ексклузивно за студиските цели, туку како стандардна дијагностичка процедура, во склоп на нивниот медицински третман. Проценката за постоење на CAD била правена со ултрасонографското иследување на екстракранијалните каротидни артерии со апарат (Esaote MyLab™70 XVG), со линеарна сонда со трансмисиона фреквенција од 7,5 MHz. Кандидатката дава детален опис на општите карактеристики на екстракранијалниот ултразвучен преглед на каротидните артерии. За проценката на постоење на CAD била ултрасонографски евалуирана ACI, исто така била мерена и IMT на задниот ѕид од ACC. За нормална вредности на IMT се сметале вредностите помали или еднакви на 1 mm, секоја вредност над 1,5 mm се сметала за атеросклеротичен плак. Ултрасонографската проценка за постоење на CAD се правела според ултразвучни консесус критериуми за каротидна стеноза (Society of radiologist in Ultrasound consensus conference, од 2002, Сан Франциско), преку приказ на поделбата на стенозата на ACI: I отсуство на стеноза, нормален наод, ИМК нормален, без плаки, PSV <125cm/s, ACI/ACC однос на PSV <2, EDV <40cm/s; II степен на стеноза <50%, ИМК задебелен, присутен плак <50%, PSV <125cm/s, ACI/ACC однос на PSV <2, EDV <40cm/s; III степен на стеноза 50-69%, ИМК задебелен, видлив плак >50%, PSV 125-230 cm/s, ACI/ACC однос на PSV 2-4, EDV 40-100 cm/s; IV степен на стеноза 70% до субоклузија (до 99%), видливо стеснување >50%, PSV >230 cm/s, ACI/ACC однос на PSV >4, EDV >100cm/s; V степен- субоклузија /речиси оклузија, изразито стеснување, скоро облитерирана артерија, PSV може да биде низок или да не се детектира, ACI/ACC однос на PSV- варијабилен, EDV – варијабилен;VI степен- оклузија, нема проток, се гледа луменот, PSV нема проток, недектибилен, ACI/ACC однос на PSV- не е применливо, EDV – не е применливо.

Во следното **шесто поглавје** е прикажана статистичката анализа на податоците која е направена во статистичкиот програм SPSS for Windows 23.0. Податоците од интерес се прикажани табеларно и графички. За тестирање на дистрибуцијата на податоците е користен Kolmogoorov-Smirnov test. Квалитативните белези се прикажани со дистрибуција на фреквенции (апсолутна и релативна застапеност), квалитативните со просечни вредности, стандардна девијација, медијана и интерквартилен ранг. За споредување на формираните групи пациенти, во зависност од видот и дистрибуцијата на податоците, користени се параметарски (t-test for independent samples. Analysis of Variance) и непараметарски тестови за независни примероци (Mann-Whitny U test, Chi-square test, Fisher-exact test, Analysis of Variance test). За ниво на сигнификантност, односно значајност земена е, вредноста на p<0.05.

**Резултатите од истражувањето се прикажани во седмото поглавје. Добиените резултати** од спроведената статистичка анализа се прикажани прегледно

во табели и графикони поделени во **3 наслови**, со 17 поднаслови. **Првиот наслов** се однесува на **анализа на фреквенцијата на CAD кај испитаниците со MetS (ИГ) и испитаниците без MetS (КГ).** Согласно со добиените резултати, CAD била дијагностицирана кај 77 (96,25 %) испитаници од ИГ и кај 34 (42,5 %) испитаници од КГ. Почестата фреквенција на испитаници со CAD во ИГ и статистички се потврди како сигнификантна, за $p<0.0001$. Овој статистички резултат сугерира на заклучок дека метаболичкиот синдром е сигнификантно асоциран со CAD. Во однос на половата дистрибуција, резултатите од статистичката анализа покажуваат дека полот на испитаниците од испитуваната и контролна група нема сигнификантно влијание на зачестеноста на CAD ($p=0.085$, $p=0.58$, соодветно). Во однос на возрасната дистрибуција, испитаниците од ИГ со и без CAD не се разликуваат сигнификантно во однос на нивната просечна возраст ($p=0.39$). Испитаниците од КГ со CAD и без CAD имале статистички сигнификантна разликата во просечната возраст од 15,6 години ($p<0.0001$). Во **вториот наслов** е прикажана **статистичката анализа на клиничките, биохемиските и ултрасонографските карактеристики кај испитуваната и контролната група,** разчленети и детално опишани во **14 поднаслови.** Во **првиот, вториот и третиот и четвртиот поднаслов** се прикажани резултатите од статистичката анализа за крвниот притисок, систолниот крвен притисок (СКП), дијастолниот крвен притисок (ДКП) и медикаментозен третман за хипертензија (НТА). Резултатите од статистичката анализа покажаа дека испитаниците со метаболички синдром сигнификанто почесто од испитаниците без метаболички синдром имаа покачен систолен крвен притисок ($p<0.0001$), односно 72 (90 %) испитаници од ИГ наспроти 36 (45 %) испитаници од КГ имаа покачен систолен крвен притисок. Резултатите покажуваат статистички сигнификантна разликата од 19,1 mmHg меѓу просечните вредности за СКП на испитаниците од ИГ и КГ, ($p<0.0001$). Сигнификантно повисоки вредности на СКП имаа испитаниците со метаболички синдром. Во однос на полова дистрибуција кај испитаниците од ИГ со метаболички синдром, машките испитаници сигнификантно почесто од женските испитаници имаа покачен систолен крвен притисок ($p=0.031$). Во КГ беше потврдена сигнификантна разлика во возраста, меѓу испитаниците со покачен и нормален систолен крвен притисок ($p=0.000001$). Резултатите од статистичката анализа покажаа дека испитаниците со метаболички синдром сигнификанто почесто од испитаниците без метаболички синдром имаа покачен дијастолен крвен притисок (ДКП) ($p=0.00024$), односно 53 (66,25%) испитаници од ИГ наспроти 30 (37,5%) испитаници од КГ имаа покачен ДКП. Испитаниците од КГ со и без покачен ДКП, имаа статистички значајна разлика во вредностите за просечната возраст од 11,4 години ($p=0.0002$). Разликата од 5,9 mmHg за просечните вредности на ДКП меѓу ИГ и КГ статистички се потврди како сигнификантна за вредност на $p=0.0015$. Сигнификантно повисоки вредности на ДКП имаа испитаниците со метаболички синдром. За $p<0.0001$ се потврдила статистичка сигнификантна разлика во дистрибуција на испитаници со и без третман за НТА, а во зависност од присутен/отсутен метаболички синдром. Терапија за НТА значително почесто примале испитаниците со метаболички синдром. Во однос на возрасната дистрибуција, на третман за НТА сигнификантно беа постари испитаници и во ИГ ($p=0.042$), и во КГ ($p<0.0001$). Во **петтиот поднаслов** се прикажани резултатите од статистичката анализа за **абдоминалната дебелина**, одредувана преку обемот на половината. Испитаниците од двете групи не се разликуваа сигнификантно во однос на фреквенцијата на зголемен обем на половина (ОП) ($p=0.19$). Незначајно почесто зголемен обем на половина имаа испитаниците од ИГ 51 (63,75%) vs 43 (53,75%). Во однос на возрасната дистрибуција, возраста на испитаниците со зголемени и нормални вредности на ОП беше сигнификантно различна кај испитаниците без метаболички синдром ($p=0.016$), како резултат на значајно помлади испитаници со зголемен обем на половина споредено со возраста на испитаниците со нормален обем на половина ($53{,}84 \pm 14{,}1$ vs $61{,}16 \pm 12{,}3$). Во **шестиот и седмиот поднаслов** се прикажани резултатите од статистичката анализа за покачени вредности на **гликемија** на гладно и терапија за покачена гликемија на гладно. Покачени вредности на гликемија на гладно

сигнификантно почесто беа измерени кај испитаниците со MetS, споредено со испитаниците без MetS (p<0.0001). Согласно со прикажаните резултати, 55 (68,75%) испитаници од ИГ, а 10 (12,5%) од КГ имаа зголемена гликемија на гладно. Испитаниците од испитуваната и контролната група имале сигнификантно различни серумски вредности на глукоза на гладно (p<0.0001). Испитаниците со метаболички синдром сигнификантно почесто од испитаниците без метаболички синдром примале терапија за покачена гликемија – 36 (45%) vs 5 (6.25%); p<0.0001. В**о осмиот и деветтиот поднаслов** се прикажани резултатите од статистичката анализа за застапеноста на покачени вредности триглицеридите и терапија за покачени вредности на триглицериди. Серумските триглицериди имаа покачени вредности кај 43 (53,75 %) испитаници од ИГ и 10 (12,5 %) испитаници од КГ. Почестата застапеност на покачени триглицериди во групата со метаболички синдром, наспроти групата без метаболички синдром, и статистички се потврдила како сигнификантна, односно значајна (p<0.0001). Статистичка сигнификантна разлика се потврдила во концентрацијата на серумските триглицериди меѓу испитуваната и контролна група (p<0.0001),со повисоки просечни и медијални вредности за истите кај ИГ. Медикаментозна терапија за покачени триглицериди примале 31 (38,75 %) испитаници од ИГ, наспроти 2 (2,5 %) испитаници од КГ, и разликата била статистички значајна со сигнификантност од p<0.0001. Во **десеттиот и единаесеттиот поднаслов** се прикажани резултатите од статистичката анализа за застапеноста на намалени вредности на серумски **HDL,** кои биле регистрирани кај повеќе од половина испитаници со метаболички синдром, односно 42 (52,5 %) испитаници, и кај 5 (6,25 %) испитаници без метаболички синдром. За p<0.0001 се потврдила статистичка сигнификантна разлика меѓу двете анализирани групи испитаници, во однос на намалени и нормални вредности на HDL во серум. Намалени вредности биле значајно почесто измерени кај испитаниците со метаболички синдром. Во однос на возрасната дистрибуција, возраста кај испитаниците од ИГ со метаболички синдром имала сигнификантно влијание на серумскиот HDL-холестерол (p=0.026). Испитаниците со намалени серумски концентрации на HDL биле сигнификантно помлади од испитаниците со нормални вредности. Резултатите од статистичката анализа покажале дека испитаниците од ИГ со метаболички синдром имале сигнификантно пониски серумски концентрации на HDL во споредба со испитаниците од КГ без метаболички синдром (p<0.0001). Испитаниците со метаболички синдром сигнификантно почесто од испитаниците без метаболички синдром биле на терапија за намален HDL во серум (p<0.0001). Во **дванаесеттиот поднаслов** се прикажани резултатите за **покачени триглицериди, а намален HDL** во серум. Статистичка сигнификантна биле разликата во дистрибуција на испитаници со и без покачени триглицериди и намален HDL, меѓу испитуваната и контролна група испитаници (p<0.0001). Во однос на возрасната дистрибуција, возраста на испитаниците со метаболен синдром имала сигнификантно влијание на серумската концентрација на триглицериди и HDL-холестерол (p=0.017). Во **тринаесеттиот и четиринаесеттиот поднаслов** се прикажани резултатите за дистрибуцијата на испитаниците од двете групи во однос на **степенот на каротидна стеноза, симптоматска и асимптоматска CAD.** Согласно со прикажаните резултати, I степен на стеноза, односно нормален наод беше присутен кај 3 (3,75 %) испитаници од ИГ и 46 (57,5%) од КГ; II степен на стеноза кај 63 (78,75 %) испитаници од ИГ и 34 (42,5 %) од КГ; наод на III, IV, V и VI степен на каротидна стеноза имаа само испитаниците од ИГ, при што 3 (3,75 %) од нив имаа најтежок, VI степен на стеноза. Согласно со резултатите за возрасната дистрибуција, степенот на каротидна стеноза зависел сигнификантно од возраста на испитаниците без метаболички синдром (p<0.0001). Во оваа група, сигнификантно постари биле испитаниците со II степен на стеноза наспроти испитаниците со I степен, односно нормален наод (66,4 ± 8,6 vs 50,6 ± 12,9). CAD била симптоматска кај 52 (67,5 %) пациенти од ИГ, и кај само 2 (5,9 %) пациенти од КГ, додека со асимптоматска CAD била регистрирани 25 (32,47 %) испитаници од ИГ и 32 (94,12 %) од КГ. Почестиот наод на симптоматска CAD кај испитаниците со MetS, споредено со испитаниците од КГ, и почестиот наод на

асимптоматска кај испитаниците без MetS и статистички се потврди како сигнификантен, односно значаен ($p<0.0001$). Кај испитаниците со симптоматска CAD од ИГ, CVI или TIA несигнификантно различно биле дијагностицирани кај женските и машки испитаници ($p=0.89$). CVI имале 20 (47,7 %), женски и 22 (52,4 %), машки испитаници, TIA била подеднакво регистрирана кај женските и машки испитаници од ИГ 5 (50 %). Кај испитаниците со симптоматска CAD од КГ, 2 испитаници имале CVI, еден од женски пол и еден од машки пол. Во однос на возрасната дистрибуција, статистичката анализа не потврдила сигнификантно различна просечна возраст на испитаниците со CVI и TIA од ИГ (68,8 ± 9,1 и 67,8 ± 8,9 години, соодветно; p=0,75). **Третиот наслов** ги опфаќа резултатите за генералните карактерстки на истражувачкиот примерок, систематизирани во **три посебни поднаслови** кои ги содржат резултатите за демографските карактеристики на истражувачкиот примерок, посебните карактеристики на ИГ и КГ**. Првиот поднаслов** ги содржи резултатите за демографските карактеристики на истражувачкиот примерок. Во однос на половата дистрибуција, испитаниците од двете групи биле хомогени во однос на половата структура, односно статистички несигнификантна била разликата во дистрибуција на женски и машки испитаници меѓу испитуваната и контролна група ($p=0.2$). Разликата во просечната возраст од 11,3 години меѓу ИГ и КГ статистички се потврдила како сигнификантна, за вредност на $p<0.0001$. Испитаниците со метаболички синдром биле значајно постари од испитаниците без метаболички синдром. Во **вториот поднаслов**, кој се однесува на посебните карактеристики на ИГ, резултатите за дистрибуцијата на испитаниците од ИГ во однос на бројот на метаболички ризик-фактори како компоненти на MetS, покажуваат дека најчесто биле застапени испитаници со 4 ризик-фактори со 34 (42,5 %), следено од 24 (30 %) испитаници со 3 ризик-фактори и 22 (27,5 %) испитаници со 5 метаболички ризик-фактори. Не била најдена статистичка сигнификантна разлика меѓу женските и машки испитаници со метаболички синдром во однос на бројот на метаболички ризик-фактори ($p=0.38$). Не била најдена статистички сигнификантна разлика во однос на возрасната дистрибуција на испитаниците од ИГ со различен број на метаболички ризик-фактори ($p=0.72$). Резултатите од статистичката анализа за застапеноста на CAD кај испитаниците од ИГ со различен број на компоненти на MetS покажуваат дека CAD била дијагностицирана кај 21 (87,5 %) испитаници со 3 метаболички ризик-фактори и кај сите испитаници со 4 и 5 ризик-фактори. Со тоа и статистички се потврдува дека испитаниците со помал број на ризик-фактори за метаболички синдром имаат значајно поретко каротидна артериска болест ($p=0.026$). Резултатите од статистичката анализа за застапеноста на симптоматска CAD кај испитаниците од ИГ со различен број на компоненти на MetS покажале застапеност на симптоматска CAD кај 13 (61,9 %) испитаници со 3 метаболички ризик-фактори, кај 22 (64,7 %) со 4 ризик-фактори, и кај 17 (77,3 %) со 5 ризик-фактори. Испитаниците со и без CAD се разликуваат сигнификантно во однос на бројот на метаболички ризик-фактори како компонети на MetS ($p=0.026$). Резултатите ја покажуваат следнава застапеност на поединечните метаболички ризик-фактори во ИГ: HTA и/или третман за HTA имале 79 (98,75 %) испитаници, покачени триглицериди во серум и/или третман за покачени триглицериди 68 (85 %) испитаници, намален серумски HDL холестерол и/или треман за намален HDL холестерол имале 62 (77,5 %) испитаници, покачени вредности на гликемија на гладно и/или треман за покачена гликемија на гладно имале 58 (72,5 %) испитаници, абдоминална дебелина имале 51 (63,75 %) испитаник. Резултатите за половата дистрибуција кај ИГ, во однос на поединечната застапеност на метаболичките ризик-фактори, покажуваат дека тие се разликуваат сигнификантно само во однос на зачестеност на покачени серумски триглицериди и/или третман за покачени триглицериди како ризик-фактор, оваа разлика била сигнификантно различна кај женските и машки испитаници ($p=0.016$). Резултатите за возрасната дистрибуција кај ИГ, во однос на поединечната застапеност на метаболичките ризик-фактори, покажуваат дека тие не се разликуваат сигнификантно во однос на зачестеност на ниеден метаболички ризик-фактор како поединечна компонентна на MetS. Бројот на метаболички ризик-фактори не се

разликува сигнификантно кај испитаниците од ИГ со симптоматска и асимптоматска CAD (p=0.5). Резултатите од статистичката анализа покажуваат дека во групата со MetS, не е најдена сигнификантна разлика меѓу испитаниците со симптоматска и асимптоматска CAD во однос на застапеност на абдоминална дебелина (p=0.46), покачени серумски триглицериди и/или третман за покачени триглицериди (p=0.77), намален серумски HDL холестерол и/или третман за намалени вредности на HDL холестерол (p=0.78), покачен крвен притисок и/или третман за покачен крвен притисок (p=0.15), покачени вредности на гликемија на гладно и/или третман за покачени вредности на гликемија на гладно (p=0.08). Степенот на каротидна стеноза сигнификантно се разликуваше меѓу испитаниците од ИГ, со симптоматска и асимптоматска CAD (p=0.00004). Испитаниците со симптоматска и асимптоматска CAD имале најчесто II степен на стеноза, и тоа кај 42 (80,77 %) и 21 (84 %), соодветно. Не биле детектирани испитаници со асимптоматска CAD со IV, V и VI степен на каротидна стеноза. **Третиот поднаслов** се однесува на резултатите за посебните карактеристики на контролната група. Во однос на бројот на поединечни метаболички ризик-фактори кај КГ, 47 (58,75 %) имале 1 метаболички ризик- фактор, а кај останатите 33 (41,25%) испитаници од оваа група биле присутни 2 метаболички ризик-фактора и при тоа не била најдена статистичка сигнификантна разлика во половата дистрибуција во зависност од бројот на метаболички фактори на ризик (p=0.26). Резултатите за возрасната дистрибуција во однос на бројот на метаболички ризик-фактори кај КГ, покажуваат дека бројот на метаболички ризик-фактори сигнификантно зависи од нивната возраст (p=0.000013). Значајно постари биле испитаниците со 2 ризик-фактора. Резултатите од статистичката анализа за застапеноста на поединечните метаболички ризик-фактори кај испитаниците од КГ покажуваат дека најчесто застапен метаболички ризик-фактор е абдоминалната дебелина, присутна кај 43 (53,75 %) испитаници, потоа по зачестеноста следат хипертензијата и/или третман за HTA кај 40 (50 %) испитаници, покачени серумски триглицериди и/или третман за покачени триглицериди кај 12 (15 %) испитаници, покачени вредности на гликемија на гладно и/или третман за покачена гликемија на гладно кај 11 (13,75%) испитаници, и намален серумски HDL холестрол и/или третман за намален HDL холетерол кај 7 (8,75%) испитаници. Резултатите од статистичкаат анализа не покажаа статистичка сигнификантна разлика за половата дистрибуција кај КГ, во однос на поединечната застапеност на метаболички ризик-фактори (p>0.05). Резултатите од статистичката анализа за возрасната дистрибуција кај испитаниците од КГ по однос на поединечните метаболички ризик-фактори, покажаа дека возраста на испитаниците од КГ имаше сигнификантно влијание на обемот на половина (p=0.016) и на крвниот притисок (p<0.0001). Во КГ CAD била регистрирана кај вкупно 34 испитаници, од кои 2 (5,88%) испитаника биле со симптоматска CAD, додека 32 (94,11%) испитаника биле со асимптоматска CAD. Резултатите од статистичката анализа за застапеноста на симптоматска и асимптоматска CAD кај испитаниците од КГ по однос на бројот на метаболички ризик-фактори, покажуваат дека вкупно двајца испитаници од КГ со симптоматска CAD имаа 2 метаболички ризик-фактори, додека кај испитаниците со асимптоматска CAD, со 2 метаболички ризик-фактори биле регистрирани 18 (56,25%) испитаници. Статистичка сигнификантност за p=0.017 била најдена при испитување на асоцираноста на половата дистрибуција кај испитаниците со асимптоматска CAD од КГ со бројот на метаболички ризик-фактори. Жените биле застапени со 6 (42,9%) испитаници во групата со еден ризик-фактор, мажите со 8 (57,1%) испитаници. Во групата со 2 ризик-фактора, жените биле застапени со 15 (83,3%) испитаници, мажите со 3 (16,7%) испитаници. Статистичката анализа за возрасната дистрибуција во однос на бројот на метаболички ризик-фактори кај испитаниците од КГ со асимптоматска CAD, покажала дека возраста на испитаниците од КГ со асимптоматска CAD, била несигнификантно различна во зависност од бројот на метаболички фактори на ризик (p=0.19). Резултатите од статистичката анализа покажуваат дека во групата без метаболички синдром, не била најдена сигнификантна разлика меѓу испитаниците со симптоматска и асимптоматска каротидна артериска болест во однос на сите

метаболички ризик-фактори, односно, во однос на застапеност на абдоминална дебелина (p=1.0), покачени серумски триглицериди (p=0.58), намалени серумски вредности на HDL холестерол (p=0.28), покачен крвен притисок (p=0.45) и покачени вредности на гликемија на гладно (p=1.0). Кај КГ со наод на II степен на стеноза биле двајцата испитаници со симптоматска CAD и сите 32 испитаници со асимптоматска CAD.

**Дискусијата** на докторската дисертација, која опфаќа детална анализа на добиените резултати, е елаборирана во **деветтото поглавје, организирано во 5 наслови и 8 поднаслови**. Кандидатката систематизирано во одделни целини дава толкувања на добиените резултати и ги споредува со објавени релевантни резултати од современи автори кои дале значителен придонес во обработка на оваа проблематика. Широкиот спектар на достапни современи истражувачки студии и објавени резултати го оправдува и го прави актуелно ова истражување. Во првиот и вториот наслов од дискусијата е дадено образложение за поврзаност на MetS со екстракранијалната атеросклеротична CAD како ризик-фактор за CVI и TIA, и застапеноста на CAD кај ИГ и КГ, преку анализа на преваленцата, половата и возрасната дистрибуција. Во однос на половата дистрибуција испитаниците од двете групи биле почесто од женски пол, што е во согласност со резултатите од најголемиот број од студии кои истражувале половата дистрибуција кај испитаници со MetS и ја потврдува поголемата дистрибуција на MetS кај жените. Возрасната дистрибуција кај двете групи покажува разликата во просечната возраст од 11,3 години која статистички се потврдила како сигнификантна, за вредност на $p<0.0001$, односно испитаниците со MetS биле значајно постари од испитаниците без MetS, што е во согласност со возрасната дистрибуција на MetS од најголем број од истражувањата. Така во студијата на Li et al. како и во повеќето други испитувања испитаниците со MetS се повозрасни во споредба со испитаниците кои не ги задоволуваат критериумите за MetS. Резултатите од истражувањето на Li et al. покажале зголемување на преваленцата со возраста и кај двата пола. Резултатите од оваа докторска дисертација се во во согласност со податоците од литературата и резултатите од направените истражувања, односно е потврдена значајна асоцијација на MetS со CAD како значаен ризик-фактор за CVI и TIA. Почестата фреквенција на испитаници со CAD во ИГ, во споредба со фреквенцијата на CAD кај испитаниците од КГ и статистички се потврдила како сигнификантна, за $p<0.0001$. Овој статистички резултат сугерира на заклучок дека CAD е сигнификантно асоцирана со MetS. Ова уште еднаш го потврдува и подржува фактот дека групирањето на метаболички ризик-фактори во MetS има големо клиничко значење во идентификувањето на ранлива популација со CAD како значаен ризик-фактор за CVI и TIA и нивна навремена и адекватна примарна и секундарна првенција. Во **третиот наслов** се разгледуваат клинички, биохемиски и екстракранијални ултрасонографски карактеристики на каротидните артерии кај испитаниците со и без MetS. Кандидатката преку 8 поднаслови прави детален преглед и анализа на резултатите од достапните релевантни истражувања за секоја компонета на MetS и истите ги споредува со резултатите од докторската дисертација**.** Имено, направената анализа на резултатите од достапните истражувања за застапеноста на HTA и/или третман за HTA како компонента на MetS, покажала поголема застапеност на истата кај испитаниците со MetS, во споредба со испитаници без MetS. Во однос на процентуалната застапеност на HTA и/или третман за HTA како компонета на MetS во најголем број од достапните истражувања е добиен висок процент на застапеност. Така во PAMELA (Pressioni Arteriose Monitorate E Loro Associazioni) студијата дури 80% од субјектите со MetS имале хипертензија. Во студијата на Aline Longo et al. била добиена застапеност на HTA од дури 100% кај испитаниците со MetS. Во оваа докторска дисертација HTA и/или Третман за HTA била застапена кај 79 (98,75%) испитаници со MetS. Овие добиени резултати се во согласност со резултатите од достапните истражувања. Во направената анализа на резултатите од научните истражувања за застапеноста на зголемената абдоминалана дебелина, е прикажан висок процент на застапеност, но хетерогеност во однос на добиените резултати за процентуална застапеност, која се движела од 56,8% во студијата на Kürsat Gündogan M.D., до 95,41%

(OR: 353.13; 95% CI: 136.16-915.81) во студијата на Wiliane J. T. Marbou и Victor Kuete. Во оваа докторска дисертација абдоминална дебелина била застапена кај 51 (63,75%) испитаник со MetS. Овие резултати се во согласност со процентуалниот распон на застапеност на абдоминалната дебелина како компонента на MetS во достапните истражувања. Кандидатката прави опсежна анализа на резултатите од бројни научни истражувања за застапеноста на гликемијата на гладно, како компонета на MetS, како и анализа на нејзината полова и возрасна дистрибуција. Резултатите од оваа докторска дисертација покажале застапеност на покачени вредности на гликемија на гладно и/или третман за покачена гликемија на гладно кај 58 (72,5%) испитаници со MetS. Овие резултати се во согласност со анализата на резултатите од истражувањата за застапеноста на гликемијата како компонента на MetS, со најголемо совпаѓање со резултатите од студијата на Aline Longo et al. каде покачени вредности на гликемија на гладно биле застапени со 75,6%. Резултатити од досегашните истражувања покажуваат различна застапеност на покачените триглицериди во серум кај испитаниците со MetS. Во споредба со досегашните истражувања во оваа докторска дисертација се добиени повисоки вредности (85%) за застапеноста на покачените триглицериди и/или треман за покачени триглицериди како поединечна компонента кај испитаниците со MetS. Односно, највисоки вредности за покачени триглицериди во серум кај испитаниците со MetS од досегашните истражувања се добиени кај Wiliane J. T. Marbou и Victor Kuete од 53,97%. Во оваа докторска дисертација статистичките резултати покажале застапеност на намален серумски HDL холестерол и/или терапија за намалени вредности на HDL холестерол кај 62 (77,5%) испитаници. Овие резултати се најблиски до резултатите од студијата на Aline Longo et al. кои покажале процентуална застапеност на намалени вредности на HDL како компонента на MetS од 78,0%. Кандидатката прави анализа на резултатите од повеќе студии за ултрасонографските карактеристики на CAD, по однос на повеќе параметри, возраст, пол, раса, степен на стеноза, како и преваленцата на асимптоматската и симптоматската CAD. Во оваа докторска дисертација, резултатите за степенот на каротидна стеноза сигнификантно се разликуваат меѓу испитаниците од ИГ, со симптоматска и асимптоматска CAD (p=0.00004). Испитаниците со симптоматска и асимптоматска CAD и MetS најчесто имале II степен на стеноза и тоа кај 42 (80,8%) и 21 (84%), соодветно; не биле детектирани испитаници со асимптоматска CAD и MetS со степен IV, V и VI на стеноза. Постојат инсуфициентни податоци од литературата и мал број на студии кои правеле иследување за асоцираноста на MetS и CAD во однос на степенот на каротидна стеноза согласно со ултразвучните консензус-критериуми. Оваа докторска дисертација, е всушност единствена која прави екстензивна анализа на асоцијацијата на MetS, на појавата на CAD и нејзините ултразвучни карактеристики согласно со ултразвучните консензус-кретериуми за CAD, заедно со клиничките и биохемиските карактеристики на испитаниците со и без MetS. Во **четвртиот и петиот наслов** кандидатката ги споредува сопствените резултати со резултатите од досегашните истражувања за фреквенцијата на асимптоматската и симптоматската CAD кај испитаниците со и без MetS. Во оваа докторска дисертација имало вкупно 57 испитаници со асимптоматска CAD, од кои 25 биле испитаници со MetS од ИГ и 32 испитаници без MetS од КГ, додека симптоматската CAD била регистрирана кај 52 (67,53%) испитаници со MetS од ИГ, и кај само 2 (5,88%) испитаници од КГ. Почестиот наод на симптоматска CAD кај испитаниците со MetS споредено со испитаниците од КГ, и почестиот наод на асимптоматска кај испитаниците без MetS статистички е потврден како сигнификантен, односно значаен (p<0.0001). Резултатите од оваа докторска дисертација за застапеноста на симптоматската CAD кај испитаници со MetS, се разликуваат со резултатите на останатите анализирани студии, односно е во повисок процент на застапеност. Но, сепак мора да се истакне многу важниот факт дека не постојат доволно истражувања за дистрибуцијата на симптоматската и асимптоматската CAD кај испитаници со MetS, исто така не постојат доволно податоци и во достапната литература. Ваквиот пристап на анализа на асоцијацијата на MetS и симптоматаската CAD, преку одредување на степен на стеноза е една од причините кои ја прават оваа докторска дисертација уникатна по многу нешта.

Во **деветото** поглавје врз основа на анализата на податоците и добиените резултати од истражувањето кандидатката ги формулира заклучоците од истражувањето. Уникатните откритија на оваа студија се дека испитаниците со MetS, идентификувани со клинички применливи NCEP ATP III критериуми, имаат значително поголема фреквенција на CAD (96,25 %), во споредба со испитаниците кои немаат MetS (42,5 %), а имаат еден или два индивидуални метаболички ризик-фактори. Почестата фреквенција на пациенти со CAD во ИГ и статистички се потврди како сигнификантна, за p<0.0001. Овој статистички резултат сугерира на заклучок дека MetS е сигнификантно асоциран со CAD. Компаративната анализа на клиничките, биохемиските и екстракранијалните ултрасонографски карактеристики на каротидните артерии кај испитаниците со MetS и испитаници без MetS, покажува дека испитаниците со метаболички синдром сигнификантно почесто од испитаниците без метаболички синдром имале: покачен систолен крвен притисок (p<0.0001), дијастолниот крвен притисок, почесто примале терапија за HTA, имале почесто покачени вредности на гликемија на гладно и почесто примале терапија за покачена гликемија на гладно (p<0.0001), имале почестата застапеност на покачени триглицериди (p<0.0001), почесто имале намалени вредности на серумски HDL (p<0.0001). Пациентите од двете групи не се разликувале сигнификантно во однос на фреквенцијата на зголемен обем на половина (p=0.19). Незначајно почесто зголемен обем на половина имале испитаниците од ИГ 63,75 % vs 53,75%. Анализата на екстракранијалните ултрасонографски карактеристики на каротидните артерии, покажала значајна поврзаност на MetS со напредната каротидна стеноза кај ИГ за разлика од КГ. Во оваа докторска дисертација имало вкупно 57 испитаници со асимптоматска CAD, од кои 25 (32,47 %) биле испитаници со MetS од испитуваната група и 32 (94,12 %) испитаници без MetS од контролната група. Симптоматска CAD била регистрирана кај вкупно 54 испитаници, 52 (67,53%) испитаника од групата со MetS и 2 (5,88 %) испитаника од групата без MetS, но со 1 и/или 2 метаболички ризик-фактори. Кај групата испитаници со MetS, CVI имале 42 испитаника (20 (47,7 %) женски и 22 (52,4 %) машки испитаници), TIA имале 10 испитаника, подеднакво регистрирана кај женските и машки испитаници од ИГ 5 (50%). Кај испитаниците со симптоматска CAD од КГ, 2 испитаници имале CVI, еден од женски пол и еден од машки пол. Почестиот наод на симптоматска CAD кај пациентите со метаболички синдром споредено со пациентите од КГ, и почестиот наод на асимптоматска кај пациентите без метаболички синдром и статистички се потврди како сигнификантен, односно значаен (p<0.0001). Ова открите упатува на силната, јасна и недвосмилена асоцијација на MetS со CAD како етиолошки чинител за исхемични мозочни случувања како најголема штетна последица по мозочното ткиво како краен орган. Ова откритие ќе помогне во адекватен и навремен пристап во третманот на CVI и TIA кој е етиолошки асоциран со екстракранијална атеросклеротична CAD, но и избор на навремени и правилни превентивни страгии за секундарна превенција од CVI и TIA.

Последната глава од докторската дисертација ја содржи приложената литература која е обемна и прегледна, содржи 162 референци, и коректно е цитирана по прифатените стандарди.

**Оцена на трудот**

Докторската дисертација на кандидатката д-р ТАТЈАНА ДЕЛЕВА-СТОШЕВСКА, со наслов: АСОЦИЈАЦИЈА НА МЕТАБОЛИЧКИ СИНДРОМ И КАРОТИДНА АРТЕРИСКА БОЛЕСТ КАКО РИЗИК-ФАКТОР ЗА ЦЕРЕБРОВАСКУЛАРЕН ИНСУЛТ И ТРАНЗИТОРНА ИСХЕМИЧНА АТАКА, претставува актуелно истражување во клиничката медицина од областа на неврологијата. Докторската дисертација е изработена по сите принципи на едно научно истражување. Во согласност со мотивот на студијата дефинирани се и целите на истражувањето, научниот пристап е оригинален и внимателно избран, а методологијата на испитување е современа. Поставените цели се во целина реализирани а добиените резултати се адекватно обработени,

интерпретирани и дискутирани во согласност со нивната научна и клиничко применета вредност. Од добиените резултати се изведени соодветни заклучоци. Клиничкото значење и научниот придонес на оваа студија произлегува од добиените резултати кои покажале силната, јасна и недвосмилена асоцијација на метаболичкиот синдром со каротидната артериска болест како ризик-фактор за цереброваскуларен инсулт и транзиторна исхемична атака. Оваа студија дава придонес таа да го најде своето место во идните Препораки за дијагноза и третман на пациенти со метаболички синдром, каротидна артериска болест и цереброваскуларен инсулт и транзиторна исхемична атака.

Докторската дисертација на кандидатката д-р ТАТЈАНА ДЕЛЕВА-СТОШЕВСКА, со наслов: АСОЦИЈАЦИЈА НА МЕТАБОЛИЧКИ СИНДРОМ И КАРОТИДНА АРТЕРИСКА БОЛЕСТ КАКО РИЗИК-ФАКТОР ЗА ЦЕРЕБРОВАСКУЛАРЕН ИНСУЛТ И ТРАНЗИТОРНА ИСХЕМИЧНА АТАКА, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

**ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ**

Кандидатката пред одбраната на докторскиот труд ги објавила (како прв автор во меѓународни научни списанија или еден труд во списание со импакт фактор) следниве рецензирани научноистражувачки трудови:

1. Deleva Stoshevska T. Prevalence of carotid artery disease in patients with metabolic syndrome. Archives of Public Health. 2020;12(3): 46-52.
2. Deleva Stoshevska T, Association of the components of metabolic syndrome and carotid artery disease and the significance of elevated blood pressure. Physioacta. 2019; 13(2):81-88.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Главен научен придонес на докторската дисертација е можноста од клиничка апликативна примена на добиените резултати кои укажуваат на значењето и прогностичката вредност во навременото препознавање на пациентите со метаболички синдром и нивна навремена екстракранијална ултрасонографска каротидна евалуација со цел адекватено и навремено дијагностицирање и третман на каротидна артериска болест како значаен ризик-фактор за цереброваскуларен инсулт и транзиторна исхемична атака како и избор на навремени и правилни превентивни страгии за примарна и секундарна превенција од цереброваскуларен инсулт и тарнзиторна исхемична атака. Ова открите упатува на силната, јасна и недвосмилена асоцијација на метаболичкиот синдром со каротидната артериска болест како етиолошки чинител за исхемични мозочни случувања како најголема штетна последица по мозочното ткиво како краен орган. Дополнителен придонес на ова истражување е промоцијата на примена на едноставни, неинвазивни, клиничко применливи, прецизни и точни дијагностички критериуми за метаболички синдром и каротидна артериска болест што има огромно клиничко, јавно здравствено и социоекономско значење во превенцијата и адекватниот треман на цеброваскулариниот инсулт и транзиторната исхемична атака и може да го најде своето место во идните Препораки за дијагноза и третман на пациенти со метаболички синдром, каротидна артериска болест и цереброваскуларен инсулт и транзиторна исхемична атака.

Подрачјето на примена на овој труд е клиничката дисциплина неврологија каде постои можност за примена на добиените сознанија со цел да се постави навремена дијагноза и да се донесе правилна одлука за третман на пациентите со метаболички синдром и каротидна артериска болест како значаен ризик-фактор за цереброваскуларен инсулт и транзиторна исхемична атака. Ограничување на оваа студија претставува нејзиниот дизајн како студија на пресек. Сепак, силна точка на оваа студија е големата и добро карактеризирана популација, особено големиот број на испитаници кај кои е направена екстракранијална каротидна ултразвучна егзаминација, заедно со внимателната примена на NCEP ATP III дијагностичките критериуми за метаболички синдром. Оттука, се чини веродостојно откритието дека метаболичкиит синдром е јасно асоциран со каротидна артериска болест како ризик-фактор за цереброваскуларен инсулт и транзиторна исхемична атака и затоа субјектите со метаболички синдром заслужуваат посебно внимание и од клинички и од терапевтски аспект.

Докторската дисертација АСОЦИЈАЦИЈА НА МЕТАБОЛИЧКИ СИНДРОМ И КАРОТИДНА АРТЕРИСКА БОЛЕСТ КАКО РИЗИК-ФАКТОР ЗА ЦЕРЕБРОВАСКУЛАРЕН ИНСУЛТ И ТРАНЗИТОРНА ИСХЕМИЧНА АТАКА, поднесена од д-р ТАТЈАНА ДЕЛЕВА-СТОШЕВСКА, претставува оргинален и самостоен научен труд и во целост ги исполнува условите согласно со Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на третиот циклус – докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Комисијата смета дека трудот е автентичен и актуелен, има значаен научен и апликативен придонес, во целина ги обработува поставените проблеми и ги содржи сите елементи на научен труд, со јасно дефинирани цели, прецизно изложени материјал и методи и детално прикажани и статистички обработени резултати на студијата. Дискусијата и заклучоците се објективни и даваат прецизни одговори на поставените цели.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кадидатката ТАТЈАНА ДЕЛЕВА-СТОШЕВСКА со наслов: АСОЦИЈАЦИЈА НА МЕТАБОЛИЧКИ СИНДРОМ И КАРОТИДНА АРТЕРИСКА БОЛЕСТ КАКО РИЗИК-ФАКТОР ЗА ЦЕРЕБРОВАСКУЛАРЕН ИНСУЛТ И ТРАНЗИТОРНА ИСХЕМИЧНА АТАКА.

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Анита Арсовска, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Јулија Живадиновиќ-Богдановска, ментор, с.р.**
**Проф. д-р Наталија Банева-Долненец, член, с.р.**
**Проф. д-р Драгана Петровска Цветковска, член, с.р.**
**Проф. д-р Бети Зафирова Ивановска, член, с.р.**

До:
Наставно-научниот совет
на Медицинскиот факултет во Скопје
и Рецензентската комисија

**ПРИГОВОР**
од в. н. сор. д-р Арбен Таравари, вработен на Универзитетската клиника за неврологија во Скопје, на Рефератот со заклучок на Рецензентската комисија за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања од областа неврологија, објавен на 1.1.2021 г.
Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр.02-3524/35, донесена на 22.9.2020 година, донесена на XXIX редовна седница, формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Дијана Никодиевиќ, проф. д-р Гордана Китева Тренчевска, проф. д-р Игор Петров, проф. д-р Драгана Петровска Цветковска и проф. д-р Аспазија Софијанова.
Приговорот се однесува на непочитување на законските одредби, тенденциозноста и необјективноста во заклучокот на Рецензентската комисија, изнесени во Анекс 2. Евидентна е дискриминацијата при изборот на кандидатите, односно позитивна рецензија се дава на основа на возраст (години на старост), а не на основа на квалитетите на кандидатите, како научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Сметам дека како виш научен соработник, предничам пред останатите кандидати и сум со највисок научно-соработнички статус, предничам и по година на докторирање (2010 год.) многу пред останатите колеги, и имам најбогато наставно искуство како со студенти, така и со едукативни работилници и состаноци на кои несебично го пренесувам своето знаење и сум високо бодиран од страна на студентите, во процесот на самоевалуација. Воедно, сакам да истакнам дека имам континутитет во мојата научна кариера од помлад асистент до сегашниот статус како виш научен соработник, наспроти дел од останатите кандидати. Воедно, имам земено учество како предавач во низа стручни состаноци во земјата, но и меѓународни, па со самото тоа имам оставено импакт на промовирање и афирмирање на нашата катедра во и надвор од земјата. Предничам во однос на останатите кандидати и во однос на издавање на книги и практикуми од научната област неврологија, но воедно и во формирањето на Катедрата за семејна медицина. Имам остварено многу менторства на дипломски одбрани, но и специјалистички испити како на неврологија, така и на семејна медицина.
Во текот на работата на Рецензентската комисија, од страна на еден кандидат, комплетно е сменето бодирањето во однос на тоа што е првично доставено до Комисијата, на еден единствен состанок на кој не е разгледана комплетната документација на кандидатите. Се прашувам дали постои друг факултет или универзитет во земјава или во светот каде што ова се случува, затоа што, според мене, претставува груб начин на протекционизам, особено бидејќи се работи за кандидат кој е позитивно оценет, а е директор на Клиниката, и моќта е во негови раце. Воедно, сакам да напоменам дека сум прв Албанец доктор на науки на Клиниката за неврологија и на Медицинскиот факултет во Скопје, и за целиов период сум онеправдан, што буди сомнеж за селективен пристап. Ова делува разочарувачки и дестимулативно во смисла на тоа дали треба да работиме, да се натпреваруваме и да постигнуваме резултати кога тоа воопшто не се вреднува.

Подносител на Приговорот
Скопје, 8.1.2021 В. н. сор. д-р Арбен Таравари, с.р.

**До:**
**Наставно-научниот совет на**
**Медицинскиот факултет во Скопје**

**ПРЕДМЕТ**: Одговор на Приговор
Одговор на Приговорот поднесен од виш научен соработник д-р Арбен Таравари, заведен под број 02-25/2 од 11.1.2021 година, во врска со заклучокот на Референтот за избор на 1 (еден) наставник во сите наставно-научни звања по предметот Неврологија, објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје број 1229 од 1.1.2021 година.
Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Дијана Никодиевиќ, проф. д-р Гордана Китева-Тренчевска, проф. д-р Игор Петров и проф. д-р Аспазија Софијанова го поднесува следниов

**О д г о в о р**

При разгледувањето на приложената документација на кандидатите пријавени на конкурсот за избор на 1 (еден) наставник во сите звања согласно со објавениот конкурс во дневните весници „Нова Македонија“ и „Коха“ од 2.9.2020 год., Рецензентската комисија се раководеше согласно со член 38 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Рецензентската комисија, по разгледувањето на Приговорот, констатира дека тој е неоснован по сите наводи и затоа останува на својот став образложен во заклучокот на Референтот.
**Образложение:**
Сите кандидати беа бодирани согласно со Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник број 411 од 5.11.2018 година). Рецензентската комисија темелно ги разгледа досиејата на сите пријавени кандидати и ги бодираше сите активности за кои кандидатите имаа доставено соодветна документација.
Н. сор. д-р Иван Барбов е порано вработен на Универзитетската клиника за неврологија и порано специјализирал (2002 год.) во однос на подносителот на Приговорот (2006 год), и има многу подолг стаж во стручната, научната и апликативната дејност.
Н. сор. д-р Барбов со години активно учествува во едукација на специјализантите и студенти на Клиниката за неврологија. Како раководител на Одделот за невромускулни болести, континуирано придонесува за осовременување на нивното тераписко менаџирање, особено од областа на ретките болести. Н. сор. д-р Иван Барбов дава свој придонес и во спроведување на најсовремената терапија на мултипла склероза, што посебно придонесе за афирмирање и промовирање на Универзитетската клиника за неврологија. Поседува континуитет во научната кариера, за што во прилог говорат и многуте научни трудови доставени до Комисијата.
Со оглед на гореневеденото и бодирањето на наставно-научната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност и должината на стажот на кандидатите, Рецензентската комисија го отфрла Приговорот на виш научен соработник д-р Арбен Таравари и го потврдува својот став со предлог, до Наставно-научниот совет, н. сор. д-р Иван Барбов да биде избран во наставно-научното звање доцент.

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Дијана Никодиевиќ, с.р.**
**Проф. д-р Гордана Китева-Тренчевска, с.р.**
**Проф. д-р Игор Петров, с.р.**
**Проф. д-р Аспазија Софијанова, с.р.**

**До:**

- **Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје**
- **Рецензентската комисија**

## Приговор

на Извештајот на Рецензентската комисија за избор на две лица во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научните области: ментална хигиена, психосоматика, детска психијатрија, психопатологија, психотерапија, психоанализа, психофармакотерапија, медицинска психологија и медицинска социологија (и друго ...30908 категорија е пропуштена !! - според Фраскатиевата класификација и СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА бр. 103 - стр. 71 од 30 јули 2010), на Медицинскиот факултет во Скопје, објавен во Билтен бр. 1229 од 1.1.2021 година (на државен празничен ден некаде по 16 часот!?), поднесен од Рецензентската комисија, формирана со Одлука на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје со бр. 02- 3524/40 од 22.9.2020 година, а врз основа на конкурсот објавен во дневните весници „Коха“ и „Нова Македонија“, за избор на 2 наставника во сите наставно-научни звања по горенаведените наставно-научни области од датум 2.9.2020 година. Приговорот се однесува на заклучокот и предлогот поднесен од Рецензентската комисија со состав: проф. д-р Марија Ралева, проф. д-р Антони Новотни и проф. д-р Бранко Стефановски, кои на Наставно-научниот совет, во делот од заклучокот кој се повикува на Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, направиле неколку пропусти и негови погрешни толкувања. Подносител: ас. д-р сци. Насер Дурмиши, д-р спец. (супспецијализант), психијатар по детска и адолесцентна психијатрија, доктор на медицински науки, вработен во Универзитетската клиника за психијатрија во Скопје. Го поднесувам овој Приговор бидејќи сметам дека моите права за избор во наставно звање – научен соработник (исто како и на претходните избори за доцент - од конкурсот од 30.9.2019 година) се незадоволително земени предвид.

Имено, согласно со Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ од 30.10.2018 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/2018), член 36, алинеи 2 и 3, „Рефератот на комисијата содржи: оцена за остварувањето на кандидатите во согласност со општите и посебните услови за избор во соодветното звање; научните стручните, педагошките и други остварувања на кандидатите од почетокот на кариерата до денот на пријавата кои се од важност за утврдувањето на условите за избор во звања“.

Оттаму сметам дека при донесувањето на заклучокот, именуваните членови на Рецензентската комисија несоодветно ги процениле и категоризирале моите досегашни достигнувања во нивниот заклучок, според наброеното во продолжение:

<u>Од групата на пропусти на Рецензентската комисија:</u>

1. Согласно со параметрите и начинот на бодување, предвидени во Анекс „Посебни услови за избор во наставно-научно, научно и наставно-стручно звање“, од Правилникот, приложени во Образец 2 кон Извештајот за избор во наставно-научно, научно и наставно-стручно звање, според вкупниот број на поени, може да се забележи дека сум прворангиран од сите кандидати, т.е. повисоко рангиран од кандидатите предложени за избор, со 101 (30 %), односно 217,5 (62 %) поени повеќе.

Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр. 1229, од 1.1.2021 година:

А. 388,598 поени – ас. д-р Насер Дурмиши,

Б. 288,59 поени – ас. др. Анета Спасовска, и

Ц. 173,575 поени – н. сор. Кадри Хаџихамза.

Притоа, морам да напоменам дека поради фер колегијален договор кој го прифатив со член од комисијата, не сум набројал, дополнителни, околу 73 % поени во мојата листа на дејности (од наставно-образовна дејност имам некаде -284 поени)!

2. По однос на просечниот успех на прв циклус студии предвидени според „Општи услови за избор во наставно-научно, научно и наставно-стручно звање" :

А. 8,54 – ас. д-р Насер Дурмиши,

Б. 8,04 –ас. д-р Анета Спасовска, и

Ц. 8,50 поени – н. сор. Кадри Хаџихамза.

Притоа е невообичаен и чуден пропуст дека: кај ас. д-р Анета Спасовска во биографските податоци нема назначено просечен успех од додипломски студии, додека во општите услови е 8,04 и во делот "Исполнетост на општите услови" е оставено празно – без ДА (!?); додека...кај н. сор. Кадри Хаџихамза во биографските податоци стои 8,4, притоа во општите услови е назначено 8,5, што претставува грешка и разлика од 0,1 оценка, додека вториот кандидат ас. д-р Анета Спасовска ја прават прифатлива постојната само 0,04 оценка!?

Дали притоа можело да се направи и некаков случаен благ, сличен пропуст и кај ас. д-р Анета Спасовска, како кај н. сор. Кадри Хаџихамза, би било добро да се провери!

3. Нелогичен е и датумот и времето на објавување на Билтенот, 1.1.2021 година е државен празничен ден, во период по 16 часот. Некој бил многу вреден и пожртвуван!

4. Насловите на докторските трудови на двајцата други кандидати не се цитирани, како што е мојот.

<u>Од делот на погрешни толкувања на Рецензентската комисија:</u>

По однос на научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира, предвидени според „Општи услови за избор во наставно-научно, научно и наставно-стручно звање":

А. **Не** – ас. д-р Насер Дурмиши,

Б. **Да** - ас. д-р Анета Спасовска, и

Ц. **Да** - н. сор. Кадри Хаџихамза.

При давањето на мислење за **не**исполнување на овој општ услов за избор на научен соработник, претпоставувам дека е направено погрешно толкување на Фраскатиевата класификација и СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА бр. 103 - стр. 71 од 30 јули 2010), затоа што при проценката е пропуштена законската категорија...30908 „и друго" од Класификацијата на научноистражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација, на полето психијатрија, која е потребно во случајот да се толкува како државна и меѓународна законска обврска за правилата при изготвување и носење на заклучок од Рецензентската комисија.

Неземањето предвид на ставката 30908 „и друго" го лиши изборот, притоа и законот, од позитивниот и еластичен став кој треба да биде насочен кон развојот на нови подрачја во наставното и научното поле на секоја високообразовна институција која е усогласена со споменатите нормативи.

Впрочем, конкретно во врска со мојата научна и образовна област (***ПСИХИЈАТРИЈА И МЕДИЦИНСКА ПСИХОЛОГИЈА, ПСИХИЈАТРИЈСКА ЦИТОГЕНЕТИКА НА НЕВРОРАЗВОЈНИ НАРУШУВАЊА -*** подрачје

развој на човекот (цитолошки основи на генетските предетерминации во развојот/невроразвојот), која не постои во наброените области во општите услови, можеби би требало да припадне во законската категорија...30908 „и друго“, која претпоставувам е оставена како можност за вакви и слични случаи, а со цел за интегрирачки, позитивистички прогресивен пристап кон науката и образованието, и никако исклучувачки, опструктивен и во основа регресивен, како што е и наведено според „ШИРОКИ ГРУПИ И ПОДРАЧЈА НА ОБРАЗОВАНИЕ“ точка 108 од СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА бр. 103 - стр. 71 од 30 јули 2010 година, а пренесени од Фраскатиевата класификација.

Во спротивно, ќе барам да ми се протолкува значењето на законската категорија...30908 „и друго“.

Исто така, Комисијата треба да има предвид дека со моето евентуално неизбирање во наставно-научен наслов, по автоматизам презема одговорност за академско затворање на Детска и адолесцентна психијатрија во РСМ во малкуте следни години! Оваа може да повлече и поголема дури и правна одговорност пред Медицинскиот факултет, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, како и стручната и научната јавност во РСМ.

Универзитетската клиника за психијатрија веќе има оддел насловен „Биолошка психијатрија“ за адултно одделение, можеби е време да се размисли за слично и во Оддел за детска и адолесцентна психијатрија. Не верувам дека има покомплетиран биолошки пристап за една висока институција во државата како што ни е Универзитетската клиника, како образовна, но и научна институција, од цитохистолошкиот невроразвоен пристап, кој јас како вработен на УК за психијатрија го работам веќе со години, каде што со личен придонес имам помогнато да се развие дури и специфичен „Кабинет за невроразвојни растројства“. За овој пристап, верувам имаат што да чујат и студентите во наставата како што може и да се направи доста и во науката, како што впрочем и сум покажал со мојата презентација „Сперматогонија – клетка колектор на Де ново мутации/предиктори на психијатриjските растројства„ на Првиот Симпозиум од Детска и адолесцентна психијатрија во Охрид, некаде 2014 година организиран од нашата клиника.

Како вработен лекар на УКПС имам поминато десет години непрекинат и уредно одработен Асистентски ангажман, а освен рутинската клиничка работа, истовремено работам дури во четири новоформирани кабинети на УКПС (Кабинет за невроразвојни растројства, Кабинет за неврофидбек, Детско ЕЕГ, Кабинет за психофизиолошка проценка и психомоторна реедукација и релаксација), имам вонредно добар меѓународен импакт на публикации (во дополнителен прилог-ResearchGate: околу 12.000 читања и 7.700 цитирања), низа на подготвени текстови за универзитетска употреба од полето на психијатрија, невропсихологија, здравство и други подрачја од медицината (Аутизам, Невропсихологија I и II, Медицински основи на инвалидност, Клиничка развојна/детска психологија, Основи на психологија со комуникациски вештини и нега, Ментална хигиена и основи на психијатрија, Основи на клиничка биохемија и хематологија со трансфузиологија, Практикум по вежби од хистологија и низа други во подготовка), како и започнатата супспецијализација по детска и адолесцентна психијатрија. Имам земено активно учество во две големи меѓународни студии од Европската FP7-програма за истражувања, од кои едната е PsychCNV студија од полето на генетика во психијатријата, реализирана на УКПС, која имаше вонреден меѓународен научен импакт (во прилог цитирања), член сум на меѓународниот Психијатриско генетски конзорциум PGC – Psychiatric Genetics Consortium).

Сметам дека Научно-наставниот одбор за изборите во тек, треба да ги земе, компаративно, предвид сите горенаведени факти при одлучување за избор во научно-наставно звање од психијатрија на УКПС.

Имам завршено:

1. докторски научни студии по медицина и здравство до подготвена тема за одбрана во период од 2000 до 2003 год. во Загреб, Р Хрватска (д-р сци. мед.), Медицински факултет,

Свеучилиште во Загреб, Р Хрватска, еквивалентни на180 ЕКТС. (Како што се забележува, сето тоа се случувало пред скоро 17 години до денес и цели 5 години пред моето вработување на Универзитетската клиника за психијатрија);

2. докторски студии по медицински науки со добиена титула доктор по медицински науки (д-р сци. мед.) во Тирана во период од 2011 до 2014 год. Медицински универзитет во Тирана, Р Албанија, еквивалентни на дополнителни 180 ЕКТС; тие ми се нострифицирани од Министерство за образование и наука на РСМ;
3. освен докторските студии, во Загреб, имам завршено и студии на Медицински факултет (еквивалент на 300 ЕЦТС) како **доктор по медицина**, но и двегодишни студии како **инженер по медицински лаборатории**, еквивалент на 120 ЕКТС;
4. специјализација по психијатрија;
5. супспецијализација по детска и адолесцентска психијатрија;

што заклучно претставува целосен фонд на студии од еквивалент на цели 1200 ЕКТС (еднакво на 20-годишен студиски и специјализациски програм!), од кои 7 години специјализација и супспецијализација од психијатрија.

Мојот интерес за невронауката е видлив веќе од самата изборна програма на студиите од Загрепското свеучилиште во раната 2001 година. Имено, програмата за постдипломски студии е составена од 14-те положени испити, каде што седум испити од првата година се задолжителните заеднички методолошки предмети (Методи на научноистражувачка работа), во втората година се избраните предмети од научноистражувачки интерес на кандидатот, во кои цели два отслушани и положени предмета ми се од полето на невронауката (!!), и тоа:

1. Развојна Неуробиологија човјека;
2. Снага Синапси и слабости ума;
   Како и еден предмет од полето на генетиката...
3. Механизми генетске контроле.

Со други зборови, скоро 50 % од тогашната програма на клинички предмети од научноистражувачкиот интерес, **ми се избрани во полето на невроразвојот**!

Инаку, секако дека мојот научен интерес не се граничи само во полето на невроразвојот, туку и кон хисто- и цитолошките механизми на општиот развој со посебен акцент на невроразвојот, за што мојата студиска подготовка е очигледно биолошки ориентирана, што е и престижна цел на поголем број светски центри на истражување и образување, како пример ќе наведам само PsychCNV-студијата каде што дел од колегите од нашата Клиника бевме и сведоци и соработници (Kings Koledge, UK, PsychCNV).

Прилози од Службен весник на РСМ и Фраскатиева класификација:

30 јуни 2010 СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА Бр. 103 – Стр. 49

Прилог бр. 2

КЛАСИФИКАЦИЈА НА НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКИТЕ ПОДРАЧЈА, ПОЛИЊА И ОБЛАСТИ СПОРЕД МЕЃУНАРОДНАТА ФРАСКАТИЕВА КЛАСИФИКАЦИЈА

| | |
|---|---|
| 30905 | Психотерапија |
| 30906 | Психоанализа |
| 30907 | Психофармакотерапија |
| 30908 | Друго |

Стр. 40 - Бр. 103 СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 30 јули 2010

ШИРОКИ ГРУПИ И ПОДРАЧЈА НА ОБРАЗОВАНИЕ

107. Подрачјата на образование во оригиналната МСКОБ се променети за да се избегне преклопување и проширени за да се вклучат нови подрачја.Така, сега има 25 подрачја во споредба со 21 во оригиналната верзија. Друга новина е создавањето на широки групи кои се составени од повеќе подрачја на образование кои имаат сличности. Една таква група е здравството и социјалната заштита, кои опфаќаат образовни програми од подрачјето на медицината, медицинските услуги, стоматолошките услуги , социјалните услуги.

108. Исто така треба да се напомене и дека UNESCO ќе воведе нови подрачја доколку се јави потреба од тоа. Државите членки ќе бидат навремено известени доколку се случи тоа. Исто така се препорачува интер или мулти дисциплинарните студии да бидат класифицирани според правилото на мнозинство, т.е. во подрачјето на образование кое студентот најдолго го изучува.

109. Список со кодови во кој точно се објаснува како образовните програми/предметни групи се распоредуваат во различните подрачја ќе биде вклучен во оперативниот прирачник.

Поради наведените факти, ја замолувам Рецензентската комисија уште еднаш да ја преиспита својата одлука, да ги земе предвид сите горенаведени аргументи, посебно точка 108 од „ШИРОКИ ГРУПИ И ПОДРАЧЈА НА ОБРАЗОВАНИЕ“ (според препораките на УНЕСЦО од составот на Фраскатиевата класификација, кои се внесени во Службен весник на РС Македонија од 30 јули 2010 година, бр. 103, стр.40, а во врска со интер- или мултитидисциплинарните студии кои треба да бидат класифицирани според правилото на мнозинство, т.е. подрачјето на образование кое студентот најдолго го изучува), и да поднесе поинаков извештај до Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет, со цел заклучокот да биде во согласност со важечките меѓународни и национални норми и закони, односно во суштина ориентиран развојно и вклучувачко и неисклучувачко, т.е. неразвојно.

Притоа, поради возможна ирационалност, субјективизам и пристраност при ре-евалуација на заклучокот и предлогот на Рецензентската комисија од страна на актуелниот шеф на Катедрата за психијатрија и член на Комисијата – д-р Антони Новотни, а од причина на постоен едностран личен конфликт со подносителот на Приговорот и нејасен анимозитет за кој се свесни сите членови на Катедрата, барам од Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, по можност тој да се изземе/замени со друг член во Комисијата, а сè со цел да се избегнат понатамошни недоразбирања.

Скопје, 4.1.2021 Со колегијална почит,

Подносител

Ас. д-р Насер Дурмиши, д-р сци. мед., с.р.

До
Наставно-научниот совет
на Медицинскиот факултет во Скопје

ПРЕДМЕТ: Одговор на Приговор

Одговор на Приговор поднесен од ас. д-р Насер Дурмиши, заведен под број 02-19/1 од 5.1.2021 година, во врска со Извештајот на Референтот за избор на 2 лица во сите научни звања по предметите од научните области: ментална хигиена, психосоматика, детска психијатрија, психопатологија, психотерапија, психоанализа, психофармакотерапија, медицинска психологија и медицинска социологија, објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје број 1229 од 1.1.2021 година.

Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Марија Ралева, проф. д-р Антони Новотни и проф. д-р Бранислав Стефановски, го донесува следниов

**Одговор**

При разгледувањето на приложената документација на кандидатите пријавени на конкурсот за избор на 2 лица во сите научни звања по предметите од научните области: ментална хигиена, психосоматика, детска психијатрија, психопатологија, психотерапија, психоанализа, психофармакотерапија, медицинска психологија и медицинска социологија, објавен во дневните весници „Нова Македонија“ и „Коха“ од 2.9.2020 год., Рецензентската комисија се раководеше согласно со општите услови за избор во наставно-научно, научно, наставно-стручно и соработничко звање и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

**Образложение**

Рецензентската комисија во својата оценка се раководеше согласно со општите услови за избор во наставно-научни звања (чл. 164 од Законот за високото образование - Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018 година) и согласно со Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Рецензентската комисија темелно ги разгледа досиејата на тројцата пријавени кандидати и го утврди следново:

Според општите услови за избор во наставно-научни звања, еден од критериумите е кандидатот да има остварено научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира. Ас. д-р Насер Дурмиши има одбранет докторат од научната област ембриологија и хистологија на човек, поле: гаметогенеза, подрачје: развој на човекот. Имено, докторската дисертацијата на тема: „Морфолошки и функционални карактеристики на сперматозоидите како фактор на човечкиот инфертилитет“, тој ја одбранил на 20.3.2014 година во Тирана, Албанија. Научната област во која е конкурсот за избор во научно звање е ментална хигиена, психосоматика, детска психијатрија, психопатологија, психотерапија, психоанализа, психофармакотерапија, медицинска психологија и медицинска социологија. Оттаму и заклучокот на Комисијата е дека овој општ услов не е задоволен за да биде избран во научно звање во областа во која е конкурсот. Иако ас. д-р Насер Дурмиши, специјалист психијатар и супспецијализант по детска и адолесцентна психијатрија, изведува практична настава како асистент на Катедрата за психијатрија и медицинска психологија, сепак Рецензентската комисија констатира дека овој критериум со тоа не е исполнет.

Останатите општи услови кандидатот ас. д-р Насер Дурмиши ги исполнува во целост: тој има остварено просечен успех од 8,54 на студиите на прв циклус и просечен успех од 9,79 на втор циклус студии, има објавени повеќе од четири научни труда во референтни научни публикации со висок импакт-фактор, во последните пет години пред објавувањето на огласот за избор, има познавање на најмалку еден странски јазик и има способност за изведување на високообразовна дејност.

Останатите двајца кандидати, н. сор. д-р Кадри Хаџихамза и ас. д-р Анета Спасовска Трајановска ги исполнуваат како општите услови за избор во наставно-научни звања, така и посебните услови за избор во наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и затоа Комисијата ги предложила да бидат избрани за научни соработници во сите звања во наставно-научните области: ментална хигиена, психосоматика, детска психијатрија, психопатологија, психотерапија, психоанализа, психофармакотерапија, медицинска психологија и медицинска социологија.

Рецензентската комисија, иако позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-применувачката дејност, како и дејноста од поширок интерес на сите тројца кандидати, останува на својот став за предлог до Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, н. сор. д-р Кадри Хаџихамза да биде избран во звањето виш научен соработник и ас. д-р Анета Спасовска да биде избрана во звањето научен соработник во наставно-научните области: ментална хигиена, психосоматика, детска психијатрија, психопатологија, психотерапија, психоанализа, психофармакотерапија, медицинска психологија и медицинска социологија.

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Марија Ралева, с.р.**
**Проф. д-р Антони Новотни, с.р.**
**Проф. д-р Бранислав Стефановски, с.р.**

***Прилог бр. 3***

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „АНТИКОРУПЦИСКО ПРАВО“ ОД АВТОРИТЕ проф. д-р Борче Давитковски, проф. д-р Гордана Лажетиќ, проф. д-р Ана Павловска-Данева, проф. д-р Дивна Илиќ Димоски и м-р Константин Битраков

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет од 28.12.2020 година, бр.02-1289/6, за членови на Рецензентската комисија за рецензирање на учебникот „Антикорупциско право“ од авторите проф. д-р Борче Давитковски, проф. д-р Гордана Лажетиќ, проф. д-р Ана Павловска-Данева, проф. д-р Дивна Илиќ Димоски и м-р Константин Битраков, наменет за студентите на Правниот факултет „Јустинијан Први“ (назив на единицата), за предметот Антикорупциско право, избрани се акад. проф. д-р Владо Камбовски и проф. д-р Добросав Миловановиќ.

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, рецензентите го поднесуваат следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### I. Општ дел

**Основни податоци за ракописот**

| | |
|---|---|
| **Назив на ракописот:** | АНТИКОРУПЦИСКО ПРАВО |
| **Назив на предметната програма:** | АНТИКОРУПЦИСКО ПРАВО |
| **Назив на студиската програма:** | Административно право и јавна администрација (втор циклус) |
| **Фонд на часови и ЕКТС-кредити** (доколку ракописот е наменет за повеќе предмети, да се наведат сите предмети): | 200 часа<br>8 кредити |
| Предметот Антикорупциско право на Правниот факултет е задолжителен (изборен/задолжителен) предмет со фонд на часови 200, број на ЕКТС-кредити 8 и се слуша во VIII семестар. | |
| **Реден број на изданието:** | прво издание |
| **Општи податоци за ракописот:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 279 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Текстот е поделен во 4 глави (вклучувајќи ја литературата) и содржи 8 слики и 18 табели. |

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Акад. проф. д-р Владо Камбовски, с.р.**
**Проф. д-р Добросав Миловановиќ, с.р.**

## II. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: АКАД. ПРОФ. Д-Р ВЛАДО КАМБОВСКИ

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Учебникот го сочинуваат четири глави:<br>• Глава прва: Поим и типологија на корупцијата;<br>• Глава втора: Поим, предмет и извори на антикорупциското право;<br>• Глава трета: Антикорупциска институционална рамка во Република Северна Македонија;<br>• Глава четврта: Предизвици во справувањето со корупцијата на патот кон Европската Унија.<br>Така, учебникот му овозможува на читателот да стекне продлабочени познавања поврзани со феноменот на корупција, како и со антикорупциската правна и институционална рамка.<br>Имено, неговата структура соодветствува на неговата намена. Читателот најнапред се запознава со основните теоретски гледишта поврзани со корупцијата, односно нејзината феноменологија. Понатаму, нему му е понудена интегрална и употреблива дефиниција на корупцијата, во која се говори не само за тоа што корупцијата претставува, туку и за нејзината телеолошка природа. Авторите понудиле и раслојување на феноменот на корупција, така што говорат за системска, политичка, бирократска корупција, но и за поимите кои се поврзани со корупцијата, а сепак не идентични (како судирот на интереси). На крајот, во првата глава се говори и за мерењето на корупцијата, како и за импактот на корупцијата во поглед на правниот поредок, економијата, човековите права и слободи, демократијата и слично. Со тоа, авторите ја заокружуваат воведната глава и му даваат на читателот добра појдовна основа за проучување на антикорупциското право.<br>Втората глава посветува внимание на изворите на антикорупциското право. Притоа, авторите нудат сеопфатен преглед на меѓународните и домашните извори. Особено е значајно што во поглед на домашното законодавство се посветува внимание не само на казненото право, туку и на другите прописи кои имаат значење од аспект на корупцијата: Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (*lex generalis* кога станува збор за корупцијата), Законот за лобирање и Законот за заштита на укажувачите. Зборувајќи за последните два закона – |

| | |
|---|---|
| | поврзани со лобирањето и заштитата на укажувачите – особено е важно да се истакне дека дидактичките материјали поврзани со нив се исклучително значајни. Имено, станува збор за закони кои се релативно нови во македонскиот правен систем, а од друга страна клучни во борбата против организираниот криминал и корупцијата. Оттаму, студентите на Правниот факултет „Јустинијан Први“, како и сите други заинтересирани лица, треба да се запознаат со нивната содржина. Овој учебник го овозможува тоа. Втората глава посветува внимание и на други прописи, а во нив се вбројуваат и подзаконски акти.<br>Третата глава е посветена на институциите кои имаат своја улога во борбата против корупцијата. Тука, пред сѐ, се прави разграничување на поимите „антикорупциска институција“ и „специјализирана антикорупциска институција“. Авторите тежнеат кон тоа да појаснат дека бројни институции имаат законски надлежности поврзани со спречувањето на корупција, но дека само еден мал дел од нив постојат исклучиво заради таа причина (овие вторите се специјализирани). Со тоа се поставува фундамент за натамошни истражувања во сферата. Во третата глава се нуди и преглед на институциите кои го сочинуваат антикорупцискиот систем во државата, а особено Државната комисија за спречување на корупцијата, јавното обвинителство и правосудната полиција.<br>На крајот, четвртата глава нуди критички опсервации во поглед на антикорупциското право, односно институционалната рамка vis-à-vis стандардите оставени од меѓународните организации, а особено Европската Унија. Со тоа, студентите се мотивираат понатаму самостојно да истражуваат и да подготвуваат свои трудови. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Учебникот „Антикорупциско право“ ја обработува тематиката на начин кој е соодветен за универзитетски учебник, односно може да се употребува како задолжителна литература на постдипломските студии по право (студии од втор циклус).<br>Имено, учебникот му овозможува на читателот да стекне продлабочени познавања поврзани со феноменот на корупција, како и со антикорупциската правна и институционална рамка. |

| | |
|---|---|
| **Предлози за потребни корекции:** | / |
| **Оцена на ракописот:** | Ценам дека учебникот по Антикорупциско право е соодветен за употреба на високообразовните установи. Станува збор за квалитетен коавторски труд кој ќе им понуди на студентите продлабочување на нивните познавања поврзани со спречувањето на корупција. Освен тоа, овој учебник е корисен и за секој друг читател кој се занимава со овие прашања во научни истражувања и/или практикување на правото. |
| **Категоризација:** | учебник |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 279 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Текстот е поделен во 4 глави (вклучувајќи ја литературата) и содржи 8 слики и 18 табели. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметот Антикорупциско право, примарно наменет за студентите на Правниот факултет „Јустинијан Први“.

Во Скопје, 2021 година

**РЕЦЕНЗЕНТ**
**Акад. проф. д-р Владо Камбовски, с.р.**

## II. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р ДОБРОСАВ МИЛОВАНОВИЌ

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Најнапред, во глава I, се дава теоретски осврт на основните поими во сферата на антикорупциското право. Понуден е детален преглед на легалистичките и социолошките поимања на корупцијата, а авторите нудат и сопствена систематизирана и интегрална дефиниција на овој комплексен феномен. Понатаму е извршена и исклучително детална типологија на корупцијата (системска, политичка, бирократска), за на самиот крај на првата глава да се говори за влијанието кое корупцијата го има во поглед на демократијата и човековите права и економијата. На тој начин, авторите го воведуваат читателот во проблематиката, односно овозможуваат создавање на воопштена претстава за тоа што корупцијата претставува и какво разорно дејство таа има. Значајно е тоа што во првата глава се истакнати и мерењата (квантитативни и квалитативни) на корупцијата кои ги вршат меѓународните организации. Така се овозможува подобро разбирање на активноста на меѓународните чинители и релевантноста на секоја алатка за мерење.<br><br>Во втората и третата глава се врши детална разработка на правната и институционалната рамка. Во глава II, авторите ги изложуваат и ги појаснуваат најзначајните меѓународни документи, особено Конвенцијата на Обединетите нации против корупцијата. Потоа следува и преглед на домашното законодавство, каде што точно е прецизирано:<br><br>• кои кривични дела потпаѓаат под поимот на корупцијата;<br>• што уредува Законот за спречување на корупција и судирот на интереси;<br>• што претставува процесот на лобирање и каква правна рамка постои во Република Северна Македонија (Закон за лобирање);<br>• зошто укажувачите се значајни за сузбивањето на корупцијата и како тие се заштитени (Закон за заштита на укажувачите);<br>• како корупцијата се открива и гони во кривичната постапка (Закон за кривичната постапка). |

| | |
|---|---|
| | Во овој дел се посветува внимание и на други важни прописи (како, на пример, оние со кои се уредува транспарентноста, за на крајот да се посвети внимание и на таканареченото „меко право“ – soft law).<br><br>Глава III започнува со теоретско појаснување околу тоа што се подразбира под поимот „антикорупциска институција“. Имајќи ја предвид хиперинфлацијата на антикорупциски институции која се забележува на меѓународен план, овие напомени се исклучително значајни за секој студент кој сака да се занимава со оваа проблематика. Понатаму, се нуди преглед, но и длабинска критичка анализа на институциите кои имаат за своја задача да се борат против корупцијата во Република Северна Македонија. Особено место заземаат Државната комисија за спречување на корупцијата, јавното обвинителство (и во негови рамки, истражните центри) и правосудната полиција. Практично кажано, комплексниот институционален систем е едноставно објаснет, а дадени се насоки и за негово подобрување.<br><br>Критичките опсервации се така конструирани да ги мотивираат студентите за натамошна самостојна истражувачка работа, но би можеле да помогнат и при градењето на антикорупциски политики од страна на властите во државата.<br><br>Во рамките на глава IV се поместени значајни теми за дискусии на предавањата, односно за заедничка работа на предавањата и натамошни истражувања од страна на студентите.<br><br>Во пишувањето на учебникот се искористени речиси 90 библиографски единици, а меѓу нив се наоѓаат и најпознатите изданија (учебници и трудови) на водечките универзитети во светот. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Учебникот „Антикорупциско право“, со оглед на подробноста во обработката на прашањата опфатени во него, може да се употребува како учебник за студиите по право од втор циклус (мастер студии).<br><br>Воедно, учебникот може да наиде на поширока примена; теоретските гледишта |

| | |
|---|---|
| | претставени во него, покренатите прашања за корупцијата, како и практичните дилеми, можат да бидат од корист за кој било студент или истражувач кој се занимава со проблематиката на спречување на корупцијата.<br><br>Структурата на учебникот е соодветна на неговата намена. |
| **Предлози за потребни корекции:** | / |
| **Оцена на ракописот:** | Учебникот „Антикорупциско право“ е изработен според највисоките стандарди за универзитетски учебници. При неговата изработка се земени предвид најмодерните теории, но и стручни трудови поврзани со корупцијата. Овој учебник ќе им овозможи на студентите да се стекнат со продлабочено знаење од областа на антикорупциското право, како една есенцијална правна гранка во зародиш. |
| **Категоризација:** | учебник |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 279 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Текстот е поделен во 4 глави (вклучувајќи ја литературата) и содржи 8 слики и 18 табели. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметот Антикорупциско право, примарно наменет за студентите на Правниот факултет „Јустинијан Први“.

Во Скопје, 2021 година

**Рецензент**
**Проф. д-р Добросав Миловановиќ, с.р.**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „УСТАВНО ПРАВО” ОД АВТОРИТЕ проф. д-р Рената Тренеска Дескоска, проф. д-р Марика Ристовска и проф. д-р Јелена Трајковска-Христовска

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први”, бр. 02-1289/7 од 28.12.2020 година, за членови на Рецензентската комисија за рецензирање на ракописот **УСТАВНО ПРАВО** од авторите **проф. д-р Рената Тренеска Дескоска, проф. д-р Марика Ристовска и проф. д-р Јелена Трајковска-Христовска,** наменет за студентите на првиот циклус правни студии на Правниот факултет „Јустинијан Први”, како литература за предметот Уставно право, избрани се: **проф. д-р Наташа Габер Дамјановска** и **проф. д-р Ѓорѓе Гардашевиќ**.

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје, рецензентите го поднесуваат следниов

### И З В Е Ш Т А Ј

### III. ОПШТ ДЕЛ

**Основни податоци за ракописот**

| | |
|---|---|
| **Назив на ракописот:** | Уставно право |
| **Назив на предметната програма:** | Уставно право |
| **Назив на студиската програма:** | Прв циклус правни студии |
| **Фонд на часови и ЕКТС-кредити** | 75 часа (5 часа неделно)<br>8 ЕКТС-кредити |
| **Реден број на изданието:** | прво издание |
| **Општи податоци за ракописот:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 782 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12 и фусноти со големина на фонтот 10. Текстот е поделен во осум дела (дополнително има предговор, содржина и користена литература). |

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Наташа Габер Дамјановска, с.р.**
**Проф. д-р Ѓорѓе Гардашевиќ, с.р.**

## II. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р НАТАША ГАБЕР ДАМЈАНОВСКА

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Ракописот „**Уставно право**”, од авторките **проф. д-р Рената Тренеска Дескоска**, **проф. д-р Марика Ристовска** и **проф. д-р Јелена Трајковска-Христовска,** претставува оригинален текст во кој авторките на јасен, прегледен, прифатлив и разбирлив начин ги обработуваат категориите и институтите на уставноправната материја. Текстот е особено препорачлив за читатели кои прв пат се сретнуваат со оваа материја.<br>Тоа што го прави ракописот лесно читлив за студентите и пошироката публика, а не само за научната јавност, е неговата конзистентна структура, научна прегледност, јасен и разбирлив јазик. Аналитичниот и критичен пристап во анализата на прашањата од уставноправната материја, нивното прегледно, логично и кохерентно презентирање, претставува вистинско освежување во научната мисла.<br>Со критичкиот осврт на нормите на домашниот уставно правен систем, низ призмата на усвоените стандарди, но и од аспект на нивната (не)реализација, укажувајќи на потребата од нивна промена, односно прецизирање и поуспешно уредување, овој ракопис добива особена вредност и е корисно четиво за секој креатор на политики во рамките на законодавната, извршната и судската власт.<br>**Материјата обработена во ракописот „Уставно право” е систематизирана во осум дела, а деловите на глави, точки и потточки со наслови и поднаслови**. На тој начин, на оној што го чита ракописот му се овозможува лесно да ја следи систематиката на обработената материја и да дојде до поединечните содржини и проблеми што непосредно го интересираат.<br>Во **првиот дел** од ракописот, анализирани се основните теоретски прашања на проучување на уставното право. Овој дел ги опфаќа главите во кои е разработена материјата која се однесува на основните поими на уставното право како гранка на правото и како научна дисциплина, како и материјата која се однесува на изворите на уставното право.<br>Во **вториот дел** од ракописот, елаборирани се основните теоретски прашања за поимот на уставот. Во овој дел, опфатена е материјата за поимот, содржината, структурата и значењето на уставот, различните теории за видовите устави и нивната класификација направена според различни критериуми, како и материјата за уставната динамика, односно прашањата за донесување и измена (ревизија) на уставот. |

| | |
|---|---|
| | **Третиот дел** од ракописот се однесува на развојот на уставноста и уставното право и во него во две глави е разработена материјата која се однесува на уставната историја и развитокот на уставноста во светот, како и уставноправниот развиток на македонската држава.<br>**Четвртиот дел** е посветен на основните карактеристики на уставниот поредок на Република Северна Македонија. Во него детално се разработени концепцијата, содржината и структурата на Уставот од 1991 година, како и темелните вредности на уставниот поредок.<br>**Петтиот дел** од ракописот е најобемен и во него е разработена материјата која се однесува на човековите слободи и права. Овој дел дава детален осврт на одделните лични, политички и економски, социјални и културни права, како и приказ на начинот на кој оваа исклучително важна уставноправна материја е уредена во македонскиот уставноправен систем. Особена вредност на овој дел е приказот на праксата и постапувањето на Европскиот суд за човекови права.<br>Во **шестиот дел** од ракописот, низ две глави се разработени облиците на остварување на суверенитетот на граѓаните. Овој дел ги опфаќа главите за непосредно остварување на суверенитетот на граѓаните, како и претставничката демократија и изборите.<br>Во **седмиот дел** од ракописот, детално е елаборирана материјата која се однесува на организацијата на државната власт. Така, авторките низ осум глави на едноставен, прегледен и кохерентен начин ја обработуваат материјата која се однесува на носителите на законодавната, извршната и судската власт, како и материјата која се однесува на Уставниот суд и Народниот правобранител. Критичкиот пристап во разработката на оваа особено важна материја од областа на уставното право, го прави ова четиво исклучително интересно и инспиративно и за пошироката научна јавност.<br>Во **осмиот дел** од ракописот, анализирани се други прашања од областа на уставното право во Република Северна Македонија. Последните три глави од овој дел се посветени на материјата која се однесува на уставот и општествено-економските односи, локалната самоуправа, како и на одбраната на Републиката, воената и вонредната состојба.<br>Имајќи ја предвид опсежноста на ова дело, заклучоците и препораките кои ги содржи за подобрување на нормативната рамка, но и практиката од имплементирањето на уставните норми, со особено задоволство го препорачувам објавувањето на учебникот **„Уставно право“** од |

| | |
|---|---|
| | авторките **проф. д-р Рената Тренеска Дескоска, проф. д-р Марика Ристовска** и **проф. д-р Јелена Трајковска-Христовска**, со што тој ќе стане достапен за студентите, но и за научната, стручната и пошироката јавност. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Целосна усогласеност на ракописот со предметната програма. |
| **Предлози за потребни корекции:** | нема |
| **Оцена на ракописот:** | одлична |
| **Категоризација:** | учебник |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 782 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12 и фусноти со големина на фонтот 10. Текстот е поделен во осум дела (дополнително содржи предговор, содржина и користена литература).<br>Ракописот „**Уставно право**" претставува пример за колективен ангажман и успешна соработка на три професорки од Катедрата за уставно право и политички систем од Правниот факултет „Јустинијан Први". Низ овој опсежен, теоретско и методолошки втемелен и добро систематизиран труд, се испреплетуваат искуството и зрелата мисла со новите пристапи на изучување на уставното право. Ракописот е разбирлив и логично изграден.<br>Авторките на овој ракопис промовираат нова насока и рамка на презентација на содржината на уставното право, на стил кој е лесен, едноставен, читлив и приспособен за студентите за кои е првенствено наменет. Воедно, овој исклучителен труд им овозможувана студентите стекнување на знаења од областа на уставното право, кои ги прават подготвени за научен натпревар со нивните колеги од западноевропските земји. Од тие причини, како и заради фактот што во ракописот на еден јасно дефиниран начин е дадено прагматично видување и критика на функционирањето на уставниот систем на Република Северна Македонија, што го прави особено вреден и значаен и за научната, стручната и пошироката јавност, со особено задоволство и чест го препорачувам неговото објавување, како учебник по предметот уставно право. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметот УСТАВНО ПРАВО, примарно наменет за студентите на Правниот факултет „Јустинијан Први".

Во Скопје, јануари 2021 година

**РЕЦЕНЗЕНТ**
**Проф. д-р Наташа Габер Дамјановска, с.р.**

**II. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р ЃОРЃЕ ГАРДАШЕВИЌ**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Ракописот „**Уставно право**”, од авторките **проф. д-р Рената Тренеска Дескоска, проф. д-р Марика Ристовска** и **проф. д-р Јелена Трајковска-Христовска**, е првично наменет како учебник за студентите од првиот циклус студии на Правниот факултет „Јустинијан Први”. Севкупната материја од ракописот е разработена во **осум тематски дела,** и тоа: 1) *Основни теоретски прашања на проучување на уставното право*, 2) *Основни теоретски прашања за поимот на уставот*, 3) *Развиток на уставноста и уставното право*, 4) *Основни карактеристики на уставниот поредок на Република Северна Македонија*, 5) *Човекови права*, 6) *Облици на остварување на суверенитетот на граѓаните*, 7) *Организација на власта* и 8) *Други прашања од областа на уставното право во Република Северна Македонија*. Секој од овие делови опфаќа прецизно селектирани глави, точки и потточки кои го прават ракописот читлив и едноставен, прегледен за следење.<br>Ракописот е пишуван јасно, концизно, прецизно и систематично, што го прави интересен, достапен и лесно читлив не само за научната, стручната и поширокaта јавност, туку и за студентите за кои е првично наменет.<br>Ракописот „Уставно право” е со конзистентна структура и научна прегледност, пишуван е со јасен и разбирлив јазик, кој овозможува следење на мислата и на ставовите на авторките во однос на предметот на истражување и неговото елаборирање, за секој од одделните делови и глави. Очигледна е соодветната научна селекција и систематизирање на значајните аспекти на проблематиката која е предмет на истражување, прегледното отсликување на обработуваната материја и логичната поврзаност на одделните делови. Во ракописот забележливо е аргументираното излагање на ставовите и констатациите на авторките кои резултираат со издржани и јасно формулирани заклучоци и предлози.<br>Особено е инспиративен критичкиот осврт на одредбите од нормативната рамка од домашниот уставно правен систем, со цел да се посочи на потребата од нивно подобро и поуспешно уредување или прецизирање.<br>Во изработката на ракописот, користен е развиен систем на научни методи, со цел да се објаснат одделните институти, категории и феномени од областа на уставното право. Притоа, успешно се користени методот на анализа на документи, |

| | |
|---|---|
| | научни и стручни трудови, како и дедуктивниот метод и методот на синтеза.<br>Посебна вредност на ракописот е пописот на богатата користена литература и изобилството на релевантни библиографски единици.<br>Ракописот „**Уставно право**“, од авторките **проф. д-р Рената Тренеска Дескоска, проф. д-р Марика Ристовска** и **проф. д-р Јелена Трајковска-Христовска,** претставува основа за натамошни истражувања на материјата од обласста на уставното право. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Целосна усогласеност на ракописот со предметната програма. |
| **Предлози за потребни корекции:** | нема |
| **Оцена на ракописот:** | одлична |
| **Категоризација:** | учебник |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 782 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12 и фусноти со големина на фонтот 10. Текстот е поделен во осум дела (дополнително содржи предговор, содржина и користена литература).<br>Ракописот „**Уставно право**”, кој е предаден на рецензија, претставува исклучителен колективен и опсежен труд на **авторките проф. д-р Рената Тренеска Дескоска, проф. д-р Марика Ристовска** и **проф. д-р Јелена Трајковска-Христовска**, сите три професорки на Катедрата за уставно право и политички систем на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.<br>Ракописот, наменет како учебник за студентите на Правниот факултет, несомнено ќе ја збогати македонската уставноправна литература. Во овој ракопис е дадено прагматично видување и критика на уставноправниот систем на Република Северна Македонија, што го прави особено значајно четиво за оние што се одговорни за градењето на системот на владеењето на правото во оваа земја. Во ракописот се исклучително успешно поврзани теоријата и практиката на уставното право, при што на еден методолошки втемелен начин се поставени истражувачките проблеми, со чие расчленување се доаѓа до практични резултати, кои се теоретски поткрепени и втемелени со користените истражувачки методи. Станува збор за ракопис кој е обемен, методолошки и теоретски втемелен, добро систематизиран, логично изграден и како таков, тоа е изворен научен труд кој дава значаен придонес за развојот на уставноправната наука. Издавањето на овој учебник ќе биде од големо |

| | |
|---|---|
| | значење, како за студентите, така и за научната, стручната и пошироката јавност. Оттука, со особено задоволство го препорачувам неговото објавување. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметот УСТАВНО ПРАВО, примарно наменет за студентите на Правниот факултет „Јустинијан Први”.

Во Загреб, 8 јануари 2021 година

**РЕЦЕНЗЕНТ**

**Проф. д-р Ѓорѓе Гардашевиќ, с.р.**

# П Р Е Г Л Е Д

**на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје Н.Н.С од 28-12-2020 година**

| Кандидат | Тема | Ментор | Датум | Одлука број |
|---|---|---|---|---|
| Едина Беровиќ | Нотарски тестамент во македонското и споредбеното право (Notarial Will in the Macedonian and Comparative Law) | проф.д-р Ангел Ристов | 28.12.2020 | 02-1289 / |
| Елена Димовска | Улогата и значењето на даночната политика во насока на справување со доходовната нееднаквост во Република Северна Македонија (The role and Signifince of Tax Policy in Dealing with Income Inequity in Republic of North Macedonia) | доц.д-р Елена Нешовска Ќосева | 28.12.2020 | 02-1289 / |
| Николче Петкоски | Информатичката технологија во функција на дигиталната форензика (IT in Function of Digital Forensics) | проф.д-р Гордана Лажетиќ | 28.12.2020 | 02-1289 / |
| Гордана Алексовска | Претрес на дома (Search of Premises) | проф.д-р Гордан Калајџиев | 28.12.2020 | 02-1289 / |
| Билјана Нушев | Избор и престанок на функцијата јавен обвинител на Република Северна Македонија (Election and Dismissal of the Public Prosecutor of Republic of North Macedonia) | проф.д-р Марика Ристовска | 28.12.2020 | 02-1289 / |

Д Е К А Н,
Проф.д-р Горан Коевски

Изработил : Хамди Весели
Советник за студентски прашање

***Прилог бр. 3***

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА РАКОПИСОТ „АЛТЕРНАТИВЕН ТУРИЗАМ: КОНЦЕПТ, ОБЛИЦИ И СОВРЕМЕНИ ТРЕНДОВИ“ ОД АВТОРОТ ПРОФ. Д-Р ДЕЈАН ИЛИЕВ

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет од 18.12.2020 година, бр. 02-1998/3, за членови на Рецензентската комисија за рецензирање на учебникот „Алтернативен туризам: концепт, облици и современи трендови“ од авторот: проф. д-р Дејан Илиев, наменет за студентите на студиската програма Туризам на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет во Скопје, за предметот Алтернативни форми на туризмот, избрани се проф. д-р Никола Панов и проф. д-р Билјана Апостоловска Тошевска.

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, рецензентите го поднесуваат следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### IV. ОПШТ ДЕЛ

**Основни податоци за ракописот**

| | |
|---|---|
| **Назив на ракописот:** | Алтернативен туризам: концепт, облици и современи трендови |
| **Назив на предметната програма:** | Алтернативни форми на туризмот |
| **Назив на студиската програма:** | Туризам |
| **Фонд на часови и ЕКТС-кредити** (доколку ракописот е наменет за повеќе предмети, да се наведат сите предмети): | 3+2, 8 ЕКТС-кредити |
| Предметот Алтернативен туризам: концепт, облици и современи трендови на прв циклус студии на студиската програма Туризам на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет во Скопје е задолжителен предмет со фонд на часови 3+2, број на ЕКТС-кредити 8 и се слуша во третиот семестар. | |
| **Реден број на изданието:** | прво издание |
| **Општи податоци за ракописот:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 278 страници (формат А4), напишани на компјутер, со Times New Roman и големина на фонтот 12. Текстот е поделен во 6 дела и 21 поглавје (вклучувајќи ја литературата) и содржи 52 слики и 23 табели. |

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Никола Панов, с.р.**
**Проф. д-р Билјана Апостоловска Тошевска, с.р.**

## V. Посебен дел од рецензентот: Проф. д-р Никола Панов

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Ракописот со наслов „Алтернативен туризам: концепт, облици и современи трендови“ од авторот проф. д-р Дејан Илиев е систематизиран во 6 дела и 21 поглавје. Целата содржина на ракописот има логичен распоред. Во ракописот се анализирани општите принципи, но и клучните вредности и сознанија за алтернативниот туризам и неговите облици.<br>Во првиот дел, најпрво се објаснува концептот и дефиницијата на алтернативниот туризам, неговиот историски и еволутивен развој. Посебна анализа е дадена на основните детерминанти на алтернативниот туризам, технолошките трендови и новата генерација на потрошувачи кои се важен и потенцијален пазар во алтернативниот туризам. Првиот дел завршува со опис и категоризација на видовите алтернативен туризам.<br>Во вториот дел се обработени алтернативните форми на туризам, базирани на природа и активност: геотуризам, екотуризам, туризам на дивиот свет и авантуристички туризам. Анализирани се концептите и презентирани се значајните карактеристики и трендови на овие форми на туризам.<br>Во третиот дел се претставени алтернативните форми на туризмот базирани на култура, наследство и традиција: културен туризам, религиозен туризам, гастрономски туризам и темен туризам. Анализирани се концептите, најважните аспекти на овие облици на туризам, трендовите и примери од светската пракса.<br>Во четвртиот дел се издвојува посебна категорија на специфични облици на туризам: урбан туризам, рурален туризам, здравствен, медицински и велнес туризам, транзитен туризам и др. Сите облици на туризам се посебно елаборирани и претставени. Посебен осврт се дава на концептите, развојот, туристичката понуда, туристичката побарувачка, маркетингот, управувањето и импликациите на овие форми на алтернативен туризам.<br>Во петтиот дел се обработени футуристичките форми на туризам и патување, односно виртуелниот и вселенскиот туризам. Анализирани се концептите и дефинициите, развојот, побарувачката, мотивациите и карактеристиките на потрошувачите, маркетингот како алатка за промоција и продажба, и влијанијата на овие форми на туризам. Користени се различни примери што дополнително ја збогатуваат соджината на овие поглавја.<br>Во шестиот дел се дава осврт на трендовите и идните перспективи на алтернативниот туризам. |

| | |
|---|---|
| | Алтернативните форми на туризам се изградени врз основа на постојните, но и комбинација на новите мегатрендови, глобализацијата на туризмот и технолошкиот напредок.<br>Литературата е наведена по секое поглавје. Користена е меѓународна релевантна литература поврзана со алтернативниот туризам, односно рецензирани трудови од референтни списанија, книги, поглавја од книги и сл. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Ракописот е целосно усогласен со предметната програма. |
| **Предлози за потребни корекции:** | Не се потребни корекции. |
| **Оцена на ракописот:** | Ракописот е лесно читлив, разбирлив, и одлично ги анализира прашањата кои се тема на обработка и се важни за разбирање на алтернативниот туризам. Во текстот е даден приказ на клучните концепти и теоретските основи на алтернативниот туризам. Со цел полесно совладување на наставната материја, авторот на текстот во секое поглавје користи одреден број на релевантни теми и примери за објаснување на содржината. На ракописот, овие особини му обезбедуваат квалитет на добар универзитетски учебник кој ќе биде лесно разбирлив и прифатлив од студентите на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет во Скопје, но и на другите високообразовни институции во земјата на кој се изучува овој предмет. |
| **Категоризација:** | учебник |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 278 страници (формат А4), напишани на компјутер, со Times New Roman и големина на фонтот 12. Текстот е поделен во 6 дела и 21 поглавје (вклучувајќи ја литературата) и содржи 52 слики и 23 табели.<br>Ракописот „Алтернативен туризам: концепт, облици и современи трендови“ ги задоволува сите академски, научни и стручни критериуми потребни за негово објавување. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметот Алтернативни форми на туризмот, примарно наменет за студентите на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

Во Скопје, 12.1.2021 година.

**РЕЦЕНЗЕНТ**
**Проф. д-р Никола Панов, с.р.**

## III. Посебен дел од рецензентот: Проф. д-р Билјана Апостоловска Тошевска

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Ракописот „Алтернативен туризам: концепт, облици и современи трендови“ е составен од 6 дела и 21 поглавје. Пристапот е приспособен на барањата на наставата и потребите на студентите.<br>Првиот дел го воведува алтернативниот туризам како појава и концепт. Во овој дел се анализира алтернативниот туризам како контратежа на хомогениот и недиференциран производ за масовен туризам. Се дава акцент на еволутивниот циклус на алтернативниот туризам, неговите основни детерминанти, новата генерација на потрошувачи кои бараат нов производ кој е различен од производот на масовниот туризам, и на крај, поделбата на алтернативните облици на туризам.<br>Вториот дел ги анализира облиците на алтернативен туризам, базирани на природа и активност. Всушност, овој дел од ракописот ги претставува специфичните форми на туризам во кои потрошувачот е вклучен во различни нивоа на активност и ангажираност, а такви се: геотуризмот, екотуризмот, туризмот на дивиот свет и авантуристичкиот туризам. Во прилог на овој дел од ракописот се даваат теоретски основи и практични примери за секоја од наведените пазарни ниши што на студентите ќе им бидат корисни.<br>Третиот дел го обработува алтернативниот туризам, базиран на култура, наследство и традиција. Овој дел од ракописот вклучува теми за автентичност и комодификација со анализа на ниши кои опфаќаат културен, религиозен, гастрономски и темен туризам. Во овие форми на туризам учествуваат туристи кои имаат желба да учат, да искусат, да откриваат и да бидат дел од автентичната локална заедница.<br>Четвртиот дел се фокусира на посебни форми на туризам како урбан, рурален, здравствен, транзитен и др., кои на туристите им нудат специфични искуства. Секоја од овие форми на туризам е посебно дефинирана и концептуализирана. Понудата и побарувачката, маркетингот, менаџментот и импликациите на овие форми на туризам се исто така елаборирани. Станува збор за ниши што привлекуваат посебни пазарни сегменти кои влијаат на локалната и националната економија.<br>Петтиот дел од ракописот дава теоретски основи и практични примери на футуристичките форми на туризам и патување, со посебен осврт на виртуелниот и вселенскиот туризам. Овој дел од |

| | |
|---|---|
| | ракописот го анализира алтернативниот туризам од технолошка перспектива. Технолошките решенија и новите проекти им даваат можности на туристите да доживеат нови и автентични искуства што се различни од останатите форми на туризам.<br>Шестиот дел ги презентира идните трендови на алтернативниот туризам и неговите предизвици.<br>Литературата е цитирана по секое поглавје и се состои претежно од релевантни меѓународни референци. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Ракописот е целосно услогласен со предметната програма |
| **Предлози за потребни корекции:** | Не се потребни корекции. |
| **Оцена на ракописот:** | Алтернативниот туризам привлече многу сериозна академска дебата во текот на изминатите неколку децении. Овој ракопис се вклопува во таа дебата. Ракописот е пишуван со лесен и разбирлив стил, со прифатлива и јасна мисла, со соодветно ниво на елаборација на конкретните термини, проблеми, примери од практиката и теоретски фундаменти. На студентот и читателот му е дадена можноста да ги разбере теоретските основи преку практични и реални илустрации, слики, модели и табели, кои додаваат јасност на текстот што е очигледно низ целиот ракопис. Овие карактеристики на ракописот му обезбедуваат квалитет и перспектива на добар универзитетски учебник. Како заклучок, ракописот нуди богат сет на инпути за понатамошна дискусија и значаен придонес за дополнителни размислувања и истражувања. Поради овие причини, ракописот ќе биде корисен за студентите, академската јавност и практичарите во туризмот. |
| **Категоризација:** | учебник |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 278 страници (формат А4), напишани на компјутер, со Times New Roman и големина на фонтот 12. Текстот е поделен во 6 дела и 21 поглавје (вклучувајќи ја литературата) и содржи 52 слики и 23 табели.<br>Ракописот ги задоволува сите предвидени законски и академски критериуми и параметри да биде објавен како универзитетски учебник. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметот Алтернативни форми на туризмот, примарно наменет за студентите на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

Во Скопје, 12.1.2021 година.

**РЕЦЕНЗЕНТ**
**Проф. д-р Билјана Апостоловска Тошевска, с.р.**

***Прилог бр. 5***

**П Р Е Г Л Е Д**
**на одобрена тема за изработка на магистерски труд на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Природно-математички факултет – Скопје, на седницата на Наставно-научниот совет на Факултетот, одржана на 18.12.2020 година.**

**1. МАГИСТЕРСКИ ТРУДОВИ**

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Слободан Тофиловски, дипломиран инженер по биологија | „ОДРЕДУВАЊЕ НА ГЕНОТОКСИЧНОСТ НА ПРИМЕРОЦИ ОД ПОВРШИНСКИ ВОДИ ВО ТЕТОВСКИОТ РЕГИОН СО ПРИМЕНА НА ALLIUM TEST“ | „DETERMINATION OF GENOTOXICITY OF SURFACE WATER SAMPLES IN THE TETOVO REGION USING ALLIUM TEST“ | д-р Гордана Димеска, редовен професор на ПМФ – Скопје | 02-1790/5 од 29.12.2020 |

# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ (ДИСЦИПЛИНА) ДЕНТАЛНА ПАТОЛОГИЈА НА СТОМАТОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Стоматолошки факултет, објавен во весниците „Нова Македонија“од 10.11.2020 и „Lajme“ од 11.11.2020 година, за избор на едно лице во сите наставно-научни звања од наставно-научната област дентална патологија, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02 – 3468/1, донесена на 33. редовна седница одржана на 30.11.2020 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Соња Апостолска, редовен професор на Стоматолошкиот факултет во Скопје, д-р Илијана Муратовска, вонреден професор, д-р Василка Ренџова, вонреден професор на Стоматолошкиот факултет во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област дентална патологија, во предвидениот рок се пријави д-р Марина Ефтимоска.

1. **БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Кандидатката ас. д-р Марина Ефтимоска е родена на 4.9.1973 година, во Скопје. Средно образование завршила во Скопје, во 1991 година. Со високо образование се стекнала на Стоматолошкиот факултет при УКИМ, во 1997 година. Дипломирала во 1997 година, со просечен успех 8,31.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик.

Во учебната 2003 година се запишала на втор циклус (магистерски) студии на Стоматолошкиот факултет во Скопје при УКИМ. Студиите ги завршила во 2007 година, со просечен успех 9,71. На 30.6.2011 година го одбранила магистерскиот труд на тема: „Компаративни согледувања и анализи меѓу конвенционалниот и хемомеханичкиот метод на елиминација на кариес.“

Докторска дисертација пријавила на 21.6.2012 година на Стоматолошкиот факултет во Скопје при УКИМ. Дисертацијата на тема: „Влијание на различни материјали за пулпино прекривање врз хистопатолошкиот одговор на пулпата” ја одбранила на 10.12.2014 година, пред Комисија во состав: доц. д-р Илијана Аџисанкова Муратовска, проф. д-р Лидија Поповска, проф. д-р Елизабета Ѓоргиевска, проф. д-р Лилјана Спасовска и проф. д-р Соња Апостолска. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на науки од научната област стоматолошки науки.

Во 2005 година го положила специјалистичкиот испит и се здобила со звањето специјалист по болести на забите и ендодонтот.

Во 2006 година е избрана во звањето помлад асистент, а во 2010 година е реизбрана во истото звање на Стоматолошкиот факултет во Скопје при УКИМ, во областа болести на забите и ендодонтот.

За научен соработник е избрана во 2015 година. Во моментов е доцент на Катедрата за болести на забите и ендодонтот од 21.12.2018. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1186 од 2019 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот бр. 909, 764, 987, 1045, 1070,1091, 1110, 1162, 1186, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

2. **НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА**

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Стоматолошки факултет, кандидатката д-р Марина Ефтимоска изведува практична и теоретска настава (настава, вежби, теренска настава итн.) на прв циклус студии на студиската програма за доктори по стоматологија и студиската програма за доктори по дентална медицина, студиската програма за стручни стоматолошки сестри и студиската програма за стручни забни техничари и на студиската програма на втор циклус и трет циклус студии.

Исто така, изведува практична и теоретска настава на студиската програма за специјализации на Факултетот.

Ментор е на повеќе студентски теми презентирани на студентски конгреси во Републиката и на голем број стажанти кои го реализирале задолжителниот стаж.

**Научноистражувачка дејност**

Нејзиниот публицистички опус опфаќа вкупно 66 трудови, а резултатите поврзани со наставната и научноистражувачката дејност, како и другите нејзини активности до изборот во звањето асистент, објавени се во Билтенот на Универзитетот, и тоа во: Билтен бр. 764, 909, 987, 1045, 1070, 1091, 1110, 1162, 1186

Д-р Марина Ефтимоска од последниот избор има објавено вкупно 18 научни труда од областа дентална патологија, од кои 1 научен труд во научно списание со импакт-фактор (фактор на влијание), 6 труда во меѓународни научни списанија, 3 труда во меѓународни научни публикации и 8 труда во зборници од научни собири.

Д-р Марина Ефтимоска била учесник во два национални научноистражувачки проекта: „Современи методи за конзервативна санација на деструирани заби“, одобрен од УКИМ, Стоматолошки факултет – Скопје; Одлука бр.02-1853 од 17.12.2015 (09-64 од 13.1.2016 и 09-64/3 од 13.5.2016 од УКИМ) и „Унапредување на оралното здравје кај граѓаните од социјално ранливи категории” , изработен и понуден од страна на Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј” во Скопје Стоматолошки факултет – Скопје, а прифатен од страна на Град Скопје, врз основа на јавен повик за поддршка на проекти и програмски активности на организации кои работат во областа на социјалната, детската и здравствената заштита (објавен во јавни гласила на ден 19.12.2019) (Универзитетски гласник бр. 445/2019; Одлука бр. 03-3/1 3.1 2020).

За тековниот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања приложува 18 труда кои се цитирани во АНЕКС 2, кој следува. За рецензија ги приложува следниве трудови:

1. Apostolska, V Rendzova, M Eftimoska, V Filipovska, S Elenchevski, N Janeva. Minimally invasive restorative treatment with direct composite veneers–case report. Serbian Dental Journal 2017, 64 (2), 88-93. Трудот е рецензиран во Билтен бр. 1162.
2. Sonja Apostolska, Elizabeta Gjorgievska, Vasilka Rendžova, Marina Eftimoska, Rade Živković and Ivica Stančić. Adaptability of different canal sealers to the root canal dentin-scanning electron microscopy analysis. Med Pregl 2017; LXX (5-6): 141-145. Трудот е рецензиран во Билтен бр. 1162.
3. Sonja Apostolska, Marina Eftimoska, Vasilka Rendžova, Sašo Elenčevski, Nadica Janeva, Aleksandra Popovac. Biodentinetm as a furcal perforation repair material–a case series. Medical Review 2017; LXX (7-8): 223-225. Трудот е рецензиран во Билтен бр. 1162.
4. Apostolska S., Rendzova V., Eftimovska M., Filipovska Micevska V. Restoration of a fractured tooth with esthetic fiber posts and composite crown: A case report. 1 st Congress of the Association of Prosthetic Dentistry - Macedonian Dental Society with International Participation, Ohrid 24-26 June 2016, Abstract book,92-93. Трудот е рецензиран во Билтен бр. 1162.
5. Vasilka Rendzova, Sonja Apostolska, Marina Eftimoska, Vesna Filipovska. Microleakage of endodontically treated teeth restored with fiber posts. 1 st Congress of the Association of Prosthetic Dentistry - Macedonian Dental Society with International Participation, Ohrid 24-26 June 2016, Abstract book, 66-67. Трудот е рецензиран во Билтен бр. 1162.
6. Vasilka Rendzova Sonja Apostolska, Marina Eftimoska.The effect of two lining materials on share bond strength. FDI Madrid,Spain 2017, Int Dental Journal 66 (Suppl. 1): 111-163. Трудот е рецензиран во Билтен бр. 1162.
7. Sonja Apostolska, Vasilka Rendzova, Marina Eftimoska, Sasho Elencevski, Vesna Filipovska Micevska. Conservative approach for diastema closure Medjunarodni Kongres Doktora

Stomatologije; Foca RS 12-13 Oktobar 2018 abstract book 55. Трудот е рецензиран во Билтен бр. 1186.

8. VasilkaRendzova, Sonja Apostolska, Marina Eftimoska, Biljana Džipunova, Vesna Filipovska. Work related muskuloskeletal disorders among dentists at the university dental clinic in Skopje. Stomatološki glasnik Srbije. 2018;65(2):89-96. Трудот е рецензиран во Билтен бр. 1186.
9. Eftimoska M ., Rendzova V , Apostolska S, Elencevski S., Mancevska S., Filipovska V. Quantification and expression of certain genes during the reparatory dentinogenesis. Physioacta 2018, vol.12-No2;45-54. Трудот е рецензиран во Билтен бр. 1186.
10. Апостолска С., Ренцова В., Ефтимоска М., Филиповска – Мицевска В., Еленчевски С., Панчевска С. Современи материјали за постендодонтска санацијална средина / Contemporary materials for post-endodontics restoration- case report Macedonian Dental Review 2017; 40 (1-2); 30-36. Трудот е рецензиран во Билтен бр. 1186.

11. Ефтимоска М., Апостолска С., Ренцова В., Филиповска В. Антимикробна ефикасност на carisolv™ -хистолошка анализа /Antimicrobial efficiency of carisolv – histological analysis Macedonian Dental Review 2017; 40 (1-2); 119-133. Трудот е рецензиран во Билтен бр. 1186.
12. Ефтимоска М., Филиповска В., Ренцова В., Апостолска С. Микропропустливоста на балк и конвенционални композити-компаративна анализа. VIII конгрес на стоматолозите на Македонија со меѓународно учество 2018, Охрид. Апстракти 200 (усна). Трудот е рецензиран во Билтен бр. 1186.
13. Ренцова В., Апостолска С., Ефтимоска М. Влијанието на материјалите за директно прекривање на пулпата на јачината на врската. VIII конгрес на стоматолозите на Македонија со меѓународно учество, 2018, Охрид. Апстракти 204 (усна). Трудот е рецензиран во Билтен бр. 1186.
14. Апостолска С.,Ренцова В., Ефтимоска М., Филиповска В. Можности за постендодонтска санација на забите - приказ на случај. VIII конгрес на стоматолозите на Македонија со меѓународно учество 2018, Охрид. Апстракти 202 (усна). Трудот е рецензиран во Билтен бр. 1186.
15. Rendzova Vasilka, Apostolska Sonja, Eftimoska Marina, Elencevski Saso. The influence of pulp capping materials on bond strength to dentin. Medunarodni kongres doktora stomatologije 2018. Foca, RS, BIH, abstract book 56 (постер). Трудот е рецензиран во Билтен бр. 1186.
16. Marina Eftimoska, Vasilka Rendzova, Sonja Apostolska, Saso Elencevski, Stevica Ristovska, Meri Pavlevska, Vesna Filipovska Micevska, Dusanka Stevanovic. Expression of fibronectin and tenascin after direct pulp capping of the pulp with mineral trioxide aggregate and biodentine. Open Access Macedonian Journal of Medical Scieces 2020; 8(D) 64-69 IF = 0,58.

    Целта на студијата била да се евалуира влијанието на два материјала за директно прекривање - MTA и Biodentine, врз експресијата на гликопротеините фибронектин и тенасцин, кои се одговорни за дентиногенеза. Како материјали за директно прекривање на пулпината експозиција користени биле MTA и Biodentine. Од 60 екстрахирани заби вклучени во оваа ин витро студија, направени биле ткивни резови, па потоа секој од нив бил анализиран на светлосен микроскоп за да се детерминира присуството на двата екстрацелуларни гликопротеина фибронектин и тенасцин. Добиените резултати покажале дека и двата материјала – MTA и Biodentin, можат да поттикнат репаративна дентиногенеза, во која несомнено голема улога имаат фибронектин и тенасцин во формирање на фибродентинскиот матрикс. Нивната експресија е евидентна кога како материјали за ДП се користат и MTA и Biodentin. Трудот има научноистражувачки и апликативен карактер.

17. Vasilka Rendzova, Sonja Apostolska,Emilija Kostadinova, Maja Atanasova, Marina Eftimoska, Marjan Petkov, Stevica Ristovska, Meri Pavlevska. Evaluation of bond strength of one step and two steps self-etch adhesive agents with two different pulp-capping materials. Serbian Dental Journal. Vol 67, N° 2, 2020: 75-82.

Целта на оваа студија била да се испита влијанието на материјалите за директно и индиректно пулпино прекривање врз јачината на врската на композитните реставрации, со употреба на два различни самоврзувачки адхезиви. 60 интактни молари, екстрахирани од ортодонтски причини, биле вклучени во ова испитување. Подготвените примероци биле поделени во две групи и три подгрупи, зависно од адхезивот и материјалот за пулпино прекривање. Два материјала на база на калциум силикат биле користени како материјали за пулпино прекривање. На подготвените примероци биле нанесени еднокомпонентни и двокомпонентни дентин адхезиви, зависно од групата, а со помош на посебно изработен метален калап поставен е композитен столб (трупче). Јачината на врската била измерена со користење на универзална машина за тестирање. Резултатите покажале дека постои значајно поголема цврстина на врзување кај TheraCal LC групата, споредено со примероците третирани со Biodentine. Трудот има научноистражувачки и апликативен карактер.

18. Jankulovska M., Spasevska L., Lazovski B., Dejanova E., Pavlevska M., Jankulovska S. M., Apostolska S., Rendzova V., Eftimoska M. Biocompatibility of two different restorative materials used in paediatric dentistry Macedonian Dental Review 2018; 41(4):108-119.

Целта на ова истражување била да се спореди хистокомпатибилноста на глаcјономерите и компомерните ресташративни материјали.
Во студијата биле вклучени 18 стаорци, кај кои на грбниот дел билатерално биле обележани 3 оперативни полиња. Во едното, по соодветна препарација бил поставен гласјономер-цемент и внесен во полиетиленски тубички со должина од 5мм и дијаметар од 3 мм. Во другото оперативно поле бил поставеен компомерен реставративен материјал и во третото оперативно поле биле поставени празни полиетиленски тубички со истите димензии, како контролната група. Потоа стаорците биле поделени во 3 групи по 6 примероци, кои биле жртвувани по 7, 21 и 45 дена, по што бил земен примерок од ткивото од местото на имплантација. Резултатите од оваа студија покажале дека имало ткивна реакција и кај двете групи, но поголема била кај експерименталната група. Најбурна ткивна реакција била забележана во првите 7 дена по имплантацијата. Во однос на биокомпатибилноста на гласјономер-цементите и компомерите, применети во ова истражување, нагласена е потребата од правилна манипулација од страна на стоматолозите и строго придржување до упатствата за употреба од производителите. Трудот има научноистражувачки и апликативен карактер.

**<u>Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес</u>**

Д-р Марина Ефтимоска активно е вклучена во стручно-апликативната работа на Клиниката за болести на забите и ендодонтот при ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар „Св. Пантелејмон”, каде што ја остварила и специјализацијата од истата област во 2005 година.

Кандидатката активно е вклучена во работата на семинари, обуки, едукативни курсеви и курсеви за стручни и секциски состаноци, и тоа:

- Летен камп - Охрид, организиран од Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, 2019;
- Симпозиум на Здружението на специјалисти по болести на забите и ендодонтотот „Способност за запечатување и маргинална адаптација на неколку техники за дефинитивна канална оптурација“, октомври 2016;
- Симпозиум на Здружението на специјалисти по болести на забите и ендодонтотот “Минимално инвазивна ендодонција - наоѓање рамнотежа помеѓу „премногу” и „недоволно”, 2018;
- учесник на специјализирана обука за доктори и стоматолози “Professional Qualifications Directives 36/05/EC and 55/13/EC,“ септември 2017.

Особена активност кандидатката покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучена во работата на Македонското стоматолошко друштво, како делегат

на Собранието на ова Друштво, од 2013 до денес, Здружението на специјалисти по болести на забите и ендодонтот при Македонското стоматолошко друштво, како секретар од 2010 до денес, член на Организациониот одбор на 6. Конгрес со меѓународно учество, член на Организациониот одбор на 7. Конгрес со меѓународно учество, како и член во Работното претседателство на 6. 7. и 8. Конгрес на стоматолозите на Македонија со меѓународно учество.

Исто така, кандидатката учествувала во Комисија за полагање на стручен испит за стекнување на лиценца за работа – Стоматолошка комора на Македонија.

Кандидатката била член во Уредувачкиот одбор на Стоматолошката ревија, каде што активно учествувала во објавувањето на новитетите од областа на кариологијата и ендодонцијата.

Поседува и Благодарница по повод 60-годишнина и 50-годишнината од основањето на Стоматолошкиот факултет во Скопје и Благодарница по повод 10 години од осамостојувањето на Македонското стоматолошко друштво и Благодарница за активно учество во организација на 7. Конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество, 2015.

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатката д-р Марина Ефтимоска доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Стоматолошкиот факултет.

# О Б Р А З Е Ц 1

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат: Марина Воислав Ефтимоска**
(име, татково име и презиме)
**Институција: Стоматолошки факултет, УКИМ, Скопје**
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област: дентална патологија**
**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР/НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВИШ НАУЧЕН СОРАБОТНИК**

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1 | Просечниот успех на прв циклус изнесува: 8,31<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 9,71 | Да |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br>Назив на научната област: дентална патологија; **медицински науки и здравство;** подрачје: **стоматологија.** | Да |
| 3 | Објавени најмалку пет рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | Да |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: Medical Review.<br>2. Назив на електронската база на списанија: Index Medicus, Scopus, doiSerbia i Directory of Open Access Journals.<br>3. Наслов на трудот: Adaptability of different canal sealers to the root canal dentin-scanning electron microscopy analysis<br>4. Година на објава: 2017<br><br>1. Назив на научното списание: Serbian dental journal<br>2. Назив на електронската база на списанија: : EBSCO, Google Scholar, ProQuest, Sciendo<br>3. Наслов на трудот Minimally invasive restorative treatment with direct composite veneers–case report.<br>4. Година на објава: 2017<br><br>1. Назив на научното списание: Medical Review<br>2. Назив на електронската база на списанија: Index Medicus, Scopus, doiSerbia i Directory of Open Access Journals.<br>3. Наслов на трудот: Biodentine-tm as a furcal perforation repair material–a case series.<br>4. Година на објава: 2017<br><br>1. Назив на научното списание: Serbian Dental Journal | Да |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 2. Назив на електронската база на списанија: EBSCO, Google Scholar, ProQuest, Sciendo.<br>3. Наслов на трудот: Work related muskuloskeletal disorders among dentists at the university dental clinic in Skopje<br>4. Година на објава: 2018<br><br>1. Назив на научното списание: Medical Review<br>2. Назив на електронската база на списанија: Index Medicus, Scopus, doiSerbia i Directory of Open Access Journals.<br>3. Наслов на трудот: Biocompatibility of two different restorative materials used in paediatric dentistry<br>4. Година на објава: 2018<br><br>1. Назив на научното списание: Open Access Macedonian Journal of Medical Scieces<br>2. Назив на електронската база на списанија: EBSCO, Google Scholar, PubMed,Hinari, Scopus...<br>3. Наслов на трудот: Expression of fibronectin and tenascin after direct pulp capping of the pulp with mineral trioxide aggregate and biodentine<br>4. Година на објава: 2020<br><br>1. Назив на научното списание: Serbian Dental Journal<br>2. Назив на електронската база на списанија: EBSCO, Google Scholar, ProQuest, Sciendo.<br>3. Наслов на трудот: Evaluation of bond strength of one step and two steps self-etch adhesive agents with two different pulp-capping materials.<br>4. Година на објава: 2020 | |
| 3.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br>1. Назив на научното списание: Physioacta<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 25<br>САД(1), Турција(1), Словенија(1), Србија(3), Германија(1), Бугарија,(1) Романија(2), Белорусија(1), Албанија(1), Црна Гора(1), БиХ(1), Српска БиХ(2), Македонија (9)<br>3. Назив на трудот : Quantification and expression of certain genes during the reparatory dentinogenesis<br>4. Година на објава: 2018 . | Да |
| 3.5 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br>1. Назив на зборникот: Int Dental Journal (Suppl. 1)<br>2. Назив на меѓународниот собир: FDI Madrid,Spain.<br>3. Имиња на земјите: United Kingdom, Canada, USA, Brazil, Australia, Japan, Netherlands. | Да |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 4. Наслов на трудот: The effect of two lining materials on share bond strength<br>5. Година на објава: 2017<br><br>1. Назив на зборникот: Книга на апстракти<br>2. Назив на меѓународниот собир: 8. Конгрес на МСД со меѓународно учество, Охрид, РМ<br>3. Имиња на земјите: Македонија, Хрватска, Словенија Италија, Бугарија, Србија, Турција, БиХ, БиХ-РС<br>4. Наслов на трудот: Микропропустливоста на балк и конвенционални композити - компаративна анализа<br>5. Година на објава: јуни 2018<br><br>1. Назив на зборникот: Книга на апстракти<br>2. Назив на меѓународниот собир: 8. Конгрес на МСД со меѓународно учество, Охрид, РМ<br>3. Имиња на земјите: Македонија, Хрватска, Словенија Италија, Бугарија, Србија, Турција, БиХ, БиХ-РС<br>4. Наслов на трудот: Влијанието на материјалите за директно прекривање на пулпата на јачината на врската.<br>5. Година на објава: јуни 2018<br><br>1. Назив на зборникот: Книга на апстракти<br>2. Назив на меѓународниот собир: 8. Конгрес на МСД со меѓународно учество, Охрид ,РМ<br>3. Имиња на земјите: Македонија, Хрватска, Словенија Италија, Бугарија, Србија, Турција, БиХ, БиХ-РС<br>1. Назив на зборникот: abstract book<br>2. Назив на меѓународниот собир: Medunarodni kongres doktora stomatologije 2018. Foca, RS, BIH<br>3. Имиња на земјите: Македонија, Хрватска, Словенија Италија, Бугарија, Србија, Турција, БиХ, БиХ-РС<br>4. Наслов на трудот: The influence of pulp capping materials on bond strength to dentin.<br>5. Година на објава: јуни 2018 | |
| 4 | Познавање на најмалку еден странски јазик, определен со општ акт на Универзитетот, односно на самостојната висока стручна школа<br>• Странски јазик: англиски<br>• Назив на документот: уверение<br>• Издавач на документот: Работнички универзитет „Кочо Рацин” – Скопје<br>• Датум на издавање на документот: 2010 | Да |
| | Претходен избор во научно звање – **научен соработник**,<br>2015 година, Билтен бр. 1110 од 2015 година;<br>**доцент,**<br>на 21.12.2018, Билтен бр. 1186 од 2019. | |
| 5 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | Да |

**ОБРАЗЕЦ 2**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ**

**Кандидат: Марина Воислав Ефтимоска**
**Институција: Стоматолошки факултет – Скопје**
**Научна област: дентална патологија**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **Одржување на вежби – прв циклус студии**<br>Прв циклус студии: 2015/2016, 2016/2017, 2017/2018, 2018/2019, 2019/2020, 2020 зимски семестар<br>Предмети: Претклиничка кариологија (2+3), Претклиничка ендодонција (1+3), Клиничка кариологија 1 (1+3), Клиничка кариологија 2 (1+5), Клиничка енодонција 1 (1+3) и Клиничка ендодонција 2 (0+5)<br>(9 часа неделно x 15нед. x2 групи = часа на семестар x 11 семестри) x 0,03<br>**Одржување на настава од прв циклус студии**<br>**- студиска програма: Стручни стоматолошки сестри**<br>учебна 2020/21<br>дентална патологија (1x30) x 0.04<br>**- студиска програма: Стручни забни техничари**<br>Учебна 2018/19, 2019/20, 2020 зимски семестар<br>– Ергономија (1x30)x0,04<br>Учебна 2018/19, 2019/20, 2020 зимски семестар<br>– Реконструктивни дентални процедури<br>(1x30) x 0.04<br>**- студиска програма: Доктори по стоматологија/дентална медицина**<br>Учебна 2018/19, 2019/20, 2020 зимски семестар<br>- Стоматолошка фармакологија (1x15 )x0,04<br>**Одржување на настава од специјалистички студии**<br>Учебна 2019/20<br>Терапија за полнење на кавитетите<br>Дијагноза на болестите на тврди забни ткива<br>(2x23) x0,05<br>**Одржување на настава од трет циклус студии**<br>Учебна 2019/20<br>Биоматеријали во ендодонцијата<br>(1x23) x0,06 | **89,1**<br><br>**1,2**<br><br>**3,6**<br><br>**3,6**<br><br>**1,8**<br><br>**2,3**<br><br>**1,38** |
| | **Консултации со студенти** | |
| | **Доктори по дентална медицина**<br>Стоматолошка фармакологија 2018/19, 2019/20, 2020 зимски семестар (x 60) x 0.002<br>**Стручни стоматолошки сестри**<br>Дентална патологија 2020/21, (x10)<br>**Стручни забни техничари**<br>Реконструктивни дентални процедури 2018/19, 2019/20, 2020 зимски семестар (1x30) | **0.36**<br><br>**0,02**<br><br>**0,18** |
| | **Консултации со студенти во рамки на здравствена клиничка пракса** | |

| | | |
|---|---|---|
| | Стажанти од 2015 до 2020 - вкупно 12 стажанти x 0.2 | |
| | **Настава во летни школи и работилници**<br>Учесник на специјализирана обука за доктори и стоматолози “Professional Qualifications Directives 36/05/EC and 55/13/EC“ септември 2017 | 1 |
| | Летен камп- Охрид, организиран од Стоматолошкиот факултет при Универзитетот Св.“Кирил и Методиј“ – Скопје 2019 | 1 |
| | **Ментор на специјалистичка работа**<br>2019 година 2 специјализанти x 1 08-362/2 27.05.2019: 08-296/2 23.05.2019 | 2 |
| | **Член на комисија за оцена или одбрана на специјалистичка работа**<br>2019 година на 3 кандидати x 0.2 | 0,6 |
| | **Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа**<br>2019 година 1 кандидат x 0,1 | 0,1 |
| | **ВКУПНО ОД НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **113,04** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | **Учесник во национален научноистражувачки проект:** „Современи методи за конзервативна санација на деструирани заби“, одобрен од УКИМ, Стоматолошки факултет – Скопје; Одлука бр.02-1853 од 17.12.2015 (09-64 од 13.1.2016 и 09-64/3 од 13.5.2016 од УКИМ) | **3** |
| 2 | **Учесник во национален научноистражувачки проект**: „Унапредување на оралното здравје кај граѓаните од социјално ранливи категории”, изработен и понуден од страна на Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Стоматолошки факултет – Скопје, а прифатен од страна на Град Скопје, врз основа на јавен повик за поддршка на проекти и програмски активности на организации кои работат во областа на социјалната, детската и здравствената заштита (објавен во јавни гласила на ден 19.12.2019)<br>(Универзитетски гласник бр. 445/2019; Одлука бр. 03-3/1 3.1 2020) | **3** |
| | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование** | |
| 1 | Apostolska, V Rendzova, M Eftimoska, V Filipovska, S Elenchevski, N Janeva. Minimally invasive restorative treatment with direct composite veneers–case report. Serbian Dental Journal 2017, 64 (2), 88-93. Трудот е рецензиран во билтен 1162. | **3** |

| | | |
|---|---|---|
| 2 | VasilkaRendzova, Sonja Apostolska, Marina Eftimoska, BiljanaDžipunova, VesnaFilipovska. Work related muskuloskeletal disorders among dentists at the university dental clinic in Skopje. Stomatološki glasnik Srbije. 2018;65(2):89-96. Трудот е рецензиран во билтен 1186 | **3** |
| 3 | Eftimoska M ., Rendzova V , Apostolska S, Elencevski S., Mancevska S., Filipovska V. Quantification and expression of certain genes during the reparatory dentinogenesis. Physioacta 2018, vol.12-No2;45-54. Трудот е рецензиран во билтен 1186 | **3** |
| 4 | Sonja Apostolska, ElizabetaGjorgievska, VasilkaRendžova, Marina Eftimoska, RadeŽivković and IvicaStančić. Adaptability of different canal sealers to the root canal dentin-scanning electron microscopy analysis. Med Pregl 2017; LXX (5-6): 141-145. Трудот е рецензиран во билтен 1162. | **3** |
| 5 | Sonja Apostolska, Marina Eftimoska, VasilkaRendžova, SašoElenčevski, NadicaJaneva, Aleksandra Popovac. Biodentinetm as a furcal perforation repair material–a case series. Medical Review 2017; LXX (7-8): 223-225. Трудот е рецензиран во билтен 1162.` | **3** |
| 6 | Vasilka Rendzova, Sonja Apostolska,Emilija Kostadinova, Maja Atanasova, Marina Eftimoska, Marjan Petkov, Stevica Ristovska, Meri Pavlevska. Evaluation of bond strength of one step and two steps self-etch adhesive agents with two different pulp-capping materials. Serbian Dental Journal. Vol 67, N° 2, 2020: 75-82 | **3** |
| | **Трудови со оригинални научни резултати со импакт-фактор, објавени во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование[9]** | |
| 1 | Marina Eftimoska, Vasilka Rendzova, Sonja Apostolska, Saso Elencevski, Stevica Ristovska, Meri Pavlevska, Vesna Filipovska Micevska, Dusanka Stevanovic. Expression of fibronectin and tenascin after direct pulp capping of the pulp with mineral trioxide aggregate and biodentine. Open Access Macedonian Journal of Medical Scieces 2020; 8(D) 64-69 | **4,8+0, 58** |
| | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови[9] | |
| 1 | Апостолска С., Ренцова В., Ефтимоска М., Филиповска – Мицевска В., Еленчевски С., Панчевска С. Современи материјали за постендодонтска санацијална средина / contemporary materials for post-endodontics restoration- case report Macedonian Dental Review 2017; 40 (1-2); 30-36 Трудот е рецензиран во Билтен бр. 1186. | **3** |
| 2 | Ефтимоска М., Апостолска С., Ренцова В., Филиповска В. Антимикробна ефикасност на carisolv™ -хистолошка анализа /Antimicrobial efficiency of carisolv – histological analysis | **3** |

| | | |
|---|---|---|
| | Macedonian Dental Review 2017; 40 (1-2); 119-133. Трудот е рецензиран во Билтен бр. 1186. | |
| 3 | Jankulovska M., Spasevska L., Lazovski B., Dejanova E., Pavlevska M., Jankulovska S. M., Apostolska S., Rendzova V., Eftimoska M. Biocompatibility of two different restorative materials used in paediatric dentistry Macedonian Dental Review 2018; 41(4):108-119 | **3** |
| | Учество на научен стручен собир (усна, постерска презентација) со апстракт објавен во зборник на конференција – меѓународна | |
| 1 | Apostolska S., Rendzova V.,Eftimovska M.,Filipovska Micevska V. Restoration of a fractured tooth with esthetic fiber posts and composite crown: A case report. 1 st Congress of the Association of Prosthetic Dentistry - Macedonian Dental Society with International Participation, Ohrid 24-26 June 2016, Abstract book,92-93. Трудот е рецензиран во Билтен бр. 1162. | 2 |
| 2 | Vasilka Rendzova, Sonja Apostolska, Marina Eftimoska, Vesna Filipovska. Microleakage of endodontically treated teeth restored with fiber posts. 1 st Congress of the Association of Prosthetic Dentistry - Macedonian Dental Society with International Participation, Ohrid 24-26 June 2016, Abstract book, 66-67. Трудот е рецензиран во Билтен бр. 1162. | 2 |
| 3 | Vasilka Rendzova Sonja Apostolska, Marina Eftimoska.The effect of two lining materials on share bond strength. FDI Madrid,Spain 2017, Int Dental Journal 66 (Suppl. 1): 111-163. Трудот е рецензиран во Билтен бр. 1162. | 3 |
| 4 | Ефтимоска М., Филиповска В., Ренџова В., Апостолска С. Микропропустливоста на балк и конвенционални композити-компаративна анализа. VIII конгрес на стоматолозите на Македонија со меѓународно учество 2018, Охрид. Апстракти 200 (усна). Трудот е рецензиран во Билтен бр. 1186. | 2 |
| 5 | Ренџова В., Апостолска С., Ефтимоска М. Влијанието на материјалите за директно прекривање на пулпата на јачината на врската. VIII конгрес на стоматолозите на Македонија со меѓународно учество 2018, Охрид. Апстракти 204 (усна). Трудот е рецензиран во Билтен бр. 1186. | 2 |
| 6 | Апостолска С.,Ренџова В., Ефтимоска М., Филиповска В. Можности за постендодонтска санација на забите-приказ на случај.VIIIКонгрес на стоматолозите на Македонија со меѓународно учество 2018, Охрид. Апстракти 202 (усна). Трудот е рецензиран во Билтен бр. 1186. | 2 |
| 7 | RendzovaVasilka ,Apostolska Sonja, Eftimoska Marina, ElencevskiSaso. The influence of pulp capping materials on bond strength to dentin. Medunarodni kongres doktora stomatologije 2018. Foca, RS, BIH, abstract book 56 (постер). Трудот е рецензиран во Билтен бр. 1186. | 2 |
| 8 | Sonja Apostolska, Vasilka Rendzova, Marina Eftimoska, Sasho Elencevski, Vesna Filipovska Micevska. Conservative approach for diastema closure Medjunarodni Kongres Doktora Stomatologije; Foca RS 12-13 Oktobar 2018 abstract book 55 (Билтен бр. 1186). | 2 |
| | Пленарни предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество | |
| 1 | Симпозиум на Здружението на специјалисти по болести на забите и ендодонтотот „Способност за запечатување и | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | маргинална адаптација на неколку техники за дефинитивна канална оптурација“, октомври 2016. | |
| 2 | Симпозиум на Здружението на специјалисти по болести на забите и ендодонтотот „Минимално инвазивна ендодонција - наоѓање рамнотежа помеѓу „премногу” и „недоволно”, 2018. | 3 |
| 3 | Поканет предавач на 8. Конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество, 2018, Охрид. Микропропустливоста на балк и конвенционални композити-компаративна анализа. VIII конгрес на стоматолозите на Македонија со меѓународно учество, 2018. | 3 |
| | **ВКУПНО ОД НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **64,38** |

**СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | Назив на активноста: | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | Завршена специјализација во областа на медицинските науки<br>- специјалист по болести на забите и ендодонтот, 2005 година | 2 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| | Член на Македонското стоматолошко друштво, избрана во организационен одбор, 2014 и 2018 година. | 1 |
| | Делегат на Собрание – Македонско стоматолошко друштво, 2013 - денес | 1 |
| | Член на Уредувачки одбор на Стоматолошка ревија, активно учество во објавување на новитети од областа на кариологијата и ендодонцијата. | 1 |
| | Секретар на Здружението на специјалисти по болести на забите и ендодонтот | 1 |
| | Организационен одбор на 7. Конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество | 1 |
| | Член на Работно претседателство - усни презентации, 7. Конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество, мај 2015, Охрид | 1 |
| | Член на Работно претседателство – усни презентации, 8. Конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество, септември 2018, Охрид | 1 |
| | Член на Комисија за полагање на државен испит | 1 |
| | Награда за научни постигнувања од струкова организација | |
| | Благодарница по повод 10 години од осамостојувањето на Македонското стоматолошко друштво, 2014. | 3 |
| | Благодарница за активно учество во организација на 7. Конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество, 2015 | 3 |
| | Благодарница по повод 50-годишнината од основањето на Стоматолошкиот факултет во Скопје | 3 |
| | Благодарница по повод 60-годишнината од основањето на Стоматолошкиот факултет во Скопје | 3 |
| | Учество во промотивни активности на Факултетот | |
| | Ден на науката на УКИМ – 2016 год. | 0,5 |
| | Отворен ден – Запознајте го УКИМ (15.4.2016 год.) | 0,5 |
| | Отворен ден – Запознајте го УКИМ (6.4.2017 год.) | 0,5 |
| | Отворен ден – Запознајте го УКИМ (5.5.2018 год.) | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | Член на факултетска комисија | |
| | Член на Комисија за полагање на предиспитен завршен колоквиум, Одлука бр. 08-384/2, 24.6.2019 (0,5)<br>и спец. Испит, Одлука бр. 08-384/3, 2.7 2019 (0,5) | 1 |
| | Член на комисија за полагање на предиспитен завршен колоквиум, Одлука бр. 08-459/2, 11.12.2019 (0,5)<br>и спец. испит Одлука бр. 08-459/3, 16.12 2019 (0,5) | 1 |
| | Член на Комисија за полагање на предиспитен завршен колоквиум, Одлука бр. 08-470/2, 11.12.2019 (0,5)<br>и спец. испит одлука бр. 08-470/3, 23.12 2019 (0,5) | 1 |
| | Член на Комисија за валоризација на кредити на пишан труд, Одлука бр. 02-260/2, 4.2.2020 | 0,5 |
| | Член на Комисија за избор на демонстратор на Катедрата за болести на забите и ендодонтот, Одлука бр. 02-3580/1, 3.10.2019 | 0,5 |
| | Член на Комисија за оцена и одбрана на дипломски труд, Одлука бр. 10-2723/2, 10.9.2019 | 0,5 |
| | **ВКУПНО ОД СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ И ДЕЈНОСТ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | **28,5** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 113,04 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 64,38 |
| **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 28,5 |
| **Вкупно** | **205,92** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Соња Апостолска, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Илијана Муратовска, член, с.р.**
**Проф. д-р Василка Ренцова, член, с.р.**

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и анализирајќи ја севкупната досегашна активност на кандидатката доц. д-р Марина Ефтимоска, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Марина Ефтимоска.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Марина Ефтимоска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето вонреден професор во научната област дентална патологија.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје, д-р Марина Ефтимоска да биде избрана во звањето вонреден професор во научната област дентална патологија.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Соња Апостолска, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Илијана Муратовска, член, с.р.**
**Проф. д-р Василка Ренџова, член, с.р.**

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ (ДИСЦИПЛИНА) СТОМАТОЛОШКА ПРОТЕТИКА НА СТОМАТОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 173, став 3, 6 и 7 од Законот за високото образование (Сл. весник бр. 82/2018), член 30 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411/2018, 426/2019), а во врска со распишаниот конкурс на 25.9.2020 година во весниците „Нова Македонија“ и „Лајм“ за избор на едно лице во соработничко звање од наставно-научната област стоматолошка протетика, на предлог на Катедрата за стоматолошка протетика и Кадровскиот одбор, Наставно-научниот совет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Стоматолошки факултет – Скопје, на 32. редовна седница одржана на 21.10.2020 година, едногласно ја донесе ОДЛУКАТА бр. 02-3033/1 за формирање на Рецензентска комисија за избор на 1 (едно) лице во соработничко звање – асистент од областа стоматолошка протетика, во следниов состав:

- проф. д-р Весна Коруноска Стевковска, област: стоматолошка протетика, редовен професор;
- проф. д-р Гордана Ковачевска, област: стоматолошка протетика, редовен професор;
- проф. д-р Сашо Еленчевски, област: стоматолошка протетика, редовен професор.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација, вреднувањето на вкупниот научен и стручен развој на кандидатите, го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на 1 (едно) лице во соработничко звање – асистент на Катедрата за стоматолошка протетика се пријавени 2 (двајца) кандидати: ас. д-р Анета Ангеловска, вработена на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", Стоматолошки факултет во Скопје, на Катедрата за стоматолошка протетика и во ЈЗО УСКЦ „Св. Пантелејмон“-Скопје и д-р Будима Шахпаска Пејковска, вработена во ЈЗО УСКЦ „Св. Пантелејмон“-Скопје.

### 1. Ас. д-р Анета Ангеловска

Кандидатката ас. д-р Анета Ангеловска, m-r sci, асистент на Катедрата за стоматолошка протетика, на Стоматолошкиот факултет при УКИМ во Скопје и специјалист по стоматолошка протетика на Клиниката за мобилна протетика во ЈЗО УСКЦ „Св. Пантелејмон“ во Скопје, е родена на 18.6.1972 год. во Скопје, Република Македонија.

Во 1991 година завршила средно образование во УСО „Никола Карев“ во Скопје, со одличен успех.

Во учебната 1991/1992 година се запишала на Стоматолошкиот факултет, а дипломирала во ноември 1997 година со просечен успех 9,80 (со среден успех по предметот Стоматолошка протетика 10). Задолжителниот приправнички стаж го завршила на клиниките во Стоматолошкиот клинички центар, по што во 1998 година го положила предвидениот стручен испит.

Во 2000 година ја започнала специјализацијата по стоматолошка протетика, а специјалистичкиот испит го положила во април 2003 година, со што се здобила со звањето специјалист по стоматолошка протетика.

Во октомври 2007 година се запишала на супспецијализација од областа реконструктивна вилично лицева протетика, а во октомври 2009 година го положила

супспецијалистичкиот испит и се здобила со звањето супспецијалист по реконструктивна вилично лицева протетика.

Во учебната 1998/99 година се запишала на постдипломски студии по стоматолошка протетика, ги положила предвидените испити со просечен успех 10, и во јуни 2007 година поднела пријава за изработка на магистерски труд со наслов „Евалуација на ресорпцијата на мандибуларниот алвеоларен гребен кај носители на тотални протези“, а во јули 2012 година го одбранила магистерскиот труд и се здобила со звањето магистер на стоматолошки науки.

Во 2020 година конкурирала за запишување на докторски студии од областа на стоматолошката протетика.

Од ноември 1998 година работи на Клиниката за мобилна стоматолошка протетика на Стоматолошкиот клинички центар во Скопје.

Во март 2004 година била избрана за помлад асистент на Катедрата за мобилна стоматолошка протетика, а во 2006 била реизбрана во истото звање. Во 2010 година повторно била избрана за асистент на Катедрата за стоматолошка протетика.

Во 2002 година била на стручен престој на Универзитетот „Аристотелис“ во Солун, Р Грција, на Одделот за мобилна протетика.

Во 2006 година учествувала на Обуката за едукатори во рамките на проектот на Министерството за здравство, за управување со здравствениот сектор и модернизирање на едукативниот дел од процесот на лиценцирање.

Во 2008 година завршила курс за дентални импланти –Ankylos.

Активно учествувала на бројни домашни и меѓународни конгреси, симпозиуми и стручни состаноци со пленарни, усни и постерски презентации. Полиња на професионален интерес ѝ се промени на алвеоларните гребени кај беззабни пациенти, максилофацијална и реконструктивна протетика и друго.

Од вработувањето е ангажирана со здравствена, наставна и научна дејност. Од 2006 година била член на редакцискиот одбор на информативното гласило на Стоматолошкиот факултет – *Стоматолошка ревија*.

Активно е вклучена во практичната настава со студентите. Во изминатиот период била ментор на неколку студентски теми.

Активно се служи со англискиот (ниво Ц1) и грчкиот јазик.

Автор и коавтор е на повеќе стручни трудови и публикации објавени во домашни и странски списанија.

**Исполнетоста на општите услови согласно со член 170 од Законот за високото образование (Службен весник бр. 82/2018) е прикажана во Образец 1 на овој Реферат.**

**Исполнетоста на посебните услови за избор во соработничко звање – асистент согласно со член 12 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на УКИМ во Скопје, објавен во Универзитетски гласник бр.411/2018 и 426/2019 година.**

**Резултати од научноистражувачката работа**

Ас. д-р Анета Ангеловска има објавено повеќе стручно-научни трудови од областа на стоматолошката протетика, а за изборот ги приложи следниве трудови:

**Печатени трудови:**

1. **Примена на акрилок-системите кај скелетирани протези**
**Ангеловска А.,** Велески Д., Велеска Д
Макед. стом. преглед, XXX, број 2, 2006, 237-242
Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ бр.946.

2. **Современи ретенциони системи кај скелетирани парцијални протези**
Велески Д**., Ангеловска А.,** Велеска Д.
Макед. стом. преглед, XXX, број 1, 2006, 133-138
Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ бр. 946.

3. **Проценка на положбата на оклузалната рамнина во однос на точката Xi**
Бундевска Ј., Капушевска Б., **Ангеловска А.**
Макед. стом. преглед, 2004;28(1-4): 119-122
Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ бр. 896, 2006 г.

4. **Modifications of impressions to prevent supporting tissues overloading**
Dejanoski K., **Angelovska A**., Pancevska S., Popovska L., Janeva N.
Original paper (OP)
Balk.J.Stom, 2008; 12:106-109
Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ бр. 764.

**Други трудови:**

5. **Фацијални релации во долниот дел на лицето**
Панчевска С., Дејаноски К., Бојаџиевска Л., **Ангеловска А**., Даштевски Бл. Макед. мед. преглед 1999; 53(supl.39):249
Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ бр. 758.

6. **Modifications of the impression to prevent supporting tissues overloading**
**Angelovska A.,** Dejanovski K., Pancevska S., Janeva N.
V-th Congress of Balkan Stomatological Society, Thesaloniki
Balkan Stomatological Society 2000: 12-3
Трудот е рецензиран во Билтен на Универзитетот Св Кирил и Методиј бр.764

7. **Односи на ширината и висината на лицето и на централниот горен инцизив**
**Ангеловска А.,** Богдановски С., Јанева Н., Петкова С., Велеска Д.
(апстракт), III конгрес на стоматолози на Р Македонија, Охрид, 2002.
Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ бр. 847.

8. **Отпечатоци за покровни протези**
Дејаноски К., Велески Д., Спировска А., **Ангеловска А.**
Apolonija 4.7, str.31-37, мај 2002.
Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ бр. 847.

9..**Oral rehabilitation in patient treated for oral carcinoma**
**Angelovska A**., Dejanoski K., Bundevska J.
9th Congress of the BaSS, Ohrid, 13-16 May, 2004, Book of abstracts, pg.277
Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ бр. 875.

10. **Determination of the pharyngeal edge of complete dentures**
**Angelovska A.,** Dejanoski K., Pejovska M., Pancevska S.
9th Congress of the BaSS, Ohrid, 13-16 May, 2004, Book of abstracts, pg.50
Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ бр. 875.

11. **Dentures fabrication by taking impressions from the neutral zone**
**Angelovska A**., Dejanoski K., Elencevski S.
10th Congress of the BaSS, Belgrade, 11-14 May, 2005, Book of abstracts, pg.348
Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ бр. 896, 2006 г.

12. **Treatment of complete denture problems associated with atrophic mandibular ridge**

Pancevska S., Dejanoski K., **Angelovska A**., Elencevski S., Gigovski N.
9th Congress of the BaSS, Ohrid, 13-16 May, 2004, Book of abstacts, pg.50
Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ бр. 863.

13. **Reasons for appearance of stomatitis protetica and their removal**
Elencevski S., Veleski D., Pancevska S., **Angelovska A.**, Veleska D.
9th Congress of the BaSS, Ohrid, 13-16 May, 2004, Book of abstacts, pg.36
Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ бр. 863.

14. **Prosthodontic preventive measures in endodontic treated teeth**
Nedelkovska M., Matovska Lj., Bajevska J., Aleksova P., Miladinovska B., **Angelovska A.**
9th Congress of the BaSS, Ohrid, 13-16 May, 2004, Book of abstacts, pg.270
Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ бр. 875.

15. **Trauma and candidiasis in the ethiology of denture stomatitis and their therapy**
Elencevski S., Veleski D., **Angelovska A**., Janeva N.
9th Congress of the BaSS, Ohrid, 13-16 May, 2004, Book of abstacts, pg.50
Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ бр. 896.

16. **Some characteristics of acrylock systems in attachment-based dentures**
**Angelovska A**., Veleski D., Dejanoski K., Veleska D
11th Congress of the BaSS, Saraevo, May, 2006, Book of abstacts, pg.118
Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ бр. 946.

17. **Психички реакции поради губење на забите и адаптација на протетичките изработки**
Бајевска Ј., **Ангеловска А**.,
IV конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество, Охрид, јуни 2006, Зборник на апстракти.
Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ бр. 986.

18. **Најчести грешки при одредување на централна релација и можности за нивно избегнување**
**Ангеловска А**., Дејаноски К., Панчевска С., Јанева Н.
IV конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество, Охрид, јуни 2006, Зборник на апстракти, 38 стр.
Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ бр. 939.

19. **Our experiences in fabrication of overdentures retained by magnetic retention systems**
**Angelovska A**., Veleski D., Veleska D.
12th Congress of the BaSS, Istanbul, April, 2007, Book of abstacts, pg.47
Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ бр. 946.

20. **Протетичка, естетско-социјална и функционална рехабилитација на пациенти по хируршки интервенции во орофацијалната регија (приказ на случаи)**
**Ангеловска А.**, Богдановски С., Серафимовски П.
Симпозиум на доктори специјалисти по стоматолошка протетика на Македонија со меѓународно учество, 3 – 4 јуни 2011 г.

Во овој труд, авторите имаат за цел да укажат на важноста на целокупната рехабилитација на пациентите третирани со опсежни хируршки интервенции, главно по дијагностицирање на бенигни или малигни процеси во орофацијалната регија. По овие интервенции остануваат големи дефекти кои, освен естетски, имаат и

функционални нарушувања. Неопходно е што побрзо и поефикасно да се изврши рехабилитација, за нивно реинтегрирање во секојдневниот живот. Трудот има апликативно значење.

21. **Естетско-функционална, имплантно-фиксна рехабилитација кај пациенти со различни типови на беззабност**

Богдановски С., **Ангеловска А**., Шуков А., Грнчаровски А.

Симпозиум на доктори специјалисти по стоматолошка протетика на Македонија со меѓународно учество, 3 – 4 јуни 2011 г.

Во овој труд се прикажуваат повеќе пациенти со различни типови на беззабност. Имплантите како метод на избор стануваат сè почеста терапија кај пациентите кај кои постојат индикации за нивно поставување. На тој начин, пациентите се стекнуваат со неопходната функција и естетика, а пациентите се посигурни и позадоволни во нивната секојдневна комуникација и во секојдневниот живот. Трудот има апликативно значење.

22. **Предоперативно планирање и изработка на максилофацијални протези кај пациенти со потешки хируршки интервенции во орофацијалната регија**

**Ангеловска А**.,Богдановски С., Серафимовски П.

Седми меѓународен стоматолошки конгрес, Охрид, јуни 2015 год.

Во овој труд се опишува потребата од предоперативно планирање на протетската рехабилитација, како и изработката на протетското помагало за пациентите кои ќе бидат третирани на максилофацијална хирургија со опсежни интервенции. Предоперативната изработка на протетско помагало доведува до подобра и побрза рехабилитација, побрзо враќање на функциите и ресоцијализација на пациентите. Трудот има апликативно значење.

23. **Демонтирање (отстранување) на дентални импланти без употреба на специјални инструменти за вадење (remover kit) - приказ на случаи -**

Богдановски С.,**Ангеловска А.**, Грнчаровски А.

Седми меѓународен стоматолошки конгрес, Охрид, јуни 2015 год.

Целта на овој труд е да им помогне на терапевтите во случаи кога има потреба да се отстранат поставените импланти поради различни причини. Често некои терапевти немаат соодветен прибор и затоа во овој труд се опишува на кој начин и со кои прирачни и достапни инструменти може да се послужат во секоја ординација. Трудот има апликативно значење.

24. **Превенција на ресорптивни промени на алвеоларните гребени кај беззабни пациенти**

**Ангеловска А**; Богдановски С., Бундевска Ј.

Прв конгрес на ЗСПСП при МСД со меѓународно учество, Охрид, 2016 год. Книга на апстракти, стр. 102.

Во овој труд се опишува појавата на ресорпција на алвеоларните гребени кај пациентите со тотална беззабност. Ресорпцијата е хроничен, континуиран и неизбежен процес кој настанува по губење на забите. Навремената и рана изработка на протетски помагала, според истражувањата во овој труд, може да ја превенира и забави ресорпцијата на алвеоларните гребени и затоа се препорачува навремена изработка на тотални протези кај целосно беззабните пациенти. Трудот има стручно-апликативно значење.

25. **Имплантолошко-протетски третман кај пациенти со суптотална беззабност**

Богдановски С., **Ангеловска А.,** Богдановска Б., Бундевска Ј.

Прв конгрес на ЗСПСП при МСД со меѓународно учество, Охрид, 2016 год. Книга на апстракти, стр. 160.

Целта на овој труд е да ги опише протетските можности кај суптотална беззабност кај пациентите кај кои постои индикација, а и желба и можности за поставување на импланти. На овој начин се подобруваат функцијата, естетиката и задоволството на пациентите од изработените помагала. Трудот има апликативно значење.

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Ас. д-р Анета Ангеловска, m-r. sci, е активен член на Здружението на доктори специјалисти по стоматолошка протетика на Македонија (ЗДССПМ), на Македонското стоматолошко друштво (МСД) и на Стоматолошката комора на Македонија (СКМ).

Ас. д-р Анета Ангеловска, m-r sci, активно е вклучена во стручно-апликативната работа на ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар „Св. Пантелејмон“ – Скопје, како и на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Посетувала стручни, стручно-едукативни и секциски состаноци, работилници, симпозиуми, тренинг-курсеви, годишни собранија и конгреси, за што поседува и соодветни сертификати.

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Весна Коруноска Стевковска, с.р.**
**Проф. д-р Гордана Ковачевска, с.р.**
**Проф. д-р Сашо Еленчевски, с.р.**

**ОБРАЗЕЦ 1**
**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ ИСТРАЖУВАЧ**

**Кандидат: Анета Ѓорги Ангеловска**
**Институција: Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Стоматолошки факултет – Скопје**
**Научна област: стоматолошка протетика**

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити<br>**по стара програма пред ЕКТС** | Да |
| 2 | Стекнат назив – магистер од соодветната област<br>Назив на научната област: **стоматолошка протетика** | Да |
| 3 | Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот и на вториот циклус академски студии посебно<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: **_9,80_________**<br><br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: **_10,00_________** | Да |
| 4 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: **англиски Ц1**<br>2. Назив на документот: **уверение за познавање на англиски јазик Ц1**<br>3. Издавач на документот: **Филолошки факултет „Блаже Конески“ при УКИМ – Скопје**<br>4. Датум на издавање на документот: **22.9.2020** | Да |

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Весна Коруноска Стевковска, с.р.**
**Проф. д-р Гордана Ковачевска, с.р.**
**Проф. д-р Сашо Еленчевски, с.р.**

## 2. Д-р Будима Пејковска Шахпаска, dr. sci

Кандидатката д-р Будима Шахпаска е родена на 15.1.1983 година во Скопје, Република Македонија.

Основно и средно училиште завршила со континуиран одличен успех во Скопје.

Во 2001 година се запишала на Стоматолошкиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј".

На Стоматолошкиот факултет дипломирала во предвидениот рок, на 7.12.2007 година, со одличен просек од 9,91.

Реализирала стаж во ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар „Св. Пантелејмон“ во Скопје и во Воената болница во Скопје.

По положувањето на стручниот испит во 2008 година се стекнала со уверение и лиценца за работа од Стоматолошката комора на Република Македонија за вршење на примарна стоматолошка здравствена заштита.

На 10.7.2008 година се вработила во ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар „Св. Пантелејмон“ во Скопје, на Клиниката за болести на забите и ендодонтот. По започнувањето со постдипломски студии, како и специјализација од областа на стоматолошката протетика, продолжува со работа на Клиниката за мобилна стоматолошка протетика.

Постдипломските студии од областа стоматолошка протетика на Стоматолошкиот факултет во Скопје ги завршила со успех и со просек 10,00 од положените испити.

Со успех го одбранила магистерскиот труд на 6.3.2012 година со наслов: „Функционално-естетски аспекти на примена на покровни протези во современата стоматолошка протетика“, со што се стекнала со називот **магистер по стоматолошки науки**.

На 3.7.2012 година го положила специјалистичкиот испит од областа на стоматолошката протетика на Стоматолошкиот факултет во Скопје, со што се стекнува со називот **специјалист по стоматолошка протетика.**

Третиот циклус – докторски студии од научната област модул А (стоматолошка протетика) ги завршила со просек 10,00 од положените испити.

На 4.1.2018 година со успех ја одбранила докторската дисертација под наслов: „Индивидуално дизајнирани ноќни протези при естетско-функционална рехабилитација на пациенти со бруксизам“, со што се стекнува и со звањето **доктор по стоматолошки науки**.

Поседува сертификати за положени испити и за одлично познавање на англискиот јазик. Ги има положено **FCE** и **CAE**-испитите организирани од Британскиот културен центар. Исто така, има посетувано повеќе дополнителни курсеви по англиски јазик во Лондон, Велика Британија, со што се стекнува со највисоко ниво на познавања на овој јазик, а за кои поседува соодветни сертификати. Ги има изучувано и германскиот и грчкиот јазик.

**1. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА**

Д-р Будима Пејковска Шахпаска вклучена е како едукатор на дипломирани стоматолози, кои се на стаж на Клиниката за мобилна стоматолошка протетика при ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар „Св. Пантелејмон“. Воедно е и едукатор на специјализанти кои реализираат турнуси на Клиниката за мобилна стоматолошка протетика при ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар „Св. Пантелејмон“.

**<u>Научноистражувачка дејност</u>**

Активно учествувала на основниот и напредниот курс за темпоромандибуларни нарушувања, како и на курсот *Advanced implant prosthodontics program - theory and hands on* и симпозиумот *Превенција на компликации во имплантологијата - гаранција за успех,* одржан од Имплантолошкото здружение на Р Македонија.

Има добиено Благодарница по повод јубилејот 60 години постоење на Стоматолошкиот факултет.

Кандидатката има објавувано трудови во домашни и во странски списанија. Има учествувано активно на семинари, симпозиуми, работилници и конгреси. Има работено на проекти заедно со колегите од истата специјалност.

**2. Исполнетоста на општите услови согласно со член 170 од Законот за високото образование (Службен весник бр. 82/2018) е прикажана во ОБРАЗЕЦ 1 на крајот на овој Реферат.**

**3. Исполнетоста на посебните услови за избор во соработничко звање – асистент согласно со член 12 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и**

**демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411/2018 и 426/2019), односно објавени трудови во стручно списание како автор или коавтор и учество во проект.**

Д-р Будима Пејковска Шахпаска, dr. sci, има објавено научни трудови од обласста на стоматолошката протетика и пошироко, трудови во меѓународни научни списанија со импакт-фактор (фактор на влијание), во национални научни списанија и списанија со меѓународен уредувачки одбор, апстракти во зборник на меѓународни конгреси и апстракти во зборник на национални конгреси во Македонија со меѓународно учество. Соработник е во изработка на учебник од областа на стоматолошката протетика. Има учествувано во национални научноистражувачки проекти. На соодветните симпозиуми од областа на стоматолошката протетика има активно учествувано како усно, така и со постерски презентации.

За актуелниот избор ги приложи следниве трудови и остварувања:

1. Велески Д., Антанасова М., **Пејковска Б.** Критички осврт на примената на магнетните ретенциони системи кај покровните протези. Макед. Стоматол. прегл. 2010; 34(5-6):319-326.
   Во трудот се прикажува практичната примена на магнетните ретенциони системи, кај пациенти со суптотална беззабност. Од огромно значење е апликативна вредност на овие системи кај пациенти носители на покровни протези, за подобрување на нивната стабилизација и ретенција. Трудот има стручен и апликативен карактер.
2. Велески Д., **Пејковска Б**., Атанасова М., Шабани Џ. Acrylock атечмени, примена и нивни функционално-естетски и биофизички аспекти во стоматолошката протетика. Аполонија.2011;13(26):141-150.
   Авторите даваат приказ на примена на AcryLock-атечмени кај пациенти, согледувајќи ја оправданоста од нивна примена. Законите на биофизиката укажуваат на фактот дека кај овие атечмени постои вертикален пренос на силите на џвакопритисок, за разлика од хоризонтални атечмени. Трудот е со апликативан карактер.
3. Велески Д., Антанасова М., **Пејковска Б.** Примена на магнетните ретенциони системи кај покровните протези во стоматолошката протетика. Аполонија. 2012: 51-62.
   Преостанатите радикси кај суптотална беззабност можат да бидат девитализирани, а во нив инкорпорирани ретенциони системи кои функционираат по принципот на магнети. Современата стоматолошка клиничка практика овозможува безбедна примена на магнетите кои ја стабилизираат покровната протеза, а со тоа му овозможуваат комфор на пациентот во нејзиното носење. Трудот има апликативен карактер.
4. Veleski D., **Pejkovska B.,** Antanasova M. Biophysical principles of the Acrylock attachments use in contemporary prosthetic dentistry. M Balk J Stom. 2012; 16:98-102.
   Целта на овој труд е да прикаже како во клиничката практика функционира примената на Acrylock-атечмените. Покрај задоволството на пациентите, треба да се согледа биологијата и физиката кога се изработуваат комплесни мостовни кострукции, особено од аспект на припремата, а и специфичноста во изработката на скелетирани протези. Трудот е со апликативна примена.
5. **Пејковска Б.,** Естетско-функционални и биофизички аспекти во современата стоматолошка протетика преку примена на Bredent-атечмени, постер-презентација. Симпозиум: Естетско-функционална рехабилитација кај различни видови беззабност, организиран од Македонското стоматолошко друштво; Здружение на доктори специјалисти по стоматолошка протетика; Книга на апстракти, Охрид, 3 – 4.6.2011.

   Во трудот е даден приказ на случај каде што се применуваат Bredent-атечмени. Пациентот е третиран со мост со подготовка и скелетирана протеза во долната вилица, а со тотална протеза во горната вилица. Трудот има стручна и практична примена.

6. **Пејковска Б.,** Велески Д., Антанасова М. Функционална проценка на покровните протези, 6. Конгрес со меѓународно учество на Македонското стоматолошко друштво, Охрид, Книга на апстракти, 2012.

Трудот прикажува компаративна анализа меѓу примената на покровни протези, примена на скелетирани протези и примена на класични акрилатни парцијални протези. Се докажува супериорноста на покровните протези, изработена над телескоп-коронки, споредено со класични протези. Трудот има практична примена.

7. **Pejkovska Shahpaska B**., Veleski D., Veleska Stefkovska D., Shabanov E., Dimova C., Papakoca K. Functional tests for overdentures. Revista Romana de Medicina Dentara. 17 (1/2014): 45-58. ISSN 1841-6942.

   Во овој труд изведувани се функционални тестови кај пациенти носители на покровни протези, класични акрилатни парцијални протези, класични скелетирани протези и нивна компарација со пациенти кои имаат интактно забало. Тестовите се испитувани со примена на гуми за џвакање, во жолта и сина боја. Авторите објаснуваат дека пациентите кога ги џвакаат двете гуми се добиваат различни нијанси на зелена боја. Зелена боја со голем степен на хомогеност се добива кај носители на покровни протези и кај пациентите со интактно забало. Графички се прикажани и објаснети добиените резултати. Трудот има научноистражувачки карактер.
8. Капушевска Б., **Пејковска Шахпаска Б.** и сор., Локални ефекти при употреба на оралсепт (Benzidamine Hydrochlorid), ЈЗУ УСКЦ „Св. Пантелејмон“ - Скопје, 2015-2016, учесник во наведениот **национален научен проект.**
9. Veleski D., **Pejkovska Shahpaska B**., Veleska Stevkovska D., Application of different types of magnet retention systems in the prosthetic practice. British Journal of Medicine & Medical Research.2016;12(11):1-7.
   Целта на овој труд е да се прикаже апликацијата на магнетните ретенциони системи во протетичката практика. Како што напредува технологијата, се усовршуваат и протетичките материјали, метали, легури и магнети. Постои оправданост од примена на магнетите како ретенциони системи. Трудот е со апликативен карактер.
10. Капушевска Б., **Пејковска Б.** и сор. Анализа и евалуција на состојбата на оралното здравје кај пациентите од ЈЗУ УСКЦ „Св. Пантелејмон“ - Скопје, 2012-2014 година, **учесник во наведениот проект.**
11. Kapusevska B., Dereban N., Mijoska A., **Pejkovska Shahpaska B.** Restoration of functional occlusion with selective teeth grinding, Conference paper. New interdisciplanary Approaches in oral and general rahabilitation, 20th BaSS congress, Bucharest 23rd-26th April 2015, PP8: 234.
    Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, број 1167.
    Mijoska A., Kapusevska B., Bajraktarova Valjakova E., Korunoska Stevkovska V., Gigovski N., Jurukovska Shotarovska V., Kokoceva O., **Pejkovska Sahpaska B.** Treatments of sport trauma in upper maxillary incisors. Albanian Dental Society Congress “Managing Challenges in Dentistry”, Struga 13-15 may 2016 (poster presentation). Трудот е рецензиран во Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, број 1167.
12. **Pejkovska Shahpaska B.**, Kapusevska B. Etiology, diagnosis and therapy in patients with bruxism – review article. Journal of Harmonized Research..2016;3(4):228-336.ISSN 2395-6046.**Impact Factor 3.224**
    Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, број 1167.
13. Пејковска – Шахпаска Б. „Суптотална беззабност во горната вилица-можности и предизвици преку приказ на случаи во секојдневната клиничка пракса“. Прв протетички конгрес со меѓународно учество организиран од МСД, 2016 год., Охрид.
14. **Пејковска Шахпаска Б.**, Капушевска Б., Гачева Цветкова С., Мијоска А., Петков М. Можности за протетичка терапија со суптотални протези, постер-презентација. I протетички конгрес, Охрид, 24-26 јуни 2016.
    Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, број 1167.
15. Гачева Цветкова С., Капушевска Б., **Пејковска Шахпаска Б.**, Бајактарова Вељакова Е. Заштита на постпрепарациона дентинска рана, постер презентација. I протетички конгрес, Охрид, 24-26 јуни 2016
    Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, број 1167.

16. Капушевска Б., Шуков К., **Пејковска-Шахпаска Б.**, Андоновска М., Гачева-Цветкова С. Корелација меѓу денталниот плак и четкањето на забите според Charters -овата техника кај пациенти со фикснопротетички надоместоци, постер презентација. I протетички конгрес, Охрид, 24-26 јуни 2016
Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, број 1167.
17. Исмаили Н., **Пејковска Шахпаска Б**., Сулејмани М. Progenia vera кај парцијална беззабност приказ на случај, постер-презентација. I протетички конгрес, Охрид, 24-26 јуни 2016.
Пациенти со прогенија вера се специфична категорија, која поради различни околности терапевтите ја третираат согласно со условите во уста и можностите на пациент. Трудот има апликативен карактер.
18. Kapusevska B., Shabani G., Shukov K., Dereban N., Bundevska J., **Pejkovska Shahpaska B.**, Jurukovska Shotarovska V., Naumovski B., Stavreva N., Mijoska A., Daci A., Andonovska M., Saquiri S., Beslimi F. Quality of life of children with bruxism treated with orthodontic appliances. International Journal of Applied Dental Sciences. 2017;3(3):162-166.
Целта на овој труд е да се прикаже бруксизмот во рана детска возраст и неговиот третман. Со оваа студија се опфатени 50 испитаници на возраст од 7 до 12 години и се применувани Andersen и Twin-block апарати. Изборот е на терапевтот кој апарат ќе го примени кај која група на пациенти, согледано од фактот кој апарат обезбедува подобар квалитет на живот. Трудот има апликативна вредност.
19. Kapusevska B., Dereban N, Bundevska J., Stavreva N., Jurukovska Shotarovska V., **Pejkovska Shahpaska B.** Medico-dental approach in threatment of neurovascular headache-migraine. International Journal of Dental and Health Sciences. 2017;4(1):107-115. ISSN:2348-5280. **Impact factor 2,78**
Невроваскуларната главоболка – мигрена е ентитет кој треба да се дијагностицира, а и да се направи диференцијална дијагноза со други облици на глабоволка. Оттаму, невролозите и стоматолозите треба да бидат запознаени како настанува главоболката и, уште позначајно, како да се третира. Трудот е со апликативен карактер.
20. **Pejkovska Shahpaska B.,** Kapusevska B. Producing specially designed dentures in patients with conditions of occlusal parafunctions. Journal of Advances in Biology (JAB). 2017; 10(1): 2044-2049. ISSN 2347 – 6893. **Impact factor 1,003**
Во трудот се третирани пациенти со ноќен бруксизам и парцијална беззабност. Воедно, кај пациенти се изработувани специјално дизајнирани протези, кои помагаат во намалување или во комплетно елиминирање на симптоматологијата. Трудот има стручно-апликативен и научен карактер.
21. Капушевска Б., Шуков К., Бундевска Ј., Ставрева Н., Андоновска М., Деребан Н., Јуруковска-Шотаровска В., **Пејковска Шахпаска Б**., Наумовски Б. Терапија на детски бруксизам. Македонски стоматолошки преглед. 2017;40(1-2):64-77. ISSN 0350-8129/UDK 616-31

Целта на овој труд е да прикаже третман на најфрагилна категорија на испитаници – деца со бруксизам. Кај децата, бруксизмот е особено присутен кога тие имаат мешовита дентиција. Терапевтот индивидуално треба да постави дијагноза и да одреди кој ортодонтски апарат ќе го примени кај која група на деца со дијагностициран бруксизам. Трудот има стручно-практична и научна примена.
22. Kapusevska B., Dereban N., Bundevska B., Stavrova N. **Pejkovska Sahpaska B.**, Andonovska M. Dental methods in the medical treatment of tension headache. Biolife 2018; 6(1):51-55. ISSN (online): 2320-4257. **Impact factor 4,175**
Целта на овој труд е да прикаже комплексен третман на тензиона главоболка со примена на комбинирана медикаментозна и дентална терапија. Пациентите во овој труд се следени во интервал од една година. Со комбинираниот облик на терапија се укажува помош на пациентите. Трудот е со апликативен карактер.
23. Ставрева Н., Капушевска Б., Мијоска А., **Пејковска Шахпаска Б.**, Арсовски З. Циркониумски коронки како протетски реставрации на млечни заби во бочна регија – приказ на случај. Прв македонски педодонтски конгрес, 18, 19 мај 2018, Скопје.
Овој труд ја опишува потребата за протетичка реставрација на млечен заб. Млечните заби во раната детска возраст се чувари на место сѐ до никнување на трајните заби. Современата протетика нуди можности за третман, меѓу кои примена на

циркониумски коронки и во бочната регија. Трудот има стручно-практична примена.

24. Bundevska J. Kapusevska B., Stavreva N., Jurukovska Shotarovska V., **Pejkovska Shahpaska B.** Intolerance to total dentures by the patients. IOSR Journal of Dental and Medical Sciences (IOSR-JDMS).2018;17(2):53-57. e-ISSN: 2279-0853, p-ISSN: 2279-0861.
    Овој труд прикажува група на пациенти кои имаат интолерација кон тотални протези. Најчесто пациентите имаат проблем со горната тотална протеза, а терапевтот треба да согледа каков облик на помош ќе му укаже на пациентот. Понекогаш доволно е кратење на работ на протезата, а некои пациенти кои имаат екстремна преосетливост и медикаментозно се третираат. Трудот е со апликативна примена.
25. **Пејковска Шахпаска Б.,** Капушевска Б., Бундевска Ј.,Ставрева Н., Јуруковска Шотаровска В. Креирање на тотални протези според индивидуалноста на пациентите - приказ на случај – постер-презентација. 8. Конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество - „Зад здравата насмевка - наука и уметност“, 20 до 23 септември 2019 во Охрид, хотел „Инекс Горица“.
    Трудот ја претставува уметноста во креирањето на индивидуално дизајнирана протеза, која најдобро ќе ги надомести изгубените заби и коскената структура. Пациенти кои имаат дијастеми и други индивидуалности истото го посакуваат и во тоталните протези за што поприроден изглед, а со запазување и на функционалната вредност на протезите. Трудот е со апликативен карактер.
26. Бундевска Ј., Капушевска Б., Ставрева Н., **Пејковска Шахпаска Б.** Трошење на артифициелни заби во мобилната стоматолошка протеза– приказ на случаи-постер презентација. 8ми Конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество- „Зад здравата насмевка - наука и уметност“, 20 – 23 септември 2019 во Охрид, хотел „Инекс Горица“.
    Целта на овој труд е да се прикажат случаи од секојдневната практика каде што има трошење на артифициелните заби од мобилните стоматолошки протези како последица од парафункционални движења или механички причинители, поврзано со физиолошки или нефизиолошки фактори и нивното последователно решавање. Трудот има практична примена.
27. Јуруковска Шотаровска В., Капушевска Б., Бундевска Ј., **Пејковска Шахпаска Б.** Безметални надградбени системи во естетската стоматологија, предности и недостатоци. 8. Конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество - „Зад здравата насмевка - наука и уметност“, 20 – 23 септември 2019, Охрид, хотел „Инекс Горица“.

    Целта на овој труд е да ги прикаже безметалните надградбени системи. Тие се дел од современата реставративна стоматолошка практика. За нив е потреба посебна техника и технологија на работа, а на терапевтот е одлуката со кој систем ќе работи. Трудот има стручно-практична примена.
28. Ставрева Н., Капушевска Б., Бундевска Ј**., Пејковска Шахпаска Б**., Жабокова Билбилова Е., Олга Кокочева Ивановска. Циркониja-дентален биоматеријал, преглед на литература. Списание на македонско лекарско друштво, Мак. мед. преглед, 2018; 72(2):53-58
    Целта на овој труд е да се прикаже употребата на циркониjата, неговата биокомпатибилност, цврстина и одлична естетика. Циркониjата со CAD/CAM методологијата претставува револуционерно откритие. Секојдневната клиничка практика го опишуваат ветувачкиот карактер на циркониjата. Трудот врши преглед на литературата, а со тоа се збогатуваат сознанијата на терапевтите. Трудот е од стручен и научен карактер.
29. **Pejkovska Shahpaska B.,** Kapusevska B., Stavreva N. Application of night dentures during prosthetic rehabilitation in a patient with bruxism - a case study**.** Acta Stomatologica Naissi. 2018;34(77):1804-1812.
    Целта на овој труд е да се даде приказ на третман на пациент со бруксизам со помош на ноќни протези. Ноќните протези се нова метода која докажано помага во превенција на понатамошно оштетување на структурите на стоматогнатниот систем кај пациенти со дијагностициран бруксизам. Трудот има стручен, научен и апликативен карактер.

30. Demjaha G., Kapusevska B., **Pejkovska Shahpaska B**. Bruxism unconscious oral habit in everyday life. Open Access Maced J Med Sci. 2019;7(5):876-881. https://doi.org/10.3889/oamjms.2019.196
Трудот дава приказ на парафункцијата бруксизам, која претставува несвесна навика, а е присутна во секојдневниот живот. Многу автори го проучуваат бруксизмот, се со цел да пронајдат најдобри превентивни и терапевтски модалитети на што е укажано во овој стручен труд. Трудот е со стручно- апликативен карактер.
31. Технологија на фиксни протези (мостови) (второ дополнето издание), Скопје 2019, автор - Капушевска Б., соработници: Јуруковска Шотаровска В., Ставрева Н., Бајрактарова Ваљакова Е., Мијоска А., **Пејковска Шахпаска Б**., Петков М. и Петровски Д. **(соработник во подготовка на учебник).**
32. **Pejkovska Shahpaska B.,** Kapusevska B. Aesthetically - functional rehabilitation in patients with bruxism by designing night dentures. European Journal of Biomedical and Pharmaceutical Sciences.2019;6(8):472-479.ISSN 2349-8870, SJIF. **Impact Factor 4.918**
Пациентите со ноќен бруксизам имаат потреба за естетско-функционална рехабилитација на стоматогнатниот систем. Силите на бруксизам се особено навечер амплифицирани, а можат да доведат до девалвација на солидно изработени протетички помагала. Бидејќи терапија за бруксизмот сѐ уште се истражува, превенцијата треба да биде земена предвид при третирање на пациенти со бруксизам. Трудот има научен и апликативен карактер.
33. *Pejkovska Shahpaska B., **Kapusevska B. Treatment of a patient with night bruxism – a case study. World journal of pharmaceutical and medical research.2019;5(9):48-52.ISSN 2455-3301. ICV: 78.6. Impact factor 4.639***

**Целта на овој труд е да се прикаже примената на еден од методите за третман на пациент со дијагностициран бруксизам. Пациентот пред третманот треба да носи интраорална заштитна направа, а по изработка на нови протетички помагала превентивно да му биде изработена ноќна протеза за заштита од оштетување на постигнатиот резултат. Трудот е со стручно-апликативен карактер.**
34. Kapusevska B., Lazarovska E., **Pejkovska Shahpaska B**., Stavreva N., Jurukovska-Shotarovska V. Dental treatment of patients with masticatory diseases. Macedonian Dental Review.2019;42(1-2):13-18. ISSN 2545-4757
Трудот е насочен кон пациенти кои имаат различни облици на мастикаторни болести. Соодветно на тоа и третманот треба да биде приспособен, а сѐ со цел олеснување на мастикаторните болести од кои произлегуваaат и темпоромандибуларните дисфункции. Трудот има практична примена.
35. ***Pejkovska Shahpaska B., Assessment of the pain, stress and emotional factor related to the occurrence of bruxism. Balkan Journal of Dental Medicine.2019;23(3):147-151.doi: https://doi.org/10.2478/bjdm-2019-0026***
***Трудот дава оценка на присуството на стресот во секојдневното живеење. Пациентите испитаници пополнуваат прашалници, покрај за симптомите од присутниот бруксизам, така и за степенот на болка според скала за градуирање на болката. Постојат повеќе методи за менаџмент на стрес и тука терапевтот треба да се стави во улога на психолог да ја разбере улогата на влијанието на стресот како тригер или дополнителен фактор во манифестирањето на бруксизмот. Трудот има апликативна вредност.***
36. Пејковска-Шахпаска Б.Конвенционална протетика-потреба или избор, функција, оклузија и артикулација кај пациенти носители на тотални протези. Здружение на специјалисти по стоматолошка протетика, симпозиум со меѓународно учество, МСД, 2019.
37. Ставрева Н., Капушевска Б., Шушак З., Панчевска С., **Пејковска Шахпаска Б.**, Жабокова Билбилова Е., Амбаркова В. Candida albicans инфекции кај пациенти со акрилатни протези, Vox Dentarii.2019:38-41

Трудот има за цел да ја согледа поврзаноста меѓу појавата на Candida albicans кај пациенти со акрилатни протези. Се укажува дека терапевтите треба да ја воочат симптоматологијата на пациентите и да им препишат соодветна терапија. Самите

протези треба да бидат соодветно изработени да не претставуваат тригер-фактор за појавата на оваа габична инфекција. Трудот има практична примена.

38. **Pejkovska Shahpaska B**. Evaluation of function, occlusion and artuculation in patients wearers of total dentures. European Journal of Biomedical and Pharmaceutical sciences, Sciences. 2020;7(1):21-26.ISSN 2349-8870, ICV - 77.3 **Impact factor 6.044**
Цел на овој труд претставува евалуација на функција, оклузија и артикулација кај пациенти носители на тотални протези. Тоталното протезирање сѐ уште претставува златен стандард во третманот на пациенти со тотална беззабност. Не секој пациент е кандидат за протези дизајнирани со CAD/CAM-технологијата. Терапевтот со помош на современи артикулатори и помошни методи треба да овозможи одредување на меѓувиличните односи во степен кој најдобро ќе соодветствува на секој пациент. Трудот има практична примена.
39. Demjaha G., Kapushevska B., Zymber AÇ., **Pejkovska Shahpaska B**. Dental Treatment on Cephalea from Orofacial Origin. Prilozi (Makedonska Akademija na Naukite i umetnostite. Oddelenie za Medicinski Nauki). 2019 Dec;40(3):109-115. DOI: 10.2478/prilozi-2020-0010.

   Во овој труд се објаснува појавата на cephalea од орофацијално потекло и начинот како таа да биде отстранета со терапевтски модалитети. Треба да се направи дистинкција меѓу појавата на главоболка, мигрена и cephalea од орофацијално потекло за да се осознае и начинот на кој тие ќе бидат третирани. Трудот има стручен, научен и апликативен карактер.

40. Kjaeva Pejkovska M., **Pejkovska Shahpaska B.,** Pejkovska Ilieva M., Pejkovska Ilievska A. Congenital diaphragmatic hernia post-surgical treatment and child development. Original Research. Int J Med Rev Case Rep.2020;4(8):25-30.doi: 10.5455/IJMRCR.congenital-diaphragmatic-hernia-2020
Трудот прикажува развоен процес на дете родено со конгенитална дијафрагмална хернија. Целта на оваа мултисекторска петгодишна студија е да се покрене свесноста дека оваа сериозна аномалија треба да биде следена од моментот на нејзино откривање, како и да се согледа нејзината поврзаност со други промени. Хередитарниот фактор е неминовно да биде анализиран и следен. Трудот има практичен и научен карактер.

**<u>Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес</u>**

Д-р Будима Пејковска Шахпаска dr.sci, е активен член на Здружението на доктори специјалисти по стоматолошка протетика на Македонија (ЗДССПМ), Македонското стоматолошко друштво (МСД), Стоматолошката комора на Македонија (СКМ), како и на Македонското здружение за естетска стоматологија (МЗЕС).

Д-р Будима Пејковска Шахпаска активно е вклучена во стручно-апликативната работа на ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар „Св. Пантелејмон“ - Скопје. Посетувала стручни, стручно-едукативни и секциски состаноци, работилници, симпозиуми, тренинг-курсеви, годишни собранија и конгреси, и за тоа поседува соодветни сертификати.

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Весна Коруноска Стевковска, с.р.**
**Проф. д-р Гордана Ковачевска, с.р.**
**Проф. д-р Сашо Еленчевски, с.р.**

**ОБРАЗЕЦ 1**
**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** **Будима Јован Пејковска Шахпаска**

**Институција: Стоматолошки факултет – УКИМ**

**Научна област:** **СТОМАТОЛОШКА ПРОТЕТИКА**

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ ИСТРАЖУВАЧ**

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено додипломски академски студии, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) и стекнат назив доктор на стоматологија | Да |
| 2 | Има завршено посдипломски студии и стекнат назив – магистер од соодветната област<br>Назив на научната област: стоматологија – стоматолошка протетика. | Да |
| 3 | Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот циклус и вториот циклус на академски студии посебно<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: ______9,91<br><br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: ______10,00<br><br>Просечниот успех на трет циклус изнесува: ______10,00 | Да |
| 4 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>• Странски јазик: англиски<br>• Назив на документот: FCE, CAE, Certificate of Highest Score in English Language test and took part in the Ohrid Summer camp organised by the British Council Macedonia and the Open Society Institute, Certificate of Proficiency in English<br>• Издавач на документот: The British Council<br>• Датум на издавање на документот: 1998, 1999, 2000 | Да |

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Весна Коруноска Стевковска, с.р.**
**Проф. д-р Гордана Ковачевска, с.р.**
**Проф. д-р Сашо Еленчевски, с.р.**

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатите, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува нивната севкупна активност, и заклучи дека двете кандидатки ги исполнуваат условите предвидени со Законот за високото образование и Правилникот за избор во звања.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје, ас. д-р Анета Ангеловска, m-r sci, да биде избрана во соработничкото звање асистент во наставно-научната област стоматолошка протетика.

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Весна Коруноска Стевковска, с.р.**
**Проф. д-р Гордана Ковачевска, с.р.**
**Проф. д-р Сашо Еленчевски, с.р.**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
## НА УЧЕБНИКОТ ПРИНИЦИПИ НА СОВРЕМЕН СПОРТСКИ МЕНАЏМЕНТ, ПРВО ИЗДАНИЕ, ОД АВТОРОТ ПРОФ. Д-Р ИВАН АНАСТАСОВСКИ

Врз основа на конкурсот за финансирање на издавачката дејност на Универзитетот во електронска форма, е-издаваштво за академската 2020/2021 година, бр. 11-1011/1-1 од 9.12.2020 година и Барањето за издавање на учебникот ПРИНЦИПИ НА СОВРЕМЕН СПОРТСКИ МЕНАЏМЕНТ во електронска форма, од авторот проф. д-р Иван Анастасовски, со Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 0201-1173/7, донесена на 25.12.2020 година, за рецензенти се избрани: проф. д-р Ленче Алексовска Величковска, редовен професор на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје и проф. д-р Милан Наумовски, редовен професор на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје.

Како рецензенти, по прегледувањето на трудот, го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### 3. ЗАЕДНИЧКИ ДЕЛ

| | |
|---|---|
| **Назив на учебникот, односно учебното помагало** | ПРИНЦИПИ НА СОВРЕМЕН СПОРТСКИ МЕНАЏМЕНТ |
| **Име и презиме на авторот (авторите)** | Проф. д-р Иван Анастасовски |
| **Назив на предметната програма за која се однесува** | Прв циклус: Физичко и здравствено образование и спорт<br>Втор циклус: Спортски менаџмент |
| **Назив на студиската програма** | Прв циклус академски студии: Спортски менаџмент<br>Прв циклус стручни студии: Спортски менаџмент<br>Втор циклус – Спортски менаџмент: Маркетинг-истражување во спортскиот менаџмент |
| **Фонд на часови настава и вежби и ЕКТС-кредити за предметната програма во семестарот** | Прв циклус, изборен предмет, 15 + 30 часа (6 кредити)<br>Втор циклус, задолжителен предмет, 90 часа (9 кредити) |
| **Број на студенти во една генерација кои ќе го користат предложениот учебник** | Прв циклус, две насоки, 130 студенти<br>Втор циклус, 30 студенти |
| **Дали се работи за прво издание или не** | Да |
| **Предлог за начинот на издавање на секој поединечен наслов (печатена или електронска форма). За издавање во електронска форма, потребна е согласност од авторот.** | Елктронска форма |
| **Предлог за тираж, формат, број на страници и прилози во боја за секој предложен наслов** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 164 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12.<br>Текстот е поделен во 4 поглавја и литература и содржи 29 слики, 8 илустрации, 15 табели и 15 графикони. |

**РЕЦЕНЗЕНТИ**
**Проф. д-р Ленче Алексовска Величковска, с.р.**
**Проф. д-р Милан Наумовски, с.р.**

### 4. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р ЛЕНЧЕ АЛЕКСОВСКА ВЕЛИЧКОВСКА

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината** | Како рецензент на овој учебник, со право можам да истакнам дека станува збор за дело кое несомнено ќе ја збогати научната и стручната литература посветена на спортските науки во делот на спортскиот менаџмент. Исто така, учебникот ќе им овозможи на студентите од прв и од втор циклус студии на Факултетот кои ја третираат оваа проблематика, зголемување на нивниот фонд на знаења за проблемите во спортот и спортскиот менаџмент. Овој учебник треба да го сфатиме како почетен импулс кој ќе биде доволен двигател за самиот автор, но и за секој оној што се интересира за оваа проблематика, да продолжи да ја истражува и да твори и да создава дела кои се од посебно општествено значење од една страна, а од друга страна како порака од спортската наука. |
| **Оцена дали предложениот учебник, односно учебно помагало е во согласност со предметната програма** | Учебникот е комплетно усогласен со предметната програма. |
| **Оцена на учебникот, односно учебното помагало** | одличен |
| **Категоризација (учебник или учебно помагало)** | учебник |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување на трудот** | Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметите: Спортски менаџмент, на прв циклус студии и Маркетинг-истражување во спортскиот менаџмент, на втор циклус студии при Факултетот за физичко образование, спорт и здравје. Тој, исто така, може да им служи и на сите студенти од УКИМ кои го имаат избрано предметот Спортски менаџмент. |
| **Предлози за потребни корекции** | / |
| **Изјава дека трудот не содржи дискриминаторски содржини утврдени со позитивните прописи во Република Македонија** | |
| **Изјава за процентот на промените согласно со член 27 од Правилникот за издавачка дејност** | |
| **Други елементи** | |

**Скопје, 2020 година**

**Рецензент**
**Проф. д-р Ленче Алексовска Величковска, с.р.**

**5. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р МИЛАН НАУМОВСКИ**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината** | Учебникот „Приниципи на современ спортски менаџмент“ претставува посебен и уникатен учебник во рамките на општествените науки и недвојбено е неговото значење и придонес во развојот на науката. Спортот и спортскиот менаџмент имаат значајна улога во животот на човекот и токму поради тоа има потреба од нивно проучување и елаборирање. Посебно денес, во ова современие во кое живееме, спортот и спортскиот менаџмент ја имаат една од клучните улоги за правилен раст и развој на младите, кои се идднината на едно општество. Сите претходно споменати факти, како и квалитетот на самиот учебник, ми даваат за право да дадам една позитивна оценка за самиот учебник. |
| **Оцена дали предложениот учебник, односно учебно помагало е во согласност со предметната програма** | Учебникот е комплетно усогласен со предметната програма. |
| **Оцена на учебникот, односно учебното помагало** | одличен |
| **Категоризација (учебник или учебно помагало)** | учебник |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување на трудот** | Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметите: Спортски менаџмент, на прв циклус студии и Маркетинг-истражување во спортскиот менаџмент, на втор циклус студии при Факултетот за физичко образование, спорт и здрвје. Тој, исто така, може да им служи и на сите студенти од УКИМ кои го имаат избрано предметот Спортски менаџмент. |
| **Предлози за потребни корекции** | |
| **Изјава дека трудот не содржи дискриминаторски содржини утврдени со позитивните прописи во Република Македонија** | |
| **Изјава за процентот на промените согласно со член 27 од овој Правилник** | |
| **Други елементи** | |

**Скопје, 2020 година**

**Рецензент**
**Проф. д-р Милан Наумовски, с.р.**

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

По прегледувањето на трудот, имаме чест и задоволство да му предложиме на Наставно-научниот совет на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје, да донесе одлука за издавање на ракописот на учебникот ПРИНЦИПИ НА СОВРЕМЕН СПОРТСКИ МЕНАЏМЕНТ, во електронска форма, од авторот проф. д-р Иван Анастасовски.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Ленче Алексовска Величковска, с.р.**
**Проф. д-р Милан Наумовски, с.р.**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
## НА УЧЕБНИКОТ *ПРИНЦИПИ НА СОВРЕМЕН СПОРТСКИ МЕНАЏМЕНТ*
## ОД
## ПРОФ. Д-Р ИВАН АНАСТАСОВСКИ

Учебникот „Приницsmall на современ спортски менаџмент“, од авторот проф. д-р Иван Анастасовски, претставува прв и мошне сериозен учебник, напишан на македонски јазик, кој е неопходен како за потребите на УКИМ, така и за Факултетот за физичко образование, спорт и здравје, како и за студентите кои се запишуваат на првиот и вториот циклус студии на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје. Учебникот претставува дело кое е посветено на сегмент кој е од круцијално значење во спортските науки, а тука се вклучени: спортот, спортскиот менаџмент, спортските организции, финансирањето и спонзорството во спортот, спортските институции и спортското законодавство, со посебен акцент на истражувања во делот на општествените науки, каде што и спаѓа сегментот спортски менаџмент. Ваквиот концепт на истражувања во делот на спортските науки е навистина недоволно проучувано, додека моменталната состојба во нашава држава има потреба од подлабоки и сеопфатни истражувања на посочената проблематика. Авторот во својот учебник исклучително успешно го вградува своето богато, теоретско и практично социолошко и практично знаење.

Како што истакнува авторот во самиот предговор, суштината на овој учебник е насочена кон институционалното решавање на спортот во нашата држава, и тоа преку **„lex specialis“** Законот за спорт од 2011 година, кој ги опфаќа спортските организации (спортски федерации, спортски клубови и спортски асоцијации). Но авторот децидно истакнува дека во овој Закон нема сегменти за спортскиот менаџмент, решавање на проблемот со кадровскиот потенцијал и организациската поставеност на спортот, негово законско и системско организирање, како и воспоставување на нов менаџерски курс во спортот и спортските организации. Од тие причини, авторот посочува дека интересот за развојот на спортот, спортскиот менаџмент и спортските организации во нашата држава во последните неколку години е во значителен пораст, со што се менува пристапот кон спортот, спортскиот менаџмент и спортските организации. Авторот нуди факти во својата книга за тоа дека досегашниот институционален интерес на е на потребното ниво кое е неопходно за развојот на спортот и спортскиот манаџмент и спортските организации во нашата држава, при што укажува на тоа дека државата би требало да се насочи кон спортските науки и да го подигне нивото на финансирање во истражувањата кои, пред сè, би се однесувале на развојот на спортот, спортскиот менаџмент и спортските организации.

Учебникот е напишан на исклучително модерен начин и се состои од предговор, вове, општествена оправданост на книгата, како и четири глави, пет подглави. Секоја од подглавите има вовед, засебен број на теми кои се разработуваат во самите поглевја, како и цитирана библиографија. Во првата глава, авторот говори за спортот и неговите почетоци, понатаму на многу јасен и разбирил начин го дефинира спортот преку неколку релевантни цитати од реномирани автори во делот на спортот. Исто така, авторот во книгата нуди нова и модерна класификација за спортот која е приспособена на денешните нови општествени правци, каде што, покрај професионалниот спорт, ги разработува аматерскиот и рекреативниот спорт, и она што не значајно овде го апострофира и спортот за лицата со попреченост. Во втората глава, која е најобемна, авторот дава сериозен осврт на суштината на понудениот учебник, а тоа е спортскиот менаџмент, каде што преку неговите почетоци ја открива потребата за воведување на спортскиот менаџмент во системот спорт. Во оваа глава, авторот многу јасно и прецизно го потенцира значењето и улогата на спортскиот менаџмент во новото време на живеење и неговата потреба да се наметне во спортските науки. Во оваа глава, авторот на многу јасен и сликовит начин ги објаснува постулатите на финансирање, спонзорство и економските релации помеѓу државата и спортот. Исто така, авторот во книгата дава јасна елаборација за ликот и улогата на спортскиот менаџер како можност за нова професија која би била дел од спортското управување. Во третата глава, насловена „Спортски организации – законодавство“, авторот, на многу јасен начин и со сериозна посветеност, им дава значење на поимите како што се: спортски организации, спортски клуб, спортски асоцијации, спортски здруженија и сето она што е важно за функционалноста на спортот. Многу значаен сегмент од книгата „Принципи на современ спортски менаџмент“ е делот за истражувања во општествените науки каде што припаѓаат спортските науки, така што авторот во четвртата глава, за прв пат во еден учебник, се осврнува на истражување кои се однесува на спортските науки, односно на спортскиот менаџмент, а кое е извршено на репрезентативен примерок на испитаници. Овде авторот презентира 13 графикони и 12 табели, каде што многу прецизно го поставува истражувањето со јасна методологија на резултатите и стручен коментар и анализа на

добиените резултати од тоа истражување. И на крајот во библиографијата, авторот цитира 60 библиографски едининици на современ научен начин на цитирање.

Како рецензент на овој учебник, со право можам да истакнам дека станува збор за дело кое несомнено ќе ја збогати научната и стручната литература посветена на оваа проблематика. Исто така, учебникот ќе им овозможи како на студентите од УКИМ, така и на студентите од прв и втор циклус студии на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје за зголемување на нивниот фонд на знаења за проблемите во спортските науки каде што се вклучени спортот, спортскиот менаџмент и спортските организации. На крајот, целата научна, стручна и интелектуална јавност ќе има бенефит од публикувањето на овој учебник, бидејќи, пред сè, ќе осознае нешто ново, ќе се запознае со детали за спецификите на поимите кои се обработуваат и, секако, ќе имаат една солидна база на податоци која ќе биде поттик за понатамошни истражувања. Овој учебинк треба да го сфатиме како почетен импулс кој ќе биде доволен двигател за самиот автор, но и за секој оној што се интересира за оваа проблематика, да продолжи да ја истражува и да твори и да создава дела кои се од посебно општествено значење од една страна, а од друга страна како порака од спортската наука.

Врз основа на претходно искажано од моја страна како рецензент на овој учебник, со големо задоволство препорачувам овој труд да се печати и да биде достапен на оние што работат во областа на физичкото образование и спортот, како и за пошироката читателска публика.

**Рецензент**

**Проф. д-р Ленче Алексовска Величковска, с.р.**
**Катедра за општествени науки,**
**Факултет за физичко образование, спорт и здравје,**
**УКИМ, Скопје**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
## НА УЧЕБНИКОТ *ПРИНЦИПИ НА СОВРЕМЕН СПОРТСКИ МЕНАЏМЕНТ*
## ОД
## ПРОФ. Д-Р ИВАН АНАСТАСОВСКИ

Учебникот „Принципи на современ спортски менаџмент“ е современо учебно помагало, кое во себе ги елаборира и ги објаснува основните и клучни поими кои се суштински за општественото поимање во делот на спортските науки и спортскиот менаџмент. Станува збор за учебник кој со право може да се смести во редот на пионерски потфати, бидејќи сеопфатно, комплексно и социолошки ги детерминира проблемите во општествените сегменти на спортот, спортскиот менаџмент и спортските организации, како и јасно ја отсликува и ја согледува општествената и научна оправданост за едно вакво напишано дело. Учебникот е напишан на македонски литературен јазик, разбирлив како за студентската полулација, така и за секој истражувач особено во делот на спортките науки, но и за секој добронамерник кој сака да осознае нешто повеќе за спортот, спортскиот менаџмент и спортските организации. Учебното помагало е изложено на 164 страници, со 4 глави или тематски целини, а самите теми содржат повеќе поглавја или методски единици кои ги објаснуваат на микрониво феномените кои се опфатени во главните единици. Во учебникот има изложено и обемна библиографија, што укажува на фактот дека за самата проблематика се консултирани признати и познати домашни и светски научници, потоа дадени се 29 слики, 8 илустрации, 15 табели, 15 графикони, како и 60 цитати од домашни и странски автори кои се јасно поставени во овој учебник.

Започнувајќи ја анализата детално, уште во првата глава, која авторот ја посветил на почетоците на спортот, како и дефинирањето на поимите и термините кои ги разработува во својата наставна програма од предметот Спортски менаџмент, може да се согледа прецизноста и концизноста во дефинирањето на основните поими кои се клучни, како и јасноста и едноставноста на мислата. Во ова поглавје, посебно се обработени поимите: спортот, неговите општествени вредности, како и неговата класификација. Токму ова поглавје претставува вовед во понатамошната елаборација на суштинските аспекти на спортскиот менаџмент.

Во следната глава, авторот ја поставува суштината на овој учебник преку јасна, концизна елаборација за спортскиот менаџмент. Авторот јасно укажува на значењето и улогата на спортскиот менаџмент. Авторот овде јасно укажува на тоа дека спортскиот менаџмент или управувањето во спортот, како што тој го насловува, претставува една од најмладите области во системот на менаџирање. Овде авторот многу прецизно укажува дека од аспект на подобрување на целокупниот спортски систем, решението би требало да се бара во стекнување нови знаења и вештини преку изучување на системот: спортскиот менаџмент или управувањето во спортот. Особено е важно да се каже дека учебникот алудира на тоа дека професијата менаџер означува дека целосниот труд и капацитетот се согледуваат во постигнувањето на спортскиот резултат, кој е мера за квалитетот на менаџирање преку персоналните карактеристики.

Третата глава се однесува на едно мошне значајно, но не доволно проучувано подрачје во спортските науки, а тоа е законодавството во спортот и спортскиот менаџмент, како и спортските организации. Па оттаму, авторот укажува на тоа што претставува генерално организација, и посочува на тоа дека постојат повеќе видови на организации, и во овој учебник ги насочува кон целта на неговата анализа за спортските организации. Овде авторот систематски дава елаборација за сите типови на спортски организации, како и спортски клубови во јасна шематска поставеност во делот на организација.

Во четвртата и последна глава, авторот дава, на јасен методолошки и научен начин, истражување за улогата на државната и локалната власт за развојот на спортот, спортскиот менаџмент и спортските организации (федерации, сојузи, асоцијации и клубови) во нашата држава. Овде авторот поставува многу сериозна дилема за тоа каква е и која е улогата што ја имаат државата и локалната власт за развојот на спортот, спортскиот менаџмент и спортските организации. Врз база на оваа дилема, тој дава јасни научни показатели преку анализирање на ставови и мислења на испитаниците кои учествувале во цитираното истражување за се 413 на број, што говори за релевентноста на истражувањето кои го има поставено во овој учебник.

Според тоа, учебникот „Принципи на современ спортски менаџмент“ претставува посебен и уникатен учебник во рамките на општествените и спортските науки и недвојбено е неговото значење и

придонес во развојот на науката. Спортот и спортскиот менаџмент имаат значајна улога во животот на човекот и токму поради тоа има потреба од нивно проучување и елаборирање. Посебно денес, во ова современие во кое живееме, спортскиот менаџмент ја има една од клучните улоги за развојот на спортот во едно општество. Сите претходно споменати факти, како и квалитетот на самиот учебник, ми даваат за право да дадам една позитивна оценка за самиот учебник.

Врз основа на анализите дадени на одделните делови кои ја чинат содржината на овој учебник, во својство на рецензент, со големо задоволство препорачувам да се печати и да биде достапен на оние што работат во областа на физичкото образование и спортот, но и за пошироката читателска публика.

**Рецензент**

**Проф. д-р Милан Наумовски, с.р.**
**Катедра за спортски игри - кошарка,**
**Факултет за физичко образование, спорт и здравје, УКИМ, Скопје**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

**ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА** УЛОГАТА НА РЕГИОНАЛНАТА СОРАБОТКА ВРЗ МЕНАЏИРАЊЕТО НА КРИЗИ И ПРЕДИЗВИЦИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА **ОД М-Р ЕСАТ ЕЛЕЗИ**, **ПРИЈАВЕНА НА ИНСТИТУТОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ, ОДБРАНА И МИР НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ**

**Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата XXXВ редовна седница одржана на 7.Џ 2020 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на м-р Есат Елези, пријавена на Институтот за безбедност, одбрана и мир, под наслов** УЛОГАТА НА РЕГИОНАЛНАТА СОРАБОТКА ВРЗ МЕНАЏИРАЊЕТО НА КРИЗИ И ПРЕДИЗВИЦИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, **во следниов состав: проф. д-р Лидија Георгиева (претседател), проф. д-р Марина Митревска (ментор), проф. д-р Трајан Гоцевски, проф. д-р Зорица Салтировска и проф. д-р Кебир Авзиу.**

**Заблагодарувајќи се за укажаната доверба, по прегледувањето на трудот, Комисијата на Наставно-научниот совет има чест да му го поднесе следниов**

## И З В Е Ш Т А Ј

Докторската дисертација УЛОГАТА НА РЕГИОНАЛНАТА СОРАБОТКА ВРЗ МЕНАЏИРАЊЕТО НА КРИЗИ И ПРЕДИЗВИЦИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА е изложена на 206 страници компјутерски обработен текст (фонт Георгиа, големина 12, проред 1,5). Текстот е поткрепен со 180 фусноти и библиографски единици на англиски, албански и македонски јазик. Покрај апстрактот, воведот, кратенките употребени во трудот, листата на релевантни цитирани документи и библиографијата, текстот е организиран во 8 тематски поглавја, сите поделени на соодветен број потпоглавја.

## 1. Анализа на трудот

Првиот дел од трудот се однесува на методолошката рамка на истражувањето. Притоа е истакнато дека генералната цел на докторската дисертација е научна дескрипција и објаснување на потребата од постоење на систем за менаџирање со кризи, како и потребата од остварување соодветна соработка на национално, но и на регионално ниво во оваа област, со цел да се одговори на современите предизвици на Република Северна Македонија. Поединечните цели кои произлегуваат од истражувањето, а се во корелација со генералната цел, се однесуваат на следното: да се процени ефикасноста на организационата поставеност на системот за менаџирање на кризи во Република Македонија; да се процени влијанието на улогата на регионалната соработка врз менаџирањето на кризи во Република Македонија; да се процени влијанието на улогата на регионалната соработка врз менаџирањето на кризи во државите од регионот; да се анализираат тешкотиите и пречките кои произлегуваат од улогата на регионалната соработка врз менаџирањето на кризи во Република Македонија.

Во овој дел се утврдени и главните задачи на истражувањето: проучување на постојните уставни и законски решенија и правните механизми со кои се уредува оваа област во делот за менаџирање на хуманитарните кризи; да се констатираат проблемите со кои најчесто се соочува кризниот менаџмент во Република Македонија; да се анализира начинот и процесот како улогата на регионалната соработка влијае или не влијае врз ефикасноста на менаџирањето со кризи.

Генералната хипотеза на истражувањето е: Улогата на регионална соработка значајно влијае врз менаџирањето на хуманитарните кризи и е предизвик за справување со предизвиците во Република Македонија. За да се реализираат предвидените цели и да се провери генералната хипотеза, применети се квалитативна анализа на примарни и секундарни извори и реализиран е анкетен прашалник со испитаници кои се поврзани со функционирањето на системот за менаџирање со кризи во Република Северна Македонија и во регионот на Западен Балкан. Со претходна писмена најава во центрите на управување со кризи на Република Македонија (ЦУК), Република Србија (УВС), Република Хрватска (ДУЗС), Република Албанија (ЕЦ) и на Република Косово (АМЕ), преку електронска форма (Гоогле Формс), проследени се анкетните прашалници кои се пополнети од страна на неколку претставници од овие служби, и тоа вкупно 141 испитаник од центрите за управување со кризи од Македонија, 22 испитаника од центрите во Албанија, 15 од центрите од Косово, 29 испитаници од центрите во Србија и 9 претставници од центрите во Хрватска, односно вкупно се анкетирани 216 претставници од центрите со управување со кризи од Македонија и регионот.

Во вториот дел, Управување и менаџирање со ризици, се констатира дека во безбедносната теорија не постојат општо прифатени ставови кои можат да ги дефинираат ризиците кои доведуваат до кризи, вклучително и конфликтите или хуманитарните кризи. Причините се бараат во објаснувањето што секој ризик не влијае исто за сите општества, а се резултат на повеќе фактори кои Кармент ги дефинира како „меѓузависни и динамични фактори”. Според ова, се констатира дека различни држави имаат различен степен на чувствителност на ризик. Во врска со тоа колку една држава е повеќе изложена на ризик во споредба со друга, треба да се имаат предвид некои од основните структурни карактеристики како што се: историското минато и присуство на вооружен конфликт; политичката стабилност и капацитет за ефикасно владеење; нивото на милитаризација; хетерогеност на населението и демографскиот стрес; индексот на хуман развој; влијанието врз природната околина; поврзаноста/членството во меѓународни и регионални организации. Во овој дел, генерално се анализирани теориските пристапи на различни автори во однос на дефинирањето на ризиците, кризите и кризниот менаџмент.

Третиот дел, Регионалната соработка и управувањето со кризи, пред сè ја анализира регионалната соработка помеѓу земјите од Западен Балкан во економска смисла, претставувајќи ја како инструмент за јакнење на бизнис-климата и привлекување странски и домашни директни инвестиции, а со тоа и решавање на проблемот со невработеноста и пораст на животниот стандард во регионот. Во трудот се констатира дека регионалната соработка во регионот се остварува преку пристапувањето на земјите кон потпишување договори, пред сè, за слободна трговија, односно создавање слободна трговска зона и ослободување од царина, понатаму, проекти за модернизација и либерализација на капацитетите за снабдување со електрична енергија и гас и нивно приспособување кон европските стандарди, проектите за модернизација на патната инфраструктура и модернизација на паневропските коридори, унапредувањето на животната средина, науката и технологијата, телекомуникациите итн. Оттука, се констатира дека широката соработка во други области неминовно мора да опфати и соработка во справување со хуманитарни кризи кои не познаваат регионални граници. Овој вид на соработка се реализира преку учество на Република Македонија во неколку регионални иницијативи*: Иницијатива за подготвеност и превенција од катастрофи за Југоисточна Европа (ДППИ СЕЕ); Совет за цивилно-воено планирање во вонредни ситуации за Југоисточна Европа (ЦМЕП СЕЕ);* Регионалната иницијатива за миграција, азил и бегалци (МАРРИ) и др. Досегашните искуства во ова поле на државно ниво покажуваат дека координацијата и брзото реципрочно информирање

за превенција на можните хуманитарните кризи се клучни за навремен регионален одговор на хуманитарните кризи. Координацијата е важна во сите фази на елементарните непогоди. Важноста од координација доаѓа до израз посебно во фазата на непосредна реакција, каде што е потребна ефикасната координација за да се минимизираат празнините, да се избегне дуплирање, помош и несоодветни интервенции, доцнења и препреки посебно во донесувањето одлуки. На крајот се констатира дека слабата координација носи незадоволителни одговори на елементарните непогоди и може да доведе до поголема ранливост на цивилното население.

Четвртиот дел, Системот за управување со кризи во Република Македонија, е анализа на нормативните документи кои ја регулираат сферата на менаџирањето со кризи. Во овој дел е анализирана улогата на Центарот за управување со криси и Дирекцијата за заштита и спасување, нивната поставеност и функционалност, улогата во кризниот менаџмент и регионалната соработка.

Петтиот дел го анализира Патот кон ЕУ И НАТО и придобивките од регионалната соработка врз управувањето со кризи во земјите од Западен Балкан. Кандидатот констатира дека овој регион и денес, како носечки столб на комуникацијата помеѓу Европа и Азија, е на удар на традиционалните и современите криминални појави и ризици (трговија со оружје, луѓе и дрога, присуство на терористички групи и екстремистички религиозни движења). Тој, исто така, констатира дека транснационалните криминални здруженија, кадровски и технички се подобро опремени од постојните државни безбедносни служби и ги користат недоволно уредената безбедносно-правна регулатива на земјите, слабата координација и недоволната ефикасност на правосудните и на безбедносните институции.

Во шестиот дел, Регионалната соработка и менаџирањето на кризи од призма на резултатите на истражувањето, се објаснува дека истражувањето е реализирано во периодот од октомври 2016 до април 2017 година. Спроведено е преку неколку етапи: подготовка на проект за истражување; изработка на истражувачки инструменти; теренско истражување – со анкетирање на суппримероците; подготовка на матрица за внес на податоци во СПСС-системот; внесување на добиените податоци во СПСС-системот, нивна обработка и потоа нивно документирање со соодветни квантитативни и квалитативни анализи; анализа и интерпретација на добиените резултати; извлекување заклучоци и препораки. Во истражувањето се опфатени подрачјето на територијата на Република Македонија, истражувајќи ги притоа состојбите кои се однесуваат на кризниот менаџмент, како и регионалната соработка на Република Македонија во таа област. Исто така, од надлежните во центрите за заштита и спасување во соседните држави, и тоа во Албанија, Србија, Хрватска и во Косово, се анкетираа одреден број на вработени во овие центри, сѐ со цел за да се добије појасна слика за улогата на регионалната соработка врз менаџирањето со кризи во Република Македонија и во регионот.

Од спроведеното истражување, кандидатот извлекува значајни сознанија за улогата на регионалната соработка врз менаџирањето со кризи и предизвиците за земјите во регионот и на Република Македонија.

## 2. Предмет на истражување

Предмет на истражување на докторскиот труд е анализа на системот за менаџирање со хуманитарни кризи во Република Македонија и можностите за негово унапредување врз основа на досегашната регионална соработка. Трудот, генерално, предметот на истражување го фокусира на теориската анализа на ризиците и кризите, пред сè од хуманитарен аспект; на искуствата од билатералната и регионалната

соработка од Западен Балкан и на досегашните искуства на Република Северна Македонија на овој план. Во ова истражување е опфатена и теоретска обработка на менаџирањето со хуманитарните кризи преку соодветното дефинирање и анализа на овој поим. Кризата во трудот се дефинира како ситуација која: се заканува на високо приоритетните цели поставени од органите за донесување на одлуки; го намалува расположливото време за одговор пред да се донесе одлука; ги изненадува органите за донесување на одлуки со самото појавување на криза. Во Законот за управување со кризи на Република Македонија е наведено дека криза е појава со која се загрозени основните вредности, трајните и виталните интереси и цели на државата, односно се загрозени уставниот поредок и безбедноста на Република Македонија.

Посебно внимание во трудот е посветено на превенцијата од хуманитарните кризи, како еден ефикасен механизам за нивно соодветно менаџирање. Во докторскиот труд се анализираат и системите за менаџирање со хуманитарните кризи на земјите од регионот, а исто така се презентираат стандарди и механизми кои се практикуваат од меѓународни субјекти како што се НАТО и ЕУ. Во докторскиот труд се анализирани нивото на ефикасност и уредување на системот на менаџирање со кризи на соседните балкански земји како Албанија, Србија, Косово и Хрватска.

## 3. Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата

Во докторскиот труд се тргнува од безбедносната теорија во која не постојат општо прифатени ставови кои можат да ги дефинираат ризиците кои доведуваат до конфликти и кризи. Причината за тоа е што секој ризик не влијае исто за сите општества, туку е резултат на повеќе фактори кои Кармент ги дефинира како „меѓузависни и динамични фактори”. Според ова, различни држави имаат различен степен на ранливост на ризици кои можат да предизвикаат хуманитарни кризи.

При анализата на проблемот на истражување, кандидатот се потпира на теориската рамка на безбедносните студии. Тој ги користи теориските елементи на Робертсон, според кој кризата може да биде разбрана како национална или како меѓународна состојба во која има третирање на примарни вреднувани интереси или цели на страните што се инволвирани. Според Малешиќ, кризата претставува состојба во која се загрозени темелните вредности и норми на субјектот кон кој е насочена кризата. Кризата, според Сигер, Селноу и Улмер, има четири карактеристики преку кои таа може да се дефинира, и тоа специфични, неочекувани и нерутински настани или серија на настани кои создаваат високи нивоа на несигурност и закана на приоритетните цели на секоја држава. Тие препознаваат во првите три карактеристики дека овој настан претставува: неочекуван, односно изненадувачки; секогаш создава несигурност; се гледа како на закана по приоритетните цели.

Според претходното, во пошироките научни кругови е прифатено мислењето дека кризата едноставно е реалност, како што тврдат Бовенс (1996), Тхомпсон (2000), Гаррард (2006), и дека таа може да се случи насекаде и во секое време.

Понатаму, докторскиот труд се потпира на кризниот менаџмент кој претставува нов безбедносен концепт и поинаков приод во процесот на справувањето со новите безбедносни предизвици. Имајќи ја предвид состојбата на целосно различната природа на ризиците со кои денес сè почесто се соочуваат државите, кризниот менаџмент во најголем број современи општества се заснова врз принципите што ги имаат усвоено колективните безбедносни системи. Заради вака комплексната глобална состојба, кризниот менаџмент се најде многу високо во безбедносните агенди на ООН, ЕУ и НАТО. Оттука, застапени за анализи за пристапот и на регионалните безбедносни организации за менаџирање на кризи.

Исто така, и Република Северна Македонија, настојувајќи да се одржи во чекор со нив, ги презема сите потребни мерки за имплемантација на кризниот менаџмент

во спроведувањето на политиките за превенција и намалување на ризиците од несреќи и обезбедување на услови за мирен и безбеден просперитет на своите граѓани. Во последно време, во Република Македонија, од аспект на менаџирањето со кризи е забележан еден значаен напредок. Ова сфера е значајно авансирана, а исто така и збогатена со значајна литература на македонски, но и други регионални јазици. Скоро иста проблематика со нашата тема може да се најдат во книгата на професорот Александар Дончев, „Кризен менаџмент”. Во оваа книга, Дончев дава еден значаен приказ на клучните поими и концепти кои се поврзани со безбедноста и кризниот менаџмент, влијанието на технологијата и новите безбедносни предизвици, фазите на заканите и нивната анализа. Во оваа книга, исто така, е претставена една јасна слика за регионалните безбедносни системи и системи на кризниот менаџмент во Балканот и пошироко. Како дополнување, во докторскиот труд ќе се прави анализа и компарација на системите на неколкуте земји од регионот (како на пр. Албанија, Хрватска, Косово, Србија итн.).

Друга значајна книга од овој аспект е „Менаџирањето со ризици” од проф. д-р Лидија Георгиева. Георгиева, во оваа книга, исто така ги анализира ризиците и заканите, како и нивното соодветно менаџирање со цел да не се дојде до насилни конфликти. Во книгата на професорката Георгиева, исто така се прикажани и безбедносните фактори и безбедносното опкружување на Република Северна Македонија.

Подетална анализа во ова поле за менцирањето со кризи, хуманата безбедност и хуманите кризи може да се најде во делата на проф. д-р Марина Митревска, „Кризен менаџмент”, „Концепт за хумана безбедност”, „Човекова безбедност во 21 век” и ред многу други дела и записи од богатиот опус на д-р Марина Митревска, посебно во ова специфично истражувачко поле на управувањето со кризи и хумана безбедност.

## 4. Краток опис на резултатите од истражувањето

Квантитативната и квалитативната анализа на истражувањето укажуваат на следните заклучни сознанија:

Постои статистичка значајна разлика помеѓу групирањата на ставот за влијанието на регионалната соработка врз управувањето и менаџирањето со кризи според држава. Според тоа, може да заклучиме дека земјите во регионот, како и Република Македонија, се разликуваат во начинот на постапување и концептирање на природата на менаџирање со кризи поради многу фактори и сегменти кои се од геостратешки или социо- економски области, а и од друга страна, некомпатибилноста на законските рамки на државите во регионот со европските стандарди кои се во тек на реформирање и усогласување, така и Македонија.

Ставот на анкетираните во Македонија и Србија се разликува со помала вредност (имаат неутрално и негативно мислење), во споредба со ставот на анкетираните со поголема вредност во Албанија, Косово и Хрватска (имаат помалку неутрално и позитивно мислење), интересен, но и очекуван заклучок каде што може да наведеме дека освен офоцијалните меморандуми помеѓу овие земји исто така поради случувањата во 90-тите години има една блага и тивка наклонетост и групирање според позициите на овие земји во војните во 90-тите години од поранешната Југославија, што значи дека вработените во институциите за менаџирање со кризи во овие земји покажуваат резервираност наспроти официјалните соработки кои се неопходни за превенција и контрола на кризи во балканскиот регион. Така, и по самите декларации на владите на овие држави дека се спремни за секакви соработки во овој сегмент, сепак, видно е и се чувствува дека има некое групирање помеѓу овие земји според случувањата од минатото и многу работи остануваат само декларативно на хартија за да се одржи европскиот тек на овие соседни држави. Поради статусот на Косово, гледано од страна на Србија, и во

сегментот на регионалната соработка врз менаџирањето на кризи се групираат државите како Албанија и Косово кои на одреден начин штитат свои интереси во ова поле или се надоместува празнината што Косово ја има од „блокадата” на Србија; од друга страна, Хрватска се позиционира проевропски сакајќи да наметне статус на контролор на оваа потенцијална соработка, а, пак, Македонија е порезервирана во овие структурирања и групирања покажувајќи спремност за фер и реална соработка во овој сегмент само за да ги подобри можностите на патот кон ЕУ и НАТО.

33,6 % од вкупно 216 испитаници мислат дека системот за менаџирање на кризи е добро поставен во земјата, наспроти 34,5 % кои мислат дека оваа поставеност не е добра и квалитетна и 31,9 % кои мислат дека има делумно добра поставеност, каде што има уште простор и содржина да се регулира. Овој пропорционално поделен став на вработените и стручните лица во овие центри укажува на тоа дека системите имаат потреба од усовршување и надградби и оваа поделеност на ставовите се поткрепува и со влијанието на актуелната мигрантска криза која во одредени моменти знаеше и да ескалира поради неадекватното системско решение дали со нелегалните превози или затајување на граничните контроли на службите во кои мигрантите се упатуваа и кои и ден-денес се сериозен проблем на границите помеѓу балканските земји. Тука, имајќи ја предвид успешноста и ефикасноста на системите за менаџирање со кризи во Европа, рационалноста на активностите и динамиките поврзани со менаџирање со кризи во европските земји, како и дигитализирањето и модернизираноста на самите механизми и служби во овие земји предводени од докажани професионалци, анкетираните во ова истражување, како експерти и професионалци во менаџирањето со кризи во Македонија и во соседните земји, се свесни за ефикасноста на европските системи во менаџирањето со кризи, и според нивните искуства во овие региони додаваат дека само европските стандарди можат да воспостават ефикасен кризен менаџмент, но вреди да се напомене фактот дека испитаниците во Хрватска имаат поголем процент на позитивен став за нивниот кризен менаџмент наспроти во другите балкански земји.

34,8 % мислат дека регионалната соработка нема влијание на менаџирањето и управувањето на системот за кризи, наспроти 33 % кои мислат дека има делумно влијание и 32,3 % кои мислат дека има прилично добро влијание. Исто така, очекувана пропорција на ставовите комплементарно на горенаведените ставови, нормално и по сите меморандуми, соработки, заеднички превентивни акции и контроли, заеднички конференции и семинари, и други заеднички активности, сепак и после тоа има пропусти и слабости во менаџирањето на кризите и пример за оваа слобост е и актуелната мигрантска криза. Иако регионалната соработка трае уште од поодамна со самото осамостојување на овие соседни држави, сепак искуствата со војните во 90-тите, во 1999, во немирите во Македонија во 2001, мигрантската криза од 2015, неколкуте природни непогоди во овие години, укажуваат на добри регионални соработни искуства, но недоволни, според испитаниците, поради недостиг на спремност во модернизација и ажурност на професионалци. Во вакви ситуации секогаш нешто ни недостасува и мораме да се свртиме кон помош од европските земји и пошироко.

Постои статистичка значајана разлика на ставот за влијанието на регионалната соработка врз системот за управување со кризи според нивото на образование на анкетираните, и тоа анкетираните со највисоко образовно ниво (магистри и доктори) имат различен став (дека малку е влијанието на регионалната соработка врз системот за управување со кризи), наспроти другите анкетирани со други нивоа на образование, каде што се истакнува попозитивен став за влијанието на регионалната соработка врз системот за управување со кризи (анкетираните со средно образование имаат најпозитивен став). Очигледно, стручните лица инволвирани во оваа проблематика кои поседуваат суштински информации и искуства покажуваат понегативен став за влијанието на регионалната соработка имајќи ги предвид фактот и реалноста дека регионалната соработка во овој сегмент е сложена материја и од аспект на природата на самата криза, но и од аспект на

системските политички разлики во самите држави во регионот. Оттука произлегува дека самиот концепт на менаџирање со кризи е сложена, обемна, комплексна и многу динамична материја која треба да се заснова врз многу јаки и стабилни законски и подзаконски акти кои ќе бидат комплементарни кон европските и НАТО-стандарди, кои, очигледно, се поразбирливи за овие испитаници кои имаат повеќе знаење и професионалност, како во ова истражување, каде што испитанците магистри и доктори во ова поле укажуваат на тоа дека регионалната соработка со овие законски контури и технички капацитети не е ефикасна во справувањето со кризите и заканите во регионот.

Анкетираните од старосна група 41-50 имаат најпозитивен став за влијанието на регионалната соработка врз системот за управување со кризи наспроти другите групи по старост кои имаат понеутрален став за влијанието на регионалната соработка врз системот за управување со кризи (анкетиранте од старосна група од до 30 години се песимистички наклонети кон ставот за влијанието на регионалната соработка врз системот за управување со кризи). Како и што се очекуваше дека помлада генерација од испитаниците во овие земји анкетрани за кризниот менаџмент, наведувајќи се од историски предрасуди и стереотипи кои и до ден-денес се дел од начинот на живеење во овие соседни држави до одредена мера се негативно наклонети кон овие регионални соработки врз менаџирање со кризи, не наведувајќи ја неопходноста на соработките поради геостратешки и геопотилички интереси на самите држави во ова истражување.

Анкетираните во позиција на директори имаат најпозитивно мислење за влијанието на регионалната соработка врз системот за управување со кризи наспроти другите анкетирани од другите работни позиции каде што најниско со најнегативен став за влијанието на регионалната соработка врз системот за управување со кризи котираат анкетираните во работните позиции соработник и раководител. Овој заклучок е очекуван од субјективни причини знаејќи го фактот на одбрана на своите директорски позиции и нивниот социјален статус.

## 5. Оцена на трудот

Докторската дисертација УЛОГАТА НА РЕГИОНАЛНАТА СОРАБОТКА ВРЗ МЕНАЏИРАЊЕТО НА КРИЗИ И ПРЕДИЗВИЦИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА претставува научна анализа на улогата на регионалната соработка врз менаџирањето со кризи во Република Северна Македонија и регионот на Западен Балкан. Станува збор за квалитативно истражување на еден процес, кој и на национално и на регионално ниво се соочува со различни предизвици, а државите располагаат со ограничени капацитети. Во таа насока, кандидатот прави компаративна анализа на соработката на Република Северна Македонија со државите од регионот и ги утврдува слабостите и предностите во однос на билатералната соработка, но и соработката со регионалните организации.

Покрај квалитативна анализа на концептите за менаџирање кризи, хуманитарна криза и регионална соработка, од која произлегува заклучокот дека се потребни дополнителни активности и координација за поефикасна соработка, кандидатот спроведе и анкетен прашалник со испитаници од државата и регионот и за одредени прашања издвои соодветни заклучоци кои се табеларно и графички прикажани и објаснети.

## 6. Заклучок и предлог

По исцрпната анализа на текстот на докторската дисертација на кандидатот м-р Есад Елези со наслов: УЛОГАТА НА РЕГИОНАЛНАТА СОРАБОТКА ВРЗ МЕНАЏИРАЊЕТО НА КРИЗИ И ПРЕДИЗВИЦИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, Комисијата оцени дека докторскиот труд е сеопфатна анализа на концептот на регионална соработка во менаџирањето со кризи и на влијанието на овој процес врз Република Македонија. Кандидатот користи актуелни и бројни примарни и секундарни извори, богата библиографија, а текстот го поткрепил и со значаен број на референци. Докторскиот труд е концизен и јасен, а заклучоците се базирани на логична анализа и аргументи. Од теоретски аспект, докторскиот труд е заснован на теоријата за меѓународни безбедносни студии преку критичка анализа на соодветни документи и практика на институциите. Во истражувањето е реализиран и анкетен прашалник со над 200 испитаници од државата и од регионот, и се констатирани соодветни заклучоци и препораки.

Врз основа на севкупната анализа и оцена на докторскиот труд, Комисијата смета дека тој ги исполнува критериумите и стандардите на солидно изработена докторска дисертација во согласност со актите на УКИМ и Филозофскиот факултет. Затоа, Комисијата со задоволство му препорачува на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет да ја прифати позитивната рецензија и да овозможи јавна одбрана на докторскиот труд.

**Комисија**

**Проф. д-р Лидија Георгиева, (претседател), с.р.**
**Проф. д-р Марина Митревска (ментор), с.р.**
**Проф. д-р Трајан Гоцевски, с.р.**
**Проф. д-р Зорица Салтировска, с.р.**
**Проф. д-р Кебир Авзи, с.р.**

# П Р Е Г Л Е Д
## НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ ТРУДОВИ ВО ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ-СКОПЈЕ

| *Ред. бр.* | *Име на кандидатот* | *Наслов на темата* | *Ментор* | *Одлука од Научен совет* |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Панче Станков | „Влијанието на станскиот капитал врз банкарскиот сектор во Република Северна Македонија“.<br><br>„Impact of foreign capital in the banking sector in Republic of Macedonia and its effects to Systemically valuable banks-Case Study“. | Д-р Биљана Ангелова | 02-1061/2 од 24.12.2020 |
| 2. | Загорка Миташева | „Претприемничко образование-движечка сила за иновирање во наставата, економски раст и напредно општество“.<br><br>„Enterpreneurial Education – a driving force for innovation in the teaching, economic growth and advance society“. | Д-р Зоран Јаневски | 02-1117/2 од 24.12.2020 |
| 3. | Драган Гонев | „Енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија-можности и предизвици за банкарскиот сектор“.<br><br>„Energy efficiency and renewable energy sources - opportunities and challenges for the banking sector“. | Д-р Биљана Ангелова | 02-1145/2 од 24.12.2020 |
| 4. | Марко Поповски | „Одговорот на банкарскиот сектор во насока на одржување на стабилноста на банките и анализа на перформансите на банките како последица од ковид кризата“.<br><br>„The response of banking sector in order to maintain stability of the banks and analysis of banks performances as a result of covid-19 crisis “. | Д-р Биљана Ангелова | 02-1146/2 од 24.12.2020 |

***Прилог бр. 5***

# П Р Е Г Л Е Д

## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ-СКОПЈЕ

### 2. Докторски трудови

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | М-р Гентијана Гега | Можности за воспоставување и јакнење на социјалната економија во земјите од Западен Балкан. | Opportunities for establishing and fostering the social economy in Western Balkan countries. | Проф. д-р Снежана Костадиноска-Милошеска | 09-1043/3 од 24.12.2020 |
| 2. | М-р Дарио Гечевски | Влијание на дигиталните иновации и финансиските технологии врз бизнис моделите. | Impact of the digital innovation and financial technologies to the business models. | Проф. д-р Климентина Попоска | 09-1073/2 од 24.12.2020 |